**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- Скопје**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

**ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО**

**МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

Магистерски труд

# Организација на едукативен центар во Музејот на холокауст во Скопје

Ментор:
Проф. д-р Сузана Миовска - Спасева

Кандидат:
Жаклина Мучева
Бр.индекс 2679/08

Скопје, август, 2013

„Сите жртви не биле Евреи,
но сите Евреи биле жртви„
Elie Wiesel

СОДРЖИНА

ПРВ ДЕЛ: ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Вовед....................................................................................5
1. Историски развој на холокаустот.....................................................9
1.1 Што е тоа холокауст.........................................................................9
1.2 Светот на прагот на Втората светска војна...............................10
1.3 Антисемитизмот пред Втората светска војна.............................11
1.4 Нацистичка политика кон Евреите..............................................12
1.5 Депортација во логорите на смртта...........................................14
1.6 Еврејскиот народ по холокаустот................................................16
1.7 Евреите во Македонија пред Втората светска војна..................16
1.8 Депортација и ликвидација на Евреите од Македонија.............17
1.9 Македонските Евреи по ослободувањето.....................................20
2. Холокаустот и образованието........................................................22
2.1 Антисемитизмот како повод за изучување на холокаустот........22
2.2 Модерен антисемитизам...............................................................23
2.3 Меѓународни организации и воведување на холокаустот во образовните програми ................................................................26
3. Меѓународни законски регулативи за одбележување на холокаустот............31
4. Денови на сеќавање на холокаустот во меѓународни рамки...........................33
5. Холокаустот во наставата – потреба за изучување на холокауст......................37
5.1 Насоки за наставниците за предавање на темата холокауст.......................39
5.2 Цели на наставата за холокауст.....................................................49
5.3 Израелски искуства........................................................................52
5.4 Македонија и образование за холокауст.......................................56
6. Музејот и неговата едукативна функција.......................................59
6.1 Задачи на музејот како едукатор..................................................60
6.2 Воспитно – образовни можности на музејот................................61
6.3 Кој е музејскиот педагог и неговите задачи.................................62
6.4 Стратешки план..............................................................................65

ВТОР ДЕЛ : МЕТОДОЛОШКИ КОМПОНЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражување....67

2. Цели и карактер....67

3. Задачи....67

4. Истражувачки прашања....68

5. Методи, техники и инструменти на истражување....68

6. Популација и примерок....69

7. Обработка на податоци....70

8.Организација и тек на истражувањето....71

ТРЕТ ДЕЛ: АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Интерпретација на добиените резултати од спроведеното интервју со наставниците....72

2. Анализа на едукативните центри во Јерусалим и Берлин....83

2.1 Меморијален центар „Јад Вашем“....84

2.1.1 Меѓународно школо на холокауст - „Јад Вашем“....86

А. Едукативни материјали во Меѓународно школо за холокауст....87

Б.Он - лајн курсеви....91

В.Сектор за меѓународни семинари....91

Г. Педагошки и ресурсен центар....93

Д. Е- Билтен за холокауст едукатори....94

Ѓ. Меѓународни проекти и партнерства....94

Е. Меѓународни конференции....95

Ж. Каталог на меѓународни материјали....95

З. Центар за обука....95

2.2 Еврејски музеј во Берлин....97

2.2.1.Образовни програми....99

2.2.2.Рафаел Рот центар....101

2.2.3 Он – лајн едукативна понуда на Еврејскиот музеј во ерлин....102

3. Меморијалниот центар на Евреите од Македонија и улогата на едукативниот центар.........104
3.1. Цели задачи на фондот на холокауст.........106
3.2. Цели и активности на Меморијалниот центар.........108
3.3.Организациска поставеност на Меморијалниот центар.........110
3.4. Музејски едукативен материјал.........113
3.5. Организација на едукативниот центар во меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија .........115
ЧЕТВРТИ ДЕЛ: ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА
1. Заклучоци и сознанија од истражувањето.........121
2. Користена литература.........129
3. Прилози.........134

# ПРВ ДЕЛ
# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## Вовед

Многувековната човечка историја, која е полна со меѓусебни судири и војни, сепак не познава такво масовно злосторство, какво што се случи во Европа во средината на 20 век. Злосторството смислено во мрачните умови на Хитлеровите нацисти, а раководено од омраза кон еден народ, кој во својата многувековна страдалничка историја, распрснат во сите земји на Европа, далеку од својата прататковина, знаеше само да дава и даде умови во културата, филозофијата, научната, економската и уметничката историја на Европа и светот. Холокауст, термин извлечен од религиозниот речник, денес ја означува страотната трагедија, всушност кулминација на страдањата на вечно прогонуваниот еврејски народ. Против 8-те милиони Евреи колку што ги имало во Европа во 1939 година, покренат е огромен апарат, монструозна организација и средства, од депортација до гасни комори и крематориуми. Убиени се 6 милиони Евреи од кои 1,5 милиони деца. Други 6 милиони - славјани, роми, антинацисти ги изгубија своите животи во концентрационите логори на фашистичка Германија.

Злодухот на нетолеранцијата во најразлични форми на расен, верски и националистички фанатизам и натаму се шири низ светот. Носители на колективната расна , верска и националистичка нетолеранција, а тука мислам и на антисемитизмот, се одредени кругови на интелигенцијата, научните работници , писатели, новинари...Нивното влијание врз формирањето на свеста кај луѓето е огромно и несомнено. Основниот проблем, ослободувањето од предрасудите и фанатизмот, формирањето на новиот човек, е проблем кој треба неодложно, упорно и радикално да се решава со сите средства и долгорочно. Пред современото општество се поставува прашањето: што да се прави?

Одговорот на ова прашање го дава интернационалниот форум за холокауст, одржан во јануари 2000 година во Стокхолм- ЕДУКАЦИЈА. Висока државна делегација од Македонија присуствуваше на овој форум на кој беше усвоена заедничка декларација од која цитирам делови:

„Ние високите претставници на влади, на меѓународниот форум на холокаустот изјавуваме дека:

-Холокаустот во основа ги растресе темелите на цивилизацијата....И по половина век, холкаустот ќе остане како настан кој е временски блиску за да можат преживеаните уште да сведочат за стравотиите кои го проголтале еврејскиот народ....Меѓународната заедница превзема свесна одговорност да се бори против ова зло во светот кој и понатаму е со бројни рани поради геноцидот, етничкото чистење, расизам , антисемитизам и ксенофобија.... Ветуваме дека ќе ги насочиме сите наши напори да го помогнеме и унапредиме образованието, сеќавањата и истражувањата за холокаустот....”[1]

Во октомври 2002 година , министрите за образование , членки на Европскиот Совет донесоа резолуција со која се утврдува Ден за сеќавање на холокаустот во сите училишта во земјите членки. Во 2005 та, ОН на шеесетата пленарна седница на Генералното Собрание ја усвоиа резолуцијата за спомен на холокаустот. ООН го одреди 27 јануари како Светски ден за комеморативно сеќавање на жртвите од холокаустот. Деведесет земји од светот го ставија својот потпис, а меѓу нив и Македонија, со што се постави визија на едно ново време, современо и модерно, во кое демократијата, толеранцијата и мирот ќе бидат основните постулати на светското политичко дејствување , но и обврска за едукација на генерациите.

Идејата да се изгради меморијален центар на холокаустот на просторот на некогашното еврејското маало има за цел не само да им се оддаде почит на шесте милиони Евреи од цела Европа и на 7200 македонски Евреи кои завршија во гасните комори и крематориуми на нацистичките Германија. Туку, со работењето на едукативниот центар ,меморијалниот музеј ќе има подолготрајна мисија - презентирање, едуцирање и истражувања поврзани со мултиетничките општества за елиминирање на опасностите од секаков вид нетрпеливост, шовинизам , антисемитизам, во име на градење општество во кое етничката и верска разноликост се цивилизациско богатство и основа за развој. Постоењето на едукативен центар во рамките на меморијалниот центар е неминовност не само како структурна единица на институцијата, тоа е обврска на државата кон идните генерации, задача на еврејската заедница во РМ за да се укаже почит кон исчезнатите и

[1] http://www.preventgenocide.org/prevent/conferences/StockholmDeclaration28Jan2004.htm

оставање на аманет од преживеаните. Како што вели преживеаниот почитуван член на еврејската заедница г-дин Мориц Романо: „Музејот крај мостот ќе биде сведок за отпорот на овие простори, против сите погроми, прогони и војни, против нови холокаусти и злосторства".[2]

[2] Шумковски,М.(2005), *Одгласи во времето*, Скопје : Медиана, стр.61

# 1.Историски развој на холокаустот

## 1.1 Што е тоа холокауст

Зборот холокауст води потекло од од грчките зборови holos - цел, потполн, сиот и calstos – изгорен) и со нив кај Старите Грци се означувала жртвата. Кај Грците и Римјаните претставувал жртва која им се принесувала на боговите или на умрените и тоа со запалување, бидејќи во тоа време жртвата била во центарот на поголемиот број ритуали на боговите и луѓето. Стравот од убивањето на живо битие можел да се надмине само со обраќање кон боговите, и дури по искажаната согласност од боговите, жртвата можела да биде принесена.Од грчкиот јазик, зборот *холокауст* дошол во латинскиот.Во Библијата тој збор се употребувал за да ја означи жртвата изгорена на клада.

Во современото значење, холокаустот означува геноцид, односно масовни убиства врз европските Евреи, што ги извршиле германските нацисти и нивните слуги. Во таа смисла, зборот *холокауст* прв го употребил Ели Визел во шеесетите години во САД. Во Германија овој збор се одомаќинил во осумдесетите години благодарејќи и на истоимената американска серија.

Денес овој збор е општоприфатен во светот со значење- погром и прогон на Евреите за време на германскиот нацизам. Овој термин го прифатила и историската наука. Пред тоа се користел зборот геноцид што прв го употребил Рафаел Лемкин.[3]

Во Израел денес се употребува зборот shoa , што значи катастрофа , пропаст.

Истражувачот Аксел Бајн [4] смета дека зборот *холокауст* не е примерен, бидејќи станува збор за брутални злодела, а не за свето жртвување, ниту за ненадејна пропаст поради искупување на гревовите.

Аналогно на сето ова може да се констатира дека зборот *холокауст* е од поново време, па не може да се сретне во Лексиконот на странски зборови и изрази на Милан Вујаклија, издание на „Просвета" - Београд, 1966год. Холокауст како израз не може да се

---

[3] http://www.jewishencyclopedia.com/articles/12984-sacrifice

[4] http://www.jewishencyclopedia.com/articles/12984-sacrifice

пронајде ниту во Малата енциклопедија „Просвета"- Београд (2 издание 1974 година), како ни во Новата енциклопедија во боја – Вук Караџиќ – Ларус (Белград,1978 година)

## 1.2 Светот на прагот на Втора светска војна

Дали Втората светска војна произлезе од природата на човекот, неговите слабости и неспособности да ги разрешува конфликтите, логички да ги надминува проблемите и да ги стави во рамнотежа себичните човечки нагони и алчности? Или пак можеби причините треба да ги бараме во нерамномерното распределување на материјалните добра достапни за човештвото, кои доведуваат до економски кризи и растот на радикалните политички движења. Постои ли правило дека мора да избие војна во секоја генерација и да уништи се што е создадено со многу труд и вложување на огромна духовна енергија. Каде се прави грешка, кој е виновен?

Светот пред Втората светска војна беше распнат меѓу две екстремни идеологии кои манифестираа голема енергија и разбудија надеж кај многумина. Наспроти нив, сликата на старите демократии беа владите чија моќ бележи пад и тие не можеа да се фатат во костец со економските кризи кои го тресеа светот. Во такви услови комунизмот ја нагласуваше еднаквоста на сите луѓе и потребата да се бараат решенија на проблемите кои го засегаат целото човештво. Фашизмот пак, ги истакнуваше посебните карактеристика на одредени, расно супериорни нации, на кои им припаѓаат посебни привилегии. Од тука фашизмот пропагираше единство на нацијата, воено јакнење и територијална експанзија, по која било цена, вклучувајќи и војна.

На почетокот на својата политичка кариера Хитлер изјавуваше дека срамниот Версајски договор треба да се искине и на германскиот народ да му се вратат државите и земјите кои му припаѓале од памтивек. Нацизмот бараше одреден „животен простор" за германскиот народ. Тоа значеше експанзија кон источните граници на Германија, каде живееа „инфериорните" словенски народи и уништување на „марксистичко - еврејскиот болшевизам. Хитлер не ги криеше своите идеи од оние кои му беа блиски, тој имаше свое сценарио на случувања.

Се поставува прашањето зошто европските земји на време не застанаа против опасноста која се најавуваше од страна на нацистичката германска политика под водство

на Хитлер? Историчарите велат дека е тешко да се даде единствен одговор на ова прашање , но во основа на се лежат лажните изјави на Хитлер. Тој од јавноста, светот, ги криел вистинските планови , зборувајќи за мир, подготвеност за потпишување мировни договори, гарантирајќи заштита и безбедност на сите граници и договор за ненапаѓање и пријателство со кого било. Но, светот го протресе војна. Хитлер го покажа вистинското лице. Ја нападна Полска и го означи почетокот на Втората светска војна.

### 1.3 Антисемитизмот пред Втората светска војна

Омразата кон Евреите постоела одамна, а аргументите за омразата произлегуваат од разни побуди:, верски, економски, социјални, културни и национални.Во периодот на просветителството, движењата кои го намалиле влијанието на религијата и желбата општествениот систем да се заснива на рационални основи ги пробиле границите на гетата. Евреите се вклучиле во тековите на општественото живеење и се чинело дека се создале услови за нивна целосна интеграција. Народите со кои живееле како да биле подготвени да ги прифатат како сограѓани со еднакви права и обврски. Се чинело дека Евреите можат да излезат од културната изолација за да ја стекнат својата граѓанска рамноправност. Омразата кон Евреите не само што не исчезнала, напротив таа пораснала , попримајќи несфатливи размери.

Кога зборуваме за антисемитизмот не смееме да го изоставиме гледиштето на расната дискриминација која се темели на нацистичката формула за постојаната борба меѓу расите, каде еврејската е преставена како вечно непријателска и бескомпромисна спрема ариевската раса. Еврејската раса е апсолутен непријател на ариевската - чиста раса, еврејската го расипува човечкиот род, таа е античовечка раса. Ваквиот став големиот лидер го забележува во својата Тајна книга:

*На Евреите им недостасува креативна сила поради што не можат да создадат сопствена држава, па како база за опстанок им е потребна продуктивноста на другите народи, меѓу кои живеат како паразити. Нивната крајна цел е борба во која би ги покориле вредните народи да работат за нив...Нивното оружје е карактеристично: интелигенција, мудрост, сплетки, итрина и преправање. Сите тие итрини Евреите ги*

*користат во борбата за опстанок, како што другите народи тоа го користат во битки...(Хитлер, Мајн кампф)*[5]

Така омразата кон Евреите достигнала висок степен. Тие се сметале како расно непожелни суштества, кои претставувле опасност со самото свое постоење. Тие биле суштества кои ја загрозувале ариевската раса, нивните бактерии ја расипувале чистотата на ариевска раса.

### 1.4 Нацистичка политика кон Евреите

Нацистите доаѓаат на власт во време кога економската криза почнува да попушта. Успешно го започнуваат производството на воени производи,со што во јавноста е создадена слика на оживување на економијата. Масите биле особено импресионирани од успешната надвиорешна политика на Германија која се потпирла на „смирување'' на ситуацијата. Дрските потези,агресивниот и енергичен тон кој Хитлер го наметнувал во надворешната политика,биле лек за повредената национална гордост. Германскиот народ во нацизмот видел остварување на сонот на многу генерации. Обожувањето на Хитлер, Фирерот, го покажувале и во меѓусобното поздравување со неговото име - „Хајл Хитлер". Го почитувале и слепо верувале во неговите способности,мудроста,безгрешноста,за нив тоа биле дури натчовечки способности. Благодарение на почетните успеси на нацистите, овој култ растел со почетокот на војната и првите,запрепастувачки војни победи на Третиот рајх.А на чело на пропагандната машинерија на Третиот рајх,бил Јозеф Гебелс, способен организатор и демагог,кој медиумите и културата ги насочувал кон систематско и интензивно перење на мозокот.

Нацистите на 1април 1933 објавиле бојкот кон еврејската трговија и бизнис. Тоа официјално не е правено во име на владата ,туку преку партијата. Истата година стапил на сила Законот за реорганизација на професионалната јавна администарција,во кој меѓу другото стоело дека службениците кои не се со ариевско потекло ќе бидат пензионирани, а оние кои се наоѓаат на видни места ќе бидат сменети од функцијата. Следниот месец на

[5] Гутман,Ј. и Шацкер,Х.(2010),*Холокауст и његово значење*,Београд:Завод за уџбенике,стр.48

многу градски плоштади биле спалувани книги од еврејски автори.Омразата кон Евреите, навлегувала во сите пори на општественото живеење. Расистичката машинерија ги пропагирала принципите на расна теорија во сите училишта, младински здруженија како и на многу јавни предавања за возрасни.

*…Евреинот е мелез. Тој поседува наследни особини на Ариевците, Азијатите , црнците и Монголите. ..Единствена добра работа која ја имаат е белата боја на кожата. Но мелезите се сатани.Тие имаат сатански законик – Талмуд. Евреите во нас гледаат животни и така се однесуваат. Вешто ни ги одземаат парите и имотот…Тие поттикнуваат бунтови и војни. Во Германија ја финансираа Комунистичката партија и ги потплатуваа убицитe.Бевме на работ на амбисот.А тогаш дојде Адолф Хитлер. Сега Евреите зборуваат против нас во други земји. Ние не сме глупави, ќе го следиме нашиот Фирер. Хајл Хитлер!*

(Ова го напишала Ерна Листинг – девојче од Гелзенкирхен, Освалдова улица, бр 8, објавено во Штирмер,антисемитски неделник )[6]

Донесени биле голем број антиеврејски закони, а со партиска подршка, нацистите ги одобриле и Нинбершките закони(септември 1935г.) Со тие закони на Евреите им се укинале граѓанските и политички права. Овие закони го претвориле нацистичкиот расизам во државен закон кој низ годините станал основа за многу други антиеврејски уредби. Во 1938 година нацистите почнале да ги ограбуваат еврејските имоти, задолжително било носењето на буквата,, Ј" и давидовата звезда, пристапот на јавни места им бил забранет.Се случила и познатата Кристална ноќ, биле палени синагогите, а по неа биле приведени 2000 Евреи низ цела Германија. По Кристалната ноќ, Евреите барале да се иселат од Германија. Иако бројот растел , Германија ги затворила границите. Шансите за излез од земјата биле мали. Угнетувањето растело, систематски биле понижувани и мачени. Групирани во одделни делови од градовите- гета, живееле мизерно.

[6] Гутман, Ј. и Шацкер, Х. (2010), *Холокауст и његово значење*, Београд: Завод за уџбенике,стр.56

### 2.5 Депортација во логорите на смртта

Во нацистичките извештаи за „болните операции" податоците се пишувале сувопарно, со војнички јазик, а убивањето на мажите, жените, старите и децата и болните, нарекувано е „ликвидација". Во првата фаза ликвидирани се 135567 луѓе, во втората 45426, а вкупно од самиот почеток на „болната операција" убиени се милион Евреи. Бидејќи масовното стрелање на Евреите, станало„вознемирувачко" како за околното население, така и за извршителите – убијци, лидерите на СС трупите дошле на идеја убиствата да ги прават во гасни камиони. Овој систем на убивање го користеле од 1939 до 1941 година за еутаназија на ментално болни луѓе, а од 1941 и за убивање на Евреи.
Пролетта 1942 година почнал трансферот на Евреи од централна Полска во логорот на смртта во обласста Лублина. Подоцна Евреите од западна и југоисточна Европа биле префрлени во логорите Белзец, Треблинка, во Собибор и Мајданек и во Аушвиц-Биркенау.Жртвите на транспортот не знаеле каде се носени. Мислеле дека одат во работни логори на Исток. Повеќето од нив биле убиени во гасни комори при самото доаѓање во концентрационите логори.

*"Низ дупките на бараките гледавме како пристигнуваат композиции полни со Евреи.Во дворот ги пречекуваа со оркестарска музика, а потоа следеше селекција,тетовирање и соблекување до гола кожа. Ги носеа во божемните бањи каде добиваа сапуни и им пуштаа отровен гас и сите за десет минути беа задушени,потоа ги носеа во крематориумот,од каде се гледаа високи пламени. Од пепелта правеа сапуни.Тоа беа вистински фабрики на смртта,каде што процесот продолжуваше континуирано."* [7]
Раскажуваат малкуте преживеани.

Младите и здрави луѓе, во Аушвиц и Мајданек се оставани во живот, за да работат во логорот. Но, многу брзо нацистите сватиле дека војната нема брзо да заврши, а ресурсите на работна сила се намалуваат, па затоа свртиле друг лист, станале поефикасни. Логорашите ги терале да работат за воени потреби. За да можат да извлечат поголем

[7] Јевреји о холокаусту, (2001), *Ми смо преживели*, Београд: Јеврејски историски музеј

учинок од робовите, почнале повеќе да се грижат за нивното здравје и исхрана. Но тоа не ја менувало сликата на концентрационите логори.

*"Не натоварија во вагони за добиток и не испратија во Полска во местото Биркенау. Ги одвоија способните за работа ,а другите ги ставија во одделни соби.Никој не знаеше што ги очекува.Јас по едно време седнав до една фурна,за да прочитам весник на светлоста од она што гореше од неа.Не можев ни да помислам дека токму во тој момент пламенот што ми светеше да читам излегува од телата на моите несреќни деца,кои токму тогаш ги гореа."* [8]*- сеќавање на еден логораш*

*„Германците секојдневно ни велеа дека оџаците во логорот не се од пекарите каде се пече топол леб, тоа се единствените излези од логорот. Само низ нив може да се спаси некој од пеколот...*[9]*.*

Се сеќава Вера Кон Алкалај

До крајот на војната на логорашите им е одземено буквално се - идентитетот, името, статусот, вработување, семејство, дом, пријатели....За само 24 часа евреинот станал бројка без личен идентитет, облечен во партали, бос или со дрвени кломпи, гладен и под постојан надзор – се следел секој негов чекор. Бил изложен на казни и ќотек, без никаква причина или измислена, па потоа и убиен.

*„ Еднаш на влезот пред нашата барака клечеше изобличен човек со табла околу вратот и држеше нешто со забите. На таблата пишуваше : „плукнете ме , јас му ги отсеков ушите на мојот мртов пријател и сакав да ги изедам" Во забите ги држеше ушите...*

*Вера Кон Алкалај* [10]

---

[8] Јевреји о холокаусту, (2001), *Ми смо преживели*, Београд: Јеврејски историски музеј,стр.35

[9]Јевреји о холокаусту, (2001), *Ми смо преживели*, Београд: Јеврејски историски музеј,стр.49

[10]Јевреји о холокаусту, (2001), *Ми смо преживели*, Београд: Јеврејски историски музеј,стр.52

Вкупниот број на еврејски жртви во холокаустот изнесува околу 6 милиони луѓе, од тоа над 3 милиони се уништени во логорите , а еден милион се стрелани.

### 1.6 Еврејскиот народ по холокаустот

Последиците од војната и нивното влијание на животот на Евреите се многу длабоки, така што и денес после толку децении, неможат во целост да се согледа нивното значење. Големите човечки загуби и преживеаниот ужас од војната, се најтрагичните спомени од тој период.

Холокаустот ја измени сликата за еврејскиот народ во светот. Денес, две генерации по холокаустот, бројот на Евреите во светот е сличен на нивниот број пред почетокот на Втората светска војна. По иселувањето од Европа, создавањето на новата дијаспора во светот и вселувањето во Израел, најголемите еврејски заедници, згаснаа. Асимилацијата е една од главните причини за оддалечување од традицијата и еврејскиот национален идентитет. Се зголемувал бројот на бракови меѓу Евреи и неевреи, се помалку се водело сметка за традиционалното образование на децата и младите, а јазиците јидиш и ладино, почнале да изумираат. На пример, познатиот писател Исак Башевиќ Сингер, кој живеел во Америка, пишувал на јидиш, добил Нобелова награда за своето творештво - бил преведуван на многу јазици, затоа што мал број на читатели ги барале неговите романи во оригинал. Ваквото исчезнување на традиционалниот Јудаизам го става Израел во центарот на дијаспората, каде се наметнале дилемите за еврејскиот идентитет и националното обединување.

### 1.7 Евреите во Македонија пред втората светска војна

Од она што е запишано и зачувано, јасно се гледа дека континуитетот на еврејското опстојување на македонските простори е со долг век. Со својот интелектуален потенцијал и трговски способности, преку обичаите, верата и музиката тие го менуваат и збогатуваат етничкиот колорит на македонските градови, а во мозаикот на нивното опстојување делуваат и во подигнувањето на образовното ниво и во создавањето на културното наследство.

Центар на општествениот живот на Евреите била автономната еврејска општина(еврејска заедница), додека верскиот живот бил концентриран околу синагогата.

Една од важните функции на општината било едукацијата на децата, младите, но и возрасните. Тоа значи дека уште во тоа време може да се почуствува присутност и на неформално образование, освен формалното кое било реализирано во еврејските училишта кои егзистирале во рамките на еврејската општина.

Од друга страна голем број еврејски семејства се занимавале со трговија, занаетчиство, банкарство и се развивале семејни бизниси, логично е децата да се подготвуваат со образование кое ќе ги направи работоспособни во интелектуална смисла. Затоа математиката била главен предмет, пишувањето задолжително , а учењето странски јазици се наметнувало како потреба за подобра комуникација со партнерите од околните земји. Секако дека неизоставна е и религиозната наобразба , со цел да се зачувува идентитетот и да се продолжи традицијата во многубројните ситуации на прогонувања и преселби кои на Евреите им се случуваат од шестиот в.п.н.е. кога почнале да се раселуваат од Палестина. Отворањето на првите печатници во Цариград и Солун им овозможуваат на децата своето знаење да го стекнуваат читајќи книги. Била отпечатена и првата Библија на ладино (јазик на шпанските Евреи - Сефарди), а секоја еврејска куќа имала Тора, Талмуд и Хагада ( книга што се чита за празникот Песах).

За жал овој процут на Еврејскиот народ е прекинат со втората светска војна. Еврејските општини во Македонија економски се ослабнати, врските со Солун се прекинати, населението- осиромашено. Чувањето на битот и традицијата се единствената одбрана на Евреите во Македонија против асимилаторските аспирации и дискриминација на идентитетот. Во рамките на еврејските општини во градовите Скопје, Битола и Штип работат училишта, забавишта, културни организации и друштва.

### 1.8 Депортација и ликвидација на Евреите од Македонија

Ликвидирањето на Евреите од Македонија од германскиот и бугарскиот окупатор, за разлика од италијанскиот, кој во ова злосторство не учествувал, е посебен настан од современата историја на Балканот.

Уште во ноември 1940 година бугарскиот цар Борис 3 се сретнал со Хитлер, подготвувајќи терен за влегување на Бугарија во тројниот пакт. На 1март 1941 година претседателот на бугарската влада Богдан Филов го потпишал Тројниот пакт и уште

истиот ден германските војски навлегле во Бугарија. Кога на 7 април германските војски навлегле во Скопје, а потоа и во другите градови на Македонија, по хитлеровскиот пример и во Македонија се спровела мала „кристална ноќ”, ги кршеле и ги ограбувле витрините на еврејските дуќани. Разјарените германци и нивните симпатизери навлегле во еврејските трговски квартови, ограбувајќи ги дуќаните, особено во Солун, Скопје, Битола и во други места.

Кога по Германците, во вардарскиот дел на Македонија, навлегле бугарските трупи и кога главнината на германската војска се повлекла од Македонија, одејќи кон исток за борба против СССР, многу македонски Евреи сметале дека ќе им биде подобро под окупација на Бугарија, отколку под директна окупација на Германија. Но, се измамиле во тоа бидејќи,тогашната фашистичка бугарска влада продолжила да дискутира за „еврејското прашање” и не го симнувала од дневен ред се до целосното уништување на македонските Евреи, заштитувајќи ги само Евреите од Бугарија. Новата Бугарска власт веднаш започнала со антиеврејски наредби и закони. Во почетокот имале за цел Евреите да ги ликвидираат како економски фактор во државата, потоа како политички, а на крајот и физички. Бугарскиот „Закон за заштита на нацијата” бил идентичен со тој донесен во Нирнберг 1936 година. Со овој закон се предвидувало цела низа ограничувања, кои максимално ги стеснувале можностите за нормален живот.

На 11 март 1943 година се случило она што мнозинството Евреи не го претпоставувале - нивна целосна ликвидација, на која и претходела депортација. Во раните часови улиците на Скопје, Битола и Штип биле блокирани од бугарските војници и било забрането движење и излегување од домовите. Во придружба на бугарските војници, полицајци и полициски агенти се движеле колони од еврејски семејства. Со себе го носеле она што им било дозволено да го земат, она што тие сметале дека ќе им биде потребно за таму некаде….Агентите им советувале да ги земат скапоцеността кои им останале, оти ќе им „требаат”. Колоните од мажи, жени, деца и стари, тивко, без отпор и прашања оделе низ улиците. Збирното место за сите овие „неми” луѓе било - скопскиот Монопол. На влезот ги пречекувале бугарските полицајци со барањето да го предадат сето она вредно

што го имаат кај себе : пари, накит, часовници…Секое спротивставување можело да заврши со смртна казна. [11]

Околу 72 000 Евреи собрани во логорот „Монопол", сите на едно место, под крајно нечовечки услови за престој на луѓе, минувале последни денови од своите животи. Семејствата за последен пат биле заедно, но не ја насетувале својата лоша судбина. Од овој логор само неколкумина успеале да се спасат, благодарение на нивната професија: лекари, аптекари или иматели на шпанско државјанство. Токму тие се сведоци на стравотиите кои ги преживуваа сите заедно, а денес од нив дознаваме, учиме, паметиме…..Преживеаниот Израел Бехар од Скопје раскажува :

*Бугарски агент со бајонет влезе дома и ни рече се што имаме да земеме. Заедно со другите не однесоа во Монополот. На влезот не претресуваа и претепуваа. Смрдеше на тутун и беше многу валкано. Луѓето добија пролив од нехигиена и старашно смрдеше. Храна ни даваа на почеток, а потоа доаѓаа македонци и ни продаваа леб за златници.Ни го протнуваа преку оградата, така се спасија тројца битолчани – Нико Пардо, Сарфати и Алегра. Се протнаа низ оградата и се преправаа како да се македонци, стражарот ги избрка и тие избегаа. Се сеќавам на еден безмилосен стражар кој го викавме Татарин. Со камшик ги тепаше сите. Почнаа да ги ослободуваат странските државјани, лекарите и аптекарите. Мајка ми и брат ми беа родени во Приштина која во тоа време беше под италијанска окупација.Затоа сестра на снаа ми од брат успеа да им извади во Софија (преку италијанската амбасада) италијански пасоши. Мене не сакаа да ме пуштат затоа што сум бил млад и здрав за работа, но кога мајка ми и брат ми излегуваа од Монополот, успеав и јас да избегам. Се криевме во куќата на еден шпански државјанин и чекавме да помине транспортот.*

За ужасните услови во логорот забележани се искажувањата на Елена Леон Ишах, лекар од Битола:

*Луѓето беа принудени да вршат нужда по аглите, така што наскоро воздухот стана неподнослив…Дури на 13 март првпат ни отворија и не пуштија да одиме во клозет…Нас 500 колку што бевме во собата , не пуштија и ни дадоа рок од половона час,*

---

[11] Матковски, А. (1983), *Историја на Евреите во Македонија*, Скопје: Македонска ревија,стр.62

*а потоа пак не затворија, така што повеќе од половината не успееа да извршат нужда и да наполнат вода...Не пуштаа само еднаш дневно,оделение по оделение и за толку кратко време, што мнозина слаби, болни и сакати не можеа ни да слезат по скалите...Настапи глад...Одвај петтиот ден логорските власти уредија кујна, за нас над 7000 имаше малку казани. Храната се делеше од 11 часот, а последната партија храна се добиваше околу17 часот. Еднаш во денот и тоа 250 грама леб и обичен чорбест грав или ориз...Ни даваа и пастрма, но таа беше толку лоша, што и покрај гладот не можеше да се јаде...Од една чинија јадевме десетмина...Не тераа да се соблекуваме голи, за да не претресуваат, бараа злато. Земаа дури и пелени. Ако најдеа нешто тепањето беше крвничко..*[12]

Исказите се идентични. Од нив се гледа дека животот во логорот бил страшен, но уште полошо било она што ги очекувало. Концентрациониот логор во зградата на Монополот во Скопје постоел од 11 до 29 март 1943 година. Со три композиции, сите Евреи се транспортирани во нацистичкиот логор Треблинка во окупирана Полска. Транспортот им бил предаден на германските воени власти. Од моментот кога Германците го презеле транспортот, бугарските власти повеќе не се интересирале за нив. Од Треблинка никој не се вратил.

### 1.9 Македонските Евреи по ослободување

Веднаш по војната малкуте (200 од 8000 колку што живееле пред војната) преживеани Евреи од Македонија се вратиле во своите родни места. Тоа биле преживеани кои за време на војната биле во партизани, се засолниле надвор од Македонија или по некое чудо преживеале во некои од концентрационите логори. Од Албанија и Италија каде биле засолнати, дошле 116 лица, од логори 65, од воено заробеништво во Германија 15 или вкупно 196 лица. Во декември 1944 година била формирана Македонско – еврејска општина, избрано било раководство чија прва и основна задача била да ја врати зградата на поранешниот еврејски клуб за да ги смести своите канцеларии и да почне да работи.

---

[12] Матковски, А. (1983), *Историја на Евреите во Македонија*, Скопје : Македонска ревија,стр 102

Потоа требало да се направи попис на Евреите во Скопје што секојдневно пристигнувале, а немале никакви средства. Општината решила да им се дадат средства како прва помош. Исто така била донесена одлука да се исчисти, поправи и приспособи синагогата за молитвен дом. Со тоа било и официјално објавено во Нова Македонија на 27.12 .1944 година дека почнала со работа обновената Македонско – еврејска општина. Следната година и во Битола била создадена еврејска општина, но поради иселувањето на нејзините членови таа престанала со работа во 1946 година. Во Штип никогаш не се обновила еврејската општина бидејќи таму по војната не се вратиле Евреи. Скопската еврејска општина била првата обновена на просторот на поранешна Југославија. Набрзо се обновиле и другите, почнале да комуницираат меѓусебе и да си помагаат, па така на 17 март 1945 година Српската еврејска верска општина испратила парична помош за Евреите од Македонија.

Со создавањето на еврејската држава - Израел , во мај 1948 година, голем дел од членовите се иселиле во својата нова татковина. Вториот бран иселувања во Израел настапил по катастрофалниот земјотрес во Скопје кога се разурнала и зградата на Еврејската општина.

Во 1972 година кога беше готова новата зграда, во неа влегоа само 99 Евреи.

Ако „ *историјата не е ништо друго, туку список на злосторства и несреќи*" како што запишал Волтер,[13] тогаш можеме да заклучиме дека Евреите во изминативе 2000 години биле најголемите жртви на речиси, постојаните прогони, погроми и уништувања. Геноцидот на Евреите во нацистичките логори на смртта е само кулминација на предрасудите и омразата кон Евреите.

[13] Асса, А.(1992), *Македонија и еврејскиот народ*, Скопје: Македонска ревија,стр.75

# 2.Холокаустот и образованието

## 2.1 Антисемитизмот како повод за изучување на холокаустот

Поимот антисемитизам првпат го употребил Вилхем Мар во 1870 година, за да направи разлика помеѓу стариот антијудаизам и модерната политичка, етничка или расна опозиција кон Евреите. Терминот набрзо влезе во употреба и во другите јазици, па стана синоним, не само за непријателство кон Евреите во модерното време, туку ретроактивно почна да се применува за секој вид анимозитет кон Евреите низ историјата.

Постојат три главни облици на антисемитизам:

- Класичен (пагански)
- Христијански
- Модерен[14]

Антисемитизмот своите корени ги влече од античко време, кога бил последица од нетолеранцијата на верската различност помеѓу паганските народи и евреите. Евреите биле предмет на христијанскиот антисемитизам затоа што христијаните ги сметале како одговорни за Исусовото распетие. Модерниот антисемитизам, за разлика од предходните, има расни елементи. Секој од овие случаи, колку и да се различни, доаѓаат од ист извор – различноста на евреите од нивното опкружување.

Паганскиот антисемитизам се темели на идејата за различноста на Евреите од околината. Христијанскиот имал иста основа, но на тоа се додадени гревовите за отфрлање и распнување на Исус. Освен тоа, христијанството себеси се перципирало како религија која се развила од јудаизмот и станало негов наследник, односно го заменило, со тоа јудаизмот гледано од христијанска перспектива станува ирелевантана религија и од Бога отфрлена религија.

---

[14] Вистрих, С.Р. (2012), *Антисемитизам – најстарија мржња*, Београд : Завод за убенике,стр. 12

## 2.2 Модерен антисемитизам

Карактерот на модерниот антисемитизам (почетоците се бележат од 1688 година) е различен од класичниот (антички) или од христијанскиот, затоа што се темели на расни, а не на религиски премиси. Таквиот антисемитизам се развил за време на просветителството и тоа како последица на јакнење на националните чуства (различност во култура и јазик во однос на матичниот народ, имено, просветителството било во период во кој почнала да јакнее националната свест на групата, која делела култура, јазик,историја исти расни и вредносен состав, се поврзувале и политичките, економските и социјалните ентитети дефинирани со географските граници, кои денес групо се совпаѓаат со границите на европските нации; групите се обединуваат воено и политички под едно знаме и развиваат лојалност на нацијата; Евреите кои како група која не го делат јазикот со други,ниту културата, религијата и делумно општествените вредности, од поединци во тие национални движења се перципираат како аутсајдери , па дури и опасност за националната идеја.

Модерниот антисемитизам се базира на теоријата дека Евреите се инфериорна раса. Евреинот е Евреин не поради својата религија, туку заради карактеристиките на крвта, гените. Од тука произлегува и омразата од страна на ариевците, кои се чиста раса. Според нив, историјата покажала дека од белата раса потекнуваат сите цивилизации, а скапоцениот камен на оваа раса се Аријците кои преживеале како супериорна раса.

Новото време очигледно не е поштедено од старите фрустрации и стереотипи. Па затоа прифаќањето и почитувањето на различностите како основна карактеристика на современото време очигледно станува процес што повторно и повторно мора да се учи, без оглед дали жртвите и прогонувачите се во Аушвиц или во Сребреница. И по 66 години по Втората светска војна, модерното искуство сеуште препознава негативен однос кон овој народ или кон стереотипите што му се припишуваат.

„*Постојат пет точки на современиот антисемитизам* – вели професорот Ферид Мухиќ, *во настојување да ги откриеме причините за тешко сфатливата виртуелнтност на оваа појава во време на декларирано ослободување од ксенофобијата и на гласните повици за почитување на различностите во светот.*

*1. Полојални му се на Израел отколку на државата во која живеат. (Оваа теза е тешко проверлива зашто теоријата ја прифатила интегративноста на Евреите како нивна основна карактеристика.*

*2. Имаат премногу моќ во светот на бизнисот. (Можеби и не е класичен стереотип, со оглед на долгата традиција на еврејско присуство во светските бизнис-кругови).*

*3. Имаат многу моќ во меѓународните односи и на меѓународниот пазар. (Види ја претходната заграда).*

*4. Претеруваат во потсетувањето на страдањата што ги поминаа во холокаустот. (Ако е некој толку долго изложен на страдање и на погроми, веројатно и може да си го дозволи тоа).*

*5. Петтата причина за модерниот антисемитизам, особено присутна во невладиниот сектор, е односот кон Палестинците. (Вечната дилема за дефинирање на жртвите и агресорите е присутна и во еврејско-арапскиот судир).*

*Овие пет точки може да се најдат во теоријата како причини за современиот антисемитизам, кој би рекол дека е повеќе негативен однос отколку омраза"* - вели професорот Мухиќ. (Нова Македонија , 07.03.2011)

Кога во почетокот на 21 век повторно почнаа да се будат мрачните нацистички идеи кои царуваа од средината на минатиот век, дури и во срцето на Европа, заснована во својата суштина на антифашизам и антинацизам, новиот антисемитизам стана предмет на многу анализи, кои се обидуваа географски да го лоцираат и филозофски да го толкуваат. Овој вирус е латентен во срцето на Европа, но таа инфекција никогаш не е сузбиена докрај ни на истокот. Што да се прави? Да се потсетува, да се осудува, да се забранува? Да не се заборави? Или, напротив, да се заборави и да се продолжи понатаму? Вистински одговор на сите етички, образовни, теолошки или психолошки дилеми што ги отвора загрижувачкото опстојување на овој феномен дури и во модерниве времиња, тешко е да се најде. Можеби и обидот за одговор треба да обедини етички, образовни, теолошки, психолошки, па и политички елементи за да се пресмета со стереотипите и неправдите што тој (антисемитизмот) ги предизвикува? Објаснувањето може и да е едноставно - во време на криза на етничко-верското малцинство без одбрана, Евреите како да се предодредени за жртвено јагне. Тоа е општ социолошки принцип, кој не се однесува само

на нив. Иако, Евреинот секогаш бил тој што бил сметан за поинаков, иако малкумина знаат да објаснат зошто. Антисемитизмот е обид сопствената егзистенција да се осмисли со омраза спрема оној што се разликува од нас. Малку ќе дознаеме за корените на антисемитизмот ако се фокусираме на него како на гол феномен. Она што притоа ќе го дознаеме ќе биде еден разнороден историски регистар на обвинувањата од антиката до модерното општество, кои биле алиби за прогоните, за погромите и конечно за нацистичкиот холокауст над Евреите... и кои се и денес полиња на дејствување на незгаснатиот антисемитизам. Накратко, антисемитизмот е оној вид шовинизам насочен кон една од најстарите источнозападни култури, која не престанува да е историски витална, за да биде надвладеана и укината на кој било начин. Како и сите репресирани култури и онаа еврејската од антисемитските прогони, страдања и финални решенија, еврејската култура излегува поопитна, посилна и на тој начин повитална. Како и антисемитизмот, за жал.

Дали тоа практично значи дека Декартовата максима „мислам значи постојам" од 17 век, четири века подоцна најксенофобичните ја редефинираат со „мразам, значи постојам?"

Нема народ што не страдал, но има такви што страдале, а не развиле сочувство за другите. Македонија во овој ментално интегриран простор, во кој владеел трговскиот дух и кој се развивал како еснафска средина познава поделби, но поради различни идеи и различни ставови, а не поради различна припадност. Познава квислинзи предавници, но не познава истребување поради расна основа. Таквото страдање не е дел од нашето искуство. Но сепак се чини дека и во нашава Македонија постојат некои нејаснотии околу антисемитизмот. За жал тоа „незнаење" е присутно кај универзитетски професори (Шкариќ, Иванов) од кои едниот е актуелниот претседател на РМ, во заеднички потпишаниот учебник „Политички теории – антика" објасниле дека антисемит е „човек што ги мрази Евреите повеќе отколку што е потребно" (страна 143), а на страна 151 е даден придонесот на Евреите во светската цивилизација, наука, култура, филозофија, уметност, со цитирани имиња на значајни Евреи, познати во целиот свет. Како и да е реакцијата, со некои исклучоци, беше млака. Од кабинетот на претседателот само објавија

дека тоа е дефиниција што ја користат политичарите во светот и дека е исправена во второто издание на учебникот.

Ако возрасните се сопнуваат на обичните дефиниции за антисемитизмот, тогаш што да очекуваме од децата, младите, уцениците.

Затоа сметам дека е повеќе од потребно да се воведе холокаустот во наставната програма како посебно поглавие кое внимателно, стручно и со добра подготовка на наставниците ќе биде пренесувано на учениците.

### 2.3 Меѓународни организации и воведувањето на холокаустот во образовните програми

Од крајот на деведесетите години на минатиот век , забележани се голем број антисемитски инциденти во Европа и Северна Америка. Евреите, а и неевреите, нивниот имот, синагогите, еврејските центри и заедници станаа мета на напади и малтретирања. Што загрижува уште повеќе е појавата на антисемитизам во училиштата. Според годишниот извештај на ODIHR за 2006 година,(опсервирани се земјите членки) бројот на случаи во кои се манифестира омраза, напад на еврејски училишта, еввреjски ученици кои биле нападнати на пат за дома или во училиште се зголемил. Напаѓачите биле нивни соученици. Наставниците велат дека зборот „Евреин" станал погрден термин меѓу младите. Тоа дава јасна слика дека антисемитизмот не е веќе ограничен само во екстремистичките кругови, туку се проширил и во поширокото општествено живеење. Затоа меѓународната заедница, владите и невладиниот сектор реагираат на ваквиот негативен тренд, и тоа преку образовни иницијативи и кампањи за освестување.

Секако не смее да се изостави фактот дека постојат луѓе кои до ден денешен негираат дека се случил Холокаустот. Порано тие тврдеа дека холокаустот е само "ционистичкиа пропаганда" со која требаше да се предизвика јавна емпатија за преродба на еврејската татковина. Гасните комори се објаснувани како тушеви, крематориумите како печки да се пече леб. Една од првите лекции на холокаустот е дека ако лагата се кажува доволно често, луѓето ќе почнат да веруваат во неа. Затоа во светот постојат организации кои имаат мисија да го збогатуваат знаењето на луѓето од целиот свет , како и да им предложат педагошки смерници и соодветни методи за едукација за оваа тешка

тема. Сите имаат единствена цел: да го поддржат секое истражување во насока на зачувување на сеќавањата за она што се случило во Втората Светска војна.

Најголемиот истражувачки и едукативен центар е **Меморијалниот центар „Јад Вашем"** кој е основан во 1953 година. Основната задача на овој центар е да ја документира историјата на еврејскиот народ за време на холокаустот, преку сведочења на преживеаните кои ќе ја сочуваат меморијата за жртвите. Новите генерации ќе учат преку архивските материјали, библиотеката, школото, музејот и одделот за „Праведници". Во рамките на овој меморијален центар постои и **Меѓународно школо за образование на холокаустот.** Откако е основано (1993 година) организира образовни програми и подготвува едукативни материјали за различна целна популација и за образовни установи во Израел и во светот. Едукаторите секоја година работат заедно со наставниците, посетителите на центарот, војниците и учениците на промовирање на образованието и сеќавањето на холокаустот. Ова образование е дефинирано како мултидисциплинарно, повеќестрано, а фокусирано е на животот пред, за време и после холокаустот. Меѓународната школа за холкаустот е единствена од таков вид во светот. Интердисциплинарниот пристап за образование за холкаустот – преку уметност, музика, книжевност, теологија и драма – им овозможува на посетителите да стекнат пошироко сознание за она што се случило во периодот пред, за и после Втората светска војна.

1.Меѓународното училиште за изучување на холокаустот **(The International School for Holocaust Studies)** ја основа ICHEIC програмата за изучување на холокаустот во Европа во рамките на формалното образование. Една од основните цели на оваа програма е да се создаде мрежа на едукатори со што ќе се зголеми бројот на наставници кои работат на оваа проблематика и со тоа да ја поддржат програмата во своите земји. Програмата е поддржана од Меѓународната комисија за обештетување на жртвите од холокаустот. Инаку ICHEIC е основана во 1998 година и има за задача да го одржи сеќавањето на холокаустот , да создава услови за надминување на антисемитизмот, афирмација на човековите права, спречување на расизмот и ксенофобијата.

**2.OEBS** е најголемата сеевропска регионална организација за безбедност, со 56 земји членки од Северна Америка, европа, Централна Азија и Кавказ. Нејзината канцеларија за демократски институции и човекови права **ODIHR** со седиште во

Варшава, е една од неколкуте институции основани да промовираат и поддржат спроведување на обврските на полето на човекови права, основни слободи, демократија и владеењето со правото. Со оглед на присутноста на антисемитизмот и негово оживување во региони на земјите на OEBS, оваа организација ја потврди одговорноста на земјите членки за промовирање на толеранцијата и недискриминацијата, борејќи се против антисемитизмот и јакнењето на активностите во областа на образованието за холокаустот. Од 2003, во рамките на неколку ОЕБС-ови конференции за антисемитизам, борба против расизмот, ксенофобија и дискриминација, дефинирани се нови, детални обврски во овие области.

По конференцијата за антисемитизам и другите облици на нетолеранција во Кордоба (Шпанија), во јуни 2005 стручњаците од 12 земји учеснички, се состанаа во Јад Вашем во Јерусалим, за да ги формулираат упатствата за наставниците кои ќе работат активно и организирано на проблемот на антисемитизмот, воведувајќи ја темата холокауст. Нацрт-упатствата кои беа донесени на оваа конференција се под наслов „Подготовки за Денот на сеќавањето на холокаустот: смерници за наставниците" , кои сега се достапни на 13 јазици.

Соочени со предизвикот не само на промовирање, туку и на почитувањето на човековите права, основните слободи и вредности на толеранција и меѓусебно почитување, **УНЕСКО** признава дека наставата на часовите на холокаустот е од фундаментално значење.

**Обединетите нации** ги повика земјите членки да изработат образовни програми кои ќе се потпираат на меморијата на трагедијата на холокаустот . УНЕСКО делува како извор за промовирање на овие материјали за учење и обезбедува платформа за институциите, наставниците, учениците и заинтересирани страни за пристап до извори за образование за холокаустот.

**3.The Task Force for International Cooperation on Holocaust Education Remembrance and Research)** Работна група за меѓународна соработка во делот на холокауст образование, сеќавање и истражување (ИТФ) . Тоа е меѓувладино тело чија цел е да ја одржи политичката и социјална поддршка на лидерите за потребата од холокауст образование, сеќавање, како и истражување на национално и на меѓународно ниво.

Основана е на иницијатива на тогашниот шведски премиер Горан Персон во 1998 година. Членките мораат да се придржуваат на Декларацијата на Стокхолм на Меѓународниот форум за холокаустот и мора да ги прифатат принципите усвоени од страна на Работната група за членство. Тие исто така мора да биде посветена на спроведувањето на националните политики и програми за поддршка на холокауст образованието, сеќавање и истражување. Повеќе влади бараат членство, а тоа е и благослов и проблем. Но треба да се истакне дека ИТФ прифаќа само демократски влади за членови и постојат одредени процедури и услови кои мора да бидат исполнети за да се придружи одредена влада. Македонија сеуште го има статусот на земја посматрач.

**4. Холандска еврејска хуманитарна фондација (Joods Humanitarian Fonds - JHF)** започна со работа во 2002 година. Во договор меѓу холандската Еврејска заедница, Израел и холандската влада, беше зацртано да се одвои дел од придонесот на холандската влада кон Фондот за поддршка на проекти посветени на враќање на еврејскиот живот во поранешните комунистички земји, обезбедување на еврејското образование, промоција на меѓусебно почитување меѓу луѓето и поддршка на цивилните жртви во воените зони. Фондацијата JHF е замислена како заедничка иницијатива на Холандската влада и холандската-Еврејската заедница. Од 2002 година, Фондацијата JHF исплаќа годишни грантови за издржани проекти.

**5. Светската Холокауст фондација Форум (World Holocaust Forum Foundation)** е меѓународна организација посветена на зачувување на сеќавањето на холокаустот и неговите важни лекции за целото човештво. Фондацијата има две главни задачи. Првата е организирање на Меѓународни холокауст форуми. Форумот е единствен по тоа што ги повикува светските лидери на истражување, унапредување и комеморирање на холокаустот во нивните држави и во целиот свет. Исто така, на Форумот се следи состојбата на глобалниот антисемитизам и се работи на негово искоренување. Втората задача на Фондацијата е креирање и администрација на Европската холокауст програма за образование. Основана по иницијатива на Јад Вашем и Европскиот еврејски конгрес, има единствена цел, да се создаде јадро на европски едукатори кои ќе го шират образованието за холокаустот. Ова јадро на едукатори ќе создава други едукатори во секоја од поединечните држави, како и ќе подготвува дидактички материјали на секој од европските

јазици. Фондацијата беше основана во 2005 година по Првиот меѓународен холокауст Форум во Краков, Полска и ја означи 60-годишнината од ослободувањето на Аушвиц. Фондацијата има канцеларии во Москва, Женева, и Ерусалим. Моше Кантор е основачот на Форумот. Тој е истакната јавна личност, меѓународен филантроп и претприемач, кој во голема мера придонесе за ревитализација на еврејскиот живот во и надвор од Европа.

**6. Здружението на холокаустот организации (ХОО)** е основана во 1985 година како меѓународна мрежа на организации и поединци за унапредување на образованието за холкаустот, сеќавањето и истражувањето. Меѓу неговите функции и услуги се годишните конференции кои се одржуваат секој јуни, зимски семинар на американскиот холокауст Меморијалениот музеј кој се одржува секој јануари, конференции и семинари. Исто така постојат и регионални ограноци. Секако дека ова не се единствените организации чија мисија е сузбивање на антисемитизмот, ксенофобијата, расизмот и останатите облици на нетолеранција. Бројот на меѓународните организации, институции, фондаци и филантропски друштва е за среќа голем. Во прилог на овој труд доставени се и другите со нивните основни податоци и линкови кои се користени во процесот на изработката на трудов.

## 3. Меѓународни законски регулативи за одбележување на холокаустот

Во јануари 2000 - та, 46 влади, вклучувајќи ги 41 земја членки на ОЕБС потпишаа Декларација на стохолмскиот Меѓународен форум за холокаустот, констатирајќи дека холокаустот ги растресе темелите на цивилизацијата. Дотогаш незабележливиот карактер на холокаустот секогаш ќе има универзално значење. И по половина век тоа останува настан кој е доволно временски близок за да можат преживеаните сеуште да сведочат за стравотиите кои го голтнаа еврејскиот народ. Големото патење на милионите останати жртви на нацизмот остави неизбришлива трага низ цела Европа. ....„Ја делиме обврската да се сеќаваме на жртвите од холокаустот и да им оддадеме почит на оние кои се спротивставија. Во нашите земји ќе поттикнуваме одбележувања на холкаустот, вклучувајќи го и Денот за сеќавање еднаш во годината..”[15]

Денови на сеќавање на холокаустот во некои земји се релативно нова појава, но во други се долгогодишна традиција. Владите организирале службени свечености и посебни собраниски седници, со цел да се одбележи *Ден за сеќавање на холокаустот*, а сето тоа е следено од локалните, национални и меѓународни медиуми.

Во октомври 2002 година министрите за образование на членките на Советот на Европа донесоа резолуција по која Денот за сеќавање на холокаустот треба да се востанови во сите училишта на земјите членки.[16] Три години подоцна, во ноември 2005 Обединетите нации на шеесеттото пленарно генерално собрание, донесуваат одлука меѓународниот ден за сеќавање на холокаустот да биде 27 јануари и сите земји членки да направат образовни програми со кои сеќавањето на оваа трагедија ќе се пренесува на секоја генерација.[17]

Последниве неколку години ОЕБС стави поголем акцент на промовирање на сеќавањата на холокаустот и борбата против современиот антисемитизам. Државите учеснички на Конференцијата која го третираше антисемитизмот (април 2004) во Берлин,

[15] *archivio.pubblica.istruzione.it/shoah-itfitalia/.../stoccolma_en.pdf*

[16] htpp:// www.coe.int

[17] http://www.un.org/en/holocaustremembrance/

се обврзаа со одлуката донесена на оваа конференција да го одбележуваат Денот за сеќавање на холокаустот.

Триесет и една земја од 55 членки на ОЕБС  го востановија новиот датум , 27 јануари (ден кога е ослободен Аушвиц – Биркенау) кој со законска регулатива ќе ги обврзе владите  да организираат свечености, комеморации и други случувања во знак на сеќавање на жртвите на холокаустот.

Србија, Бугарија, Романија, Австрија, Унгарија, Латвија, Литванија, Луксембург, Полска, Словачка и Македонија исто така востановија *Ден за сеќавање на холокаустот*, во согласност со историските случувања во нивните земји за време на холокаустот. На пример во Унгарија овој ден е на 16. Април, датум кога е создадено првото гето во Мункачу, додека во Литванија 23.септември во знак на сеќавање на убиството на Евреите кои останале во гетото Вилниус во 1943 година. Македонија го одбележува 11-ти март денот на депортацијата на македонските Евреи.

## 4. Денови на сеќавање на холокаустот во меѓународни рамки

Комеморативните случувања не можат и не смеат да го заменат изучувањето на минатото. Опсежното проучување на предметот, што подразбира активен процес на стекнување знаења во рамките на наставниот план и програма и одбележување на историските случувања од година во година, се со различен карактер. Ритуалите на сеќавање, како што се свечаности со соодветна музика, читање пригодни текстови и споменување на имињата на жртвите, се застарени работи и веќе се во ограничен број. Сега се препорачува на овие денови да се организираат активности кои се насочени кон приказните на преживеаните, чии имиња или лица биле идентификувани во текот на истражувањето (на пр: поранешни еврејски жители во градот или во соседството, поранешни наставници од училиштето или пак ученици кои некогаш учеле во тоа училиште) или се зборувало на часот. Тоа не значи дека треба да се заборават и исклучат старите, востановени ритуали на сеќавање, туку треба да го продлабочи значењето и важноста во рамки на пошироката заедница. Еве неколку примери од светот за одбележување на Денот за сеќавање на холокаустот, 27 јануари.

Во **Велика Британија** на пример, овој ден се одбележува на национално ниво. На настанот учество земаат јавни личности, преживеани жртви на холокаустот и други големодостојници. Во неколку градови низ земјата се одржуваат комеморации. Се организираат и случувања за јавноста во стотина мали групи, како што се црквите, групите за помилување, училиштата, факултетите и градските собранија. Британскиот Home Office обезбедува финансиска поддршка како и други извори за помош на сите кои Учествуваат во организација на вакви настани. Дури, Британското одделение за образование и способности обезбедува он-лајн и печатени материјали за Денот за сеќавање на холокаустот.

**Канада и САД** го одбележуваат во согласност со Јом Ха Шоа (Jom Ha Shoa), Ден за сеќавање на мачениците и јунаците од холокаустот и го одбележува почетокот на востанието во варшавското гето 1943 година. Во согласност, бидејќи овој ден според еврејскиот календар го менува датумот и почнува на зајдисонце на 27-ми, според еврејскиот календар - месец нисан (април-мај). Овој ден е забележан во еврејскиот календар со законска обврска на Владата на Израел од 1951 година. Низ целата земја на

овој ден се огласуваат сирени во двеминутно траење, а местата за забава, како што се театри, кина, ресторани, кафулиња, дискотеки, се затворени. Овој ден стана ден за комеморација во сите еврејски заедници низ целиот свет, а примерот на Канада и САД покаува дека овој ден е прифатен и од поширокаta заедница, како ден за сеќавање на жртвите од холокаустот.

**Централната украинска фондација за холокауст„Tkuma"** направи проект во неколку украински градови и места, познат како „Маратон на сеќавања", со цел да ја подигне свеста за холокаустот. Настаните се случуваа на 27 јануари, а вклучуваа натпревар меѓу ученици на тема холкауст, „Маршеви на живите" и тоа на автетнтични места каде страдале жртвите, тркалезни маси за студенти со познати личности, конференции за печат со домашни и странски медиуми. Во Одеса комеморацијата ја збогатија литературни и уметнички дела, приказната на Ели Визел, преживеани жртви од холокаустот и добитници на нобелови награди. Во настаните учествуваа политичари и државни лидери.

Во **Норвешка** , Директоратот за основни и средни училишта ги поттикнува сите училишта на одбележување на Денот за сеќавање на холкаустот и нуди образовни извори на своите веб страни. Многу училишта организираат рецитали, изложби, други прават комеморации со факели и ги поканувaaт преживеаните да ја раскажат својата приказна. Но едно училиште зеде обврска да реализира проекти за борба против расизмот. Во рамките на тоа, во самото училиште, а и во поширокаta заедница се организираат разни активности и се доделува Бењаминова награда. Востановена е по петнаесетгодишното момче Бењамин Хермансен, жртва на неонацистичките убиства во 2001 година. На свеченоста на 27-ми јануари учествува државниот врв и на училиштето му се оддава признание за борбата против расизмот и го поттикнува не само училишниот кадар , туку и родителите да ја промовираат толеранцијата.

**Литванија** овој настан го организираат на 23 септември. Меѓународната комисија за проценка на злосторствата на нацистите и советскиот окупаторски режим во Литванија, координирала еден образовен проект под име „Жива историја на Литванските Евреи". Учениците и нивните наставници собираат историски материјал за секојдневието на Евреите во градовите во Литванија пред холокаустот, за нивната религија и култура.

Посетуваат места, споменици, куќи, организираат средби со преживеани и со претставници од локалните еврејски заедници. Тој проект имал своја завршница на 23 септември, а присуствувале и претставници од политичкиот живот на Литванија.

Во **Италија** се организира конкурс за училиштата (основни и средни) објавен од страна на Министерството за образование, Универзитет и Истражување, во соработка со Унијата на италијанските еврејските заедници, а под покровителство на претседателот на државата. Одзивот на учениците е голем, а според комисијата трудовите биле мошне квалитетни. Трудовите ги разгледува комисија составена од претставници на институциите кои го распишале конкурсот, потоа луѓе од ИТФ фондацијата. Наградите се доделуваат во присуство на шефот на државата и на највисоките претставници на власта и на еврејските заедници. За прв пат претставници на младите активисти од Ромите и Синтите зеле активно учество во церемонијата. Џузепе Галассо (добро познат италијански историчар и научник) го одржал воведниот говор на тема "Евреите и италијанското обединување", и бил прикажан краток филм на Роберто Олла за Денот на сеќавање. Свечаноста била пренесувана во живо на државната телевизија и имало голема медиумска покриеност. По предлог на UCEI, Претседателството на Советот на министри го сочинуваат "Интер-министерскиот Координативен комитет за Денот на сеќавање". Комитетот обезбедува усогласување на сите иницијативи преземени од страна на главните италијански институции за 27 јануари. Како заеднички напори помеѓу UCEI и Претседателството на Советот на министри, била организирана тркалезна маса на тема "Образование, мистификација и историски лажирања: антиеврејски предрасуди во интернет ерата". На Денот на сеќавање во главната синагога во Рим се организирале средби со преживеаните и нивните семејства, на кои присуствувале жителите на Рим. Настанот бил организиран од страна на Музејот на холокаустот во Рим и Холокауст фондацијата во соработка со Еврејската заедница во Рим и со покровителство на Координативниот комитет на Претседателството на Советот на министерствата.

Секоја година во **Грција** одбележувањето на Денот за сеќавање на холокаустот се организира во период од 27 – 30 јануари, во најмалку 4 градови , со акцент на Атина, Солун, Волос и Лариса. Освен државниот врв во комеморативните настани учествуваат и локалните власти, амбасадори, еврејските заедници и синагогите. Во Волос учествуваат и

младите кои работеле на проект кој ја истражувал историјата на холкаустот, ставајќи акцент на музиката, па биле изведени композиции од еврејски композитори со настап на училишниот хор. Во Солун се одржал концерт во католичката катедрала во чест на калуѓерките од тогашното француско училиште кои спасиле многу еврејски деца, а претставници на Владата, политичките партии, на грчката армија, локалните власти, Еврејската заедница и другите положиле венци на спомеником.

## 5.Холокаустот во наставата -потреба за учениците и наставниците

Теророт како своевиден феномен во суштина секогаш го содржи проблемот на односот меѓу победникот и победениот – однос што постои откако постои и историјата на човештвото. Оттука и степенот на развој на цивилизацијата не се мери само со степенот на развојот на науката и техниката, туку и со степенот на неутрализирање на правото на моќниот да ја злоупотребува својата сила и да ги крши основните човекови права на оној што е поразен и поробен. Затоа и човечкиот род уште од своите почетоци, се обидува од името на сопствената еволуција да изнајде начин да ги контролира страстите на победникот опиен од слава и моќ. Меѓутоа со жалење може да се констатира дека во тој поглед човештвото има направено само мало поместување нанапред. Историјата е сведок на разурнувањата што со себе ги носи војната. Траумите на едно безумно историско време се провлекуваат се до денешнината, а бројките на загинати луѓе во Втората светска војна треба да послужат како кобна опомена за целото општество.

Затоа активното учење за холокаустот и антисемитизмот во рамките на наставната програма е чекор кон создавањето здрави граѓански личности ослободени од предрасуди. Учењето за холкаустот ќе развие свест кај учениците за можни нови зла кои ги носи модерното време. Ќе научат повеќе за човечката одговорност во граѓанското општество, со новите сознанија ќе можат да се спротивставаат, да го спречат насилството, геноцидот или некој друг вид на рушење на човечкото достоинство.

Холокаустот е добра тема за осознавање на основните морални прашања. Преку проучување на овие теми, учениците доаѓаат до одредени сознанија кои ќе влијаат врз нивното морално обликување, врз нивната информираност за една појава која оставила печат во историјата на 20 век, но исто така и во текот на историјата на целото човештво. Проучување на холокаустот им помага на учениците во развојот на нивното разбирање на корените и последиците од предрасудите, расизмот и стереотипи во секое општество. Преку изучувањето на оваа област се гради односот кон опасноста да се молчи, да се биде апатичен и рамнодушен кон злото, злосторствата, кон угнетувањето на другите. Тишината и рамнодушноста кон страдањата на другите, прекршувањата на граѓанските права (појави кои се присутни во 21 век) може да доведе до нови форми на геноцид, а тоа не смееме да

го дозволиме. Треба учениците да имаат на ум дека демократските институции и вредности не се автоматски одржливи и засекогаш дадени, тие треба да се негуваат, заштитат, бидејќи демократијата е кршлива. Ако размислуваме вака може да им помогне кај нив да се развие свеста за вредноста на плурализмот и да ги охрабриме во прифаќањето на различностите во едно плуралистичко општество. Изучувајќи го холкаустот учениците ќе добијат увид во многу историски, социјални, религиозни, политички и економски фактори кои кумулативно резултираа со холокаустот, тие стекнуваат свест за комплексноста на предметот и факторите кои можат да придонесат за распаѓање на демократските вредности. Учениците ќе разберат дека тоа е одговорност на граѓаните во секое општество и ќе научат да идентификуваат сигнали за опасност, ќе знаат кога да се реагира за да се спречи геноцидот. Изучувањето на холокаустот и антисемитизмот ќе ги подготви учениците за препознавање и отфрлање на антисемитските стереотипи и ставови кои фатиле корени во јазикот, медиумите, секојдневието, културата и екстремистичките идеологии. Учениците ќе бидат поотпорни на некои антисемитски ставови и ситуации, ќе можат да се дистанцираат , но и да укажат. Што е исто така многу важно, преку холокауст образованието учениците заеднички ќе дојдат до заклучок дека секој човек заслужува рамноправен и еднаков третман во општеството каде живее, а тоа ќе допринесе за општ степен на толеранција и почитување на различностите во училишната средина.

Она што е заедничка потреба и за учениците и за наставниците е следново:

- Ќе го прифатат јудаизмот како една од многуте религии, а Израел како демократска држава
- Ќе научат за историската улогата на Евреите во развојот не само на европската , туку и на светската наука
- Ќе ја прифатат различноста меѓу луѓето и заедничката врска меѓу различноста и еднаквоста , што е важен услов за заедничко мирно човештво
- Ќе станат свесни за антисемитизмот како проблем на мнозинството, а не само на малцинството во едно општество. Со тоа негативно општествено влијание ќе делува и на секој од нив

- Ќе можат да истражуваат и да доаѓаат до сознанија дека светските проблеми не се апсолутно добри или лоши, па оттука ќе го развијат критичкото размислување
- Ќе добијат увид во функционирањето на предрасудите, обвинување на едни те исти, теории на завери и механизми на исклучување
- Ќе ја развијат способноста за идентификација на положбата на малцинството кое се соочува со дискриминација и отфрленост
- Ќе научат да се спротивстават на дискриминаторните и навредливи предрасуди и да развиваат своја сопствена одговорност како граѓани во демократските и плуралистички општества

За да се постигнат овие цели , постојат неколку предизвици за наставниците. Тие треба да ги осудуваат антисемитските појави, користењето на стереотипите со антисемитски призвук и секаков друг вид на дискриминација и нетолеранција. Тие треба да се спротистават на ваквите ставови, појави. Но, во истовреме треба да им се доближат на овие ученици, треба да воспостават контакт со нив, за да може епилогот на целиот воспитно образовен процес врзан за холокауст образованието да биде успешен. Уште еден предизвик за наставниците е начинот на кој тие ќе ја доближат целата приказна за холокаустот. Тие ќе треба да дадат целосна слика за сите настани врзани со холокаустот, а учениците треба да добијат јасна претстава за целокупната панорама на настани, а при тоа да не се чуствуваат преоптоварени и да им е здодевно. Наставниците треба да ја направат наставата интерактивна, интересна, забавна, а за да бидат поуспешни во тоа , меѓу другото,потребна им е и добра историска подготовка за случувањата.

### 5.1 Насоки за наставниците за изведување на холокауст настава

Не постои еден единствен „исправен” начин за предавање на кој било наставен предмет, ниту пак идеална методика која ќе им одговара и на наставниците и на учениците. Ова се смерници одредени од стручни меѓународни организации кои се занимаваат со прашањето за холокауст образование. Изведени се од нивната практична работа и се одлична можност за наставниците кои имаат потешкотија во откривањето на начините, методите за пристап на оваа специфична и тешка тема. Многу наставници одбегнуваат да ја разработуваат темата холокауст заедно со своите ученици, од причина

што се работи за специфична тема која може да предизвика и разни реакции. Тие се оптоваруват со тоа како да ја пренесат големината на трагедијата, длабочината на човечката суровост во која може самиот да потоне. Се плашат да не предизвикаат трауми кај учениците, особено кај помалите, или да не знаат како да се справат со ситуации на потсмевање, изразување на антисемитизам и расизам. Но не треба да се плашат од се она што изгледа застрашувачки, бидејќи искуството покажало дека може да се одржи час за холокаустот и воедно да се постигнат многу добри и позитивни резултати.

1. Дефинирање на поимот холокауст

Поставување на јасна дефиниција за поимот „холкауст" е од осбено значење. Многу наставници го употребуват овој поим во многу широк контекст за да ги опфатат сите жртви на нацистичките прогони. Сепак, повеќето историчари за тој историски период користат многу прецизна дефиниција. Учениците мора да бидат свесни дека за многу луѓе поимот „холокауст" е проблематичен. Исто така треба да се внимава на користење и на други термини. Кога се зборува за „конечното истребување" значи дека се презема речникот на убијците; зборот„геноцид" се однесува на расистичкото гледање на работите од аспект на нацистите. Многумина го употребуваат и терминот „Шоа" што на еврејски значи катастрофа, а не е оптеретено со никакво верско значење.

2. Создавање позитивно работно опкружување со активен педагошки пристап насочен кон учениците

Учениците можат да манифестираат одбранбени реакции, негативни чуства или ненаклонетост во подлабокото навлегување во историјата на нацистичкиот период и холокаустот. Важно е да се создаде чувство на доверба за да може на часот отворено и искрено да се пристапи кон проблемите и за нив да се дискутира. Исто така треба да се остави доволно простор за размислување, со што ќе се поттикнат да поставуваат прашања, да разменуваат ставови и идеи и да ги искажат своите стравови и загриженост. Во фокусот на часот треба да биде ученикот. Наставникот треба повеќе да помага и олеснува , отколку да зборува подучувајќи. Од тука произлегува дека ученикот треба сам да истражува, да има активна улога во стекнување на знаењата. Историјата не е наука која може едноставно

да се пренесе од умот на наставникот во умот на учениците, туку повеќе е истражувачко патување, каде младите ги одредуваат своите сопствени патишта на истражување, анализирајќи ги разните извори на информации, ќе се соочат со различни интерпретации за еден ист настан од историјата и ќе наоѓаат свои сопствени одговор на специфични историски и морални прашања.

3. Индивидуализација на историјата , претворање на статистичките податоци во лични приказни

Тешко е да се сфати една трагедија ако се анализираат само статистички податоци. На учениците треба да им се овозможи жртвите на прогонот на нацистите да не ги гледаат само како безлична маса на жртви, туку како стварни личности. Затоа треба да се користат вистински приказни за преживеани, нивни сведочења, писма и дневници за да учениците бидат сигурни дека секоја бројка е една личност, која имала живот и пред холокаустот, има семејство, роднини и пријатели. Истражувањето на холокаустот кое не ги засега стереотипните размислувања дека сите злосторници се луди или садисти, дека сите ослободители биле херои, храбри, добри и љубезни луѓе, дека сите пасивни набљудувачи се апатични, доведува до опасност на дехуманизација на личностите од минатото. Ако акцентот се стави на лични приказни од историјата, моралните двојби со кои се соочувале наставниците ќе се надминат, а часот ќе биде поинтересен за учениците.

4. Користење искази на сведоци , за да се претстави овој дел од историјата „пореален".

Во многу земји сеуште има преживеани жртви од холокаустот. Треба да се воспостви контакт со нив и да се поканат во училница, на тој начин на учениците ќе им биде понудено едно силно образовно искуство. Физичката блискост со некој кој го има искуството, може да предизвика длабоко сочувство и разбирање. Меѓутоа , таа популација е се постара, па можеби нема можност да им дојдат во училиште, затоа може да се користат видео материјали со лични приказни на преживеани. Ако присуствува предавач на часот, предходно треба да се поразговара со него за неговите лични искуства, за да се види дали таа особа може да зборува пред аудиториум и дали добро му се познати образовните цели на часот. Секако дека ќе треба да се поразговара и со учениците и да им

се каже дека личноста со која ќе се сретнат можеби болно ќе го преживее целиот час, сеќавајќи се на своето тешко минато. Треба да се охрабрате да поставуваат прашања за тоа што се случувало со нив за време на холокаустот, но и за нивниот живот пред и по тој период, за да добијат целосна претстава за личноста и нејзиниот живот и како живее со нејзиното искуство. На крај треба да се истакне дека преку приказната што ја слушнале можат да добијат претстава за трагедијата која им се случила на сосема обични луѓе.

5. Мултидисциплинарен пристап кон темата холокауст

Случувањата врзани со холокаустот се обработени од многу аспекти, така што оваа тема може да биде обработувана од наставници од други предмети. Наставниците по историја секако немаат монопол на темата, затоа останатите наставници можат од аспект на својата област да опфатат одреден настан, однесување, уметничко дело или литературна творба, музичко дело и на тој начин на учениците да им овозможат да се изразат и на поинаков начин. Преку холокаустот можат да се обработат важни теолошки, морални и етички прашања, кои учениците можат да ги истаржуваат преку предметите религиско образование, граѓанско општество и сл. Координирајќи го мултидисциплинарниот пристап и потпирајќи се на стручноста на колегите од другите предмети, ќе се подели товарот на наставата и ќе се збогати знаењето на учениците за темата холокауст.

6. Ставање на истористиските настани во соодветен контекст

Појавата на холокаустот мора да се проучува во контекст на европскитата и светската историја за да им се даде на учениците подобра перспектива од која можат да се разгледуваат случувањата кои се преседан и околностите кои придонеле за такво нешто.

7. Прецизност во истражувањето и поттикнување на учениците на такво истражување

Постојат многу митови за холокаустот и може да се случи учениците однапред да пристапат со одредено мислење. Нејаснотиите во изразувањето може да ги наведе на

погрешно сваќање на одредени нешта. Затоа, треба да се одбегнува користење на изрази како „конечно решение”, „логор” и сл. Овие термини мора да бидат ставени во наводници и да бидат критички анализирани во опишувањето на историските случувања. Точно е дека многу луѓе умреле во логори кои ги создале нацистите и нивните соработници, но не сите логори биле направени за убивање. Постоеле концентарциони логори, работни логори, транзитни и тн.Битно е наставниците да бидат прецизни кога ги опишуваат активностите кои се случувале во различни логори и да одбегнуваат генерализирање на термнот„логор”.

8. Одбегнување на едноставни одговори за сложени историски настани

Желбата да се „научи лекцијата” може да претставува опасност при објаснување на холокаустот и сваќањата за сложеноста на одредена појава. На пример прашањата од типот „зошто Евреите од различни земји имаат различна судбина “, истражувањата кои ќе следат за да се даде одговор на ова прашање, ќе поттикнат многу размислувања за моралните аспекти на луѓето, ќе ги наведе да го анализираат минатото и човечката димензија. Лесно е да се обвинат оние кои одбиле да сокријат евреи или да им помогнат на своите соседи евреи, но моралното обвинување на „пасивните набљудувачи” нема да придонесе до поголемо разбирање на историјата или можеби да ги направи учениците да бидат„подобри граѓани”. Деталното проучување на историјата, вклучувајќи ги двојбите кои ги имале ослободителите, кои секој ден се соочувале со дилемата дали да го ризикуваат својот живот или не, да го ризикуваат своето семејство за да им помогнат на оние кои се кријат, или пак, зошто сојузниците не направиле повеќе за да ги спасат евреите, зошто некои неевреи доброволно носеле ѕвезда шестокрака и тн. Овие сложени прашања неможат да се одговорат едноставно. Затоа младите луѓе мора да разберат дека некои прашања едноставно остануваат без одговор.

9. Овозможување пристап до основните извори на информации

Преку писма , дневници, весници, говори,уметнички дела, службени документи од тоа време се откриваат злосторниците, жртвите, ослободителите и пасивните набљудувачи. Примарниот извор на материјалот е особено значаен за поттикнување на

размислување, мотивирање, сочуствување и правилно разбирање на текот на настаните од тоа време. Учениците треба да имаат можност критички да ги анализираат оригиналните извори и да разберат дека анализите, интерпретациите и обвинувањата мора да се базираат на разумно толкување на историските докази.

10. Информираност на учениците за фактот дека чинителите на злосторствата оставиле најголем број докази за холокаустот

Повеќето докази за холокаустот, без оглед дали се пишани документи, фотографии или филмови- ги направиле нацистите, така што постои опасност минатото да се гледа низ призмата на злосторниците. Ако не се користи таквиот материјал многу внимателно, тогаш постои опсаност жртвите да ги видиме онака како што ги гледале нацистите, објективизирани, деградирани и дехуманизирани. Таквите докази треба да ги ставиме во контекст кој одговара, а наставникот да ја има во предвид когнитивната и емоционалната возраст на учениците. Тој треба да биде сигурен дека тие слики се соодветни за возраста, дека учениците се добро подготвени на емоционални последици кои можат да се јават и да им се даде доволно простор за размислување и разговор за нивните реакции на видените доказни материјали. И уште нешто во овој контекст, потребен е добар баланс меѓу аудио, видео и пишаниот материјал со искажувањата на преживеаните. Треба да се отстапи простор и за нивниот глас.

11. Критичко анализирање на различни интерпретации на холокаустот

Во мислите на луѓето холокаустот е влезен на различни начини и е во различни облици. Научната и популарна историја, играните филмови, средставата за јавно информирање, документарните филмови, ликовната уметност, литературата, театарот, меморијалните центри и музеи, сите тие го формираат колективното сеќавање. Но секоја интерпретација е сама за себе. Важно е учениците да размислуваат зошто и како е дојдено до такво толкување на минатото, да ги научите да умеат да ги одберат доказите со кои е направена интерпретацијата. Треба да сватат дека не сите толкувања и интерпретации се подеднакво вредни, точни или доволно проверени.

12. Со застрашувачки слики и симболи не се придобива вниманието на учениците за проучување на холокаустот

Користење на слики и симболи од холокаустот со намера да се шокираат и исплашат, е деградирачки за жртвите и нечуствително за учениците. Почитувањето на жртвите и слушателите, бара исклучително чуствителен пристап во изборот на материјалите. Наставниците кои вложиле многу време во градење однос кон своите ученици, ризикуваат да ја изгубат довербата.Тоа важи и за материјалите кои можат да предизвикаат стрес и збунетост, нервозно потсмевање и несоодветни коментари во одделението. За холокаустот може да се предава и без фотографии со купишта голи лешеви. Нема да се постигне саканиот ефект, а дехуманаизацијата ќе го зголеми размислувањето за „Евреите како жртви". Ако наставникот сепак реши да користи такви застрашувачки фотографии мора да има силна и цврста причина, јасно зацртан ефект кој сака да го постигне на часот или кај учениците.

13. Да се одбегнуваат споредби на страдања на една група со друга

Меѓу одредени карактеристики на еврејското искуство гледаме дискриминација, економско осиромашување, прогон и убиства кои се резултат на нацистичкиот антисемитизам, но за примери на други облици на омраза и нетолеранција, кои се подеднакво важни за современото општество – треба да побараме во други примери: нацистички прогон и убивање на Ромите и Шиитите, хомосексуалците, комунистите, политичките дисиденти и тн. Патењата на сите жртви на нацистичките прогони треба да се пристапи без релативизирање на еврејското искуство. За патењата нема хиерархија, дури ни во рамки на нацистичкото историско минато ниту меѓу холкаустот и другите геноциди. Искуствата на „другите жртви" на нацистичките прогони не смеат да се сведат на еден „дополнителен" час од наставата. Наместо тоа, приказната за сите групи треба да биде интегрирана во приказните на еврејскиот народ. На пр: можат да се истражуваат сличностите и разликите помеѓу геноцидот на Евреите и оние над Ромите и Синтите; треба да се истражат врските меѓу методите и луѓето кои учествувале во еутаназиите или логорите на смртта во источна Европа. Таквиот пристап не само што ги признава

злосторствата над „другите жртви", туку ќе придонесе и за разбирање на одделните карактеристики на еврејските искуства и ќе помогне холокаустот да се смести во поширок историски контекст. Како што неможе да се објасни масовното убивање на еврејскиот народ надвор од контекстот на Втората светска војна, така е невозможно да се изучуваат овие приказни надвор од контекстот на прогонот на другите групи жртви.

14. Учениците истражуваат и за различните реакции на жртвите

Постоеле многу облици на отпор кон нацистичките прогони, од вооружени борби до изнаоѓање патишта за одржување на човечкото достоинство дури и во најекстремните околности, во гетата и логорите. Жртвите на нацизмот не секогаш пасивно го прифаќале прогонот. Важно е да се учи и за реакциите на жртвите, ограничени од нивната слобода на делување и многу други различни облици на еврејски отпор кон холокаустот.

15. Еврејскиот народ не се става единствено во контекст на холокаустот

Настаните врзани со холкаустот треба да се стават во историска рамка. Треба да се прикаже животот пред и после војната, за да се стави до знаење дека еврејскиот народ има и друга своја историја и богато културно наследство. Со тоа ќе обезбедите јасна слика кај учениците дека Евреите не се само дехуманизирани и деградирани жртви на нацистичкиот прогон. Младите луѓе треба да знаат за големата загуба што ја чуствува денешнава светска култура која е производ на разорнување на некогашните богати и силни еврејски заедници во Европа.

16. Холокаустот можел да се одбегне

Само затоа што некој историски настан се случил, а тоа е документирано во учебниците и во филмовите, не значи дека тоа и морало да се случи. Холокаустот се случил затоа што, поединец, групи луѓе и народи решиле така да постапат или тоа да не го направат. Концентрирајќи се на тие диокументи, ќе се добие увид во историјата и човечката природа и ќе може учениците подобро да развијат критички начин на размислување.

17. Толкување на постапките на злосторниците под едно име „нечовечки монструми"

Холокаустот бил настан кој е предизвикан од човек и кој има човечки последици. Постои потреба да се „рехуманизираат" сите луѓе кои делувале во холокаустот: жртвите, ослободителите, соработниците, пасивните набљудувачи и оние кои тоа го направиле. Сите тие треба да се гледаат како обични луѓе во необични, поинакви, ситуации. Тоа не е со цел да се нормализираат чинителите, туку да се признае дека повеќето луѓе не биле садистички психопати. За таа цел потребно е учениците да се позанимаваат со биографиите на сите чинители и да се побара коренот на нивниот антисемитизам, идеологијата од која биле водени, амбициите, притисокот од сталежот во кој припаѓале, злосторничката психопатологија и други причини за начинот на кој тие се однесувале и го направиле тоа што го направиле.

18. Потребно е да се внимава кога се објаснува за некогашните чинители на злосторствата и истите народи во денешните земји на Европа

Учениците не смеат да стекнат мнение дека сите Германци се нацисти или дека целиот германски народ бил за геноцид. Тие треба да ги знаат различните реакции на германскиот народ кон нацистичката политика (од воодушевување, соработка, незадоволство, апатија до активен отпор). Треба да се истакне разликата на Германците во минатото и сегашноста. Треба да се стави јасна дистинкција помеѓу народот, политиката, општеството и културата на современа Германија и сето ова во време на нацизмот. Тоа важи и за сите соработници на нацистите од тогашна и сегашна Европа.

19. Поттикнување на учениците за проучување на локалната, регионалната, националната и светската историја и сеќавања

Оние кои живеат во земја во која се случил холокаустот, треба да ги истакнат посебните настани кои се случиле во таа земја, без занемарување на европската димензија на холокаустот. Истражувањето треба да ги опфати искуствата на жртвите, соработниците, нацистите, колаболистите , ослободителите и пасивните набљудувачи и

како секој од нив е запаметен или забележан во историјата на земјата. Оние кои живеат во земја која била една од сојузничките или била неутрална за време на Втората светска војна, треба да ги поттикнуваат учениците да ги истражуваат приказните од националната историја.

20. Наставниците и ученици заедно учествуваат во одбележување на комеморации или национални годишници

Одбележувањето на денот на холокаустот во земјата е одлична можност за меѓугенерациски проекти, организирање дискусии меѓу членовите на семејството или други јавни личности кои се поврзани на некој начин со холокаустот. Пренесувањето на наставата надвор од училиницата е одлична можност за учениците да научат повеќе за тоа како заедницата се однесува кон одбележувања на значајни датуми, каков пристап има кон својата историја и минато и да направат компарација од земја до земја.

21. Реализација на активности кои се соодветни за учениците и одбегнување симулации кои водат на поистоветување со злосторниците или жртвите

Предизвикувањето на сочуството кај младите луѓе е многу добра техника за будење интересирање за одредена тема или историјата воопшто. Но треба многу да се внимава на изборот на активности кои ќе го нагласт човечкото страдање и добивањето одговори на прашања од минатото, особено кога станува збор за холокаустот. Добро е учениците да земат пример од некоја неутрална земја, некој новинар кој пишува за прогонот на Евреите, или загрижен граѓанин кој им се обраќа преку медиумите на политичките претставници или некој носител на јавна кампања кој се обидува да го поттикне јавното мислење. Таквите активности можат да бидат добар мотив за учење. Често се случувало „вежбите на сочуство" да бидат неумесни и педагошки промашени, бидејќи навистина е тешко да се ставиме во околности кои за нас се временски многу далеку. Може да се претера, па учениците да се одушеват од „гламурот " на нацизмот или да се замислат себе си како вистински жртви на холокаустот.

22. Негирања за случувања од минатото

Негирањето на холокаустот е идеолошки мотивирано. Стратегијата на оние кои го одрекуваат или ја оспоруваат вистинитоста на случувањата, значи сеење на семе на сомнеж за намерно искривување и погрешно толкување на историските докази. Наставниците треба да внимаваат ненамерно да не ги оправдуваат оние кои го негираат постоењето на холокаустот и со тоа да поттикнат погрешни дискусии. Многумина сметаат дека ваквите појави треба заеднички со учениците да ги истражуваат затоа што тие млади луѓе го поставуваат тоа прашање или пак мислат дека доколку подоцна во животот учениците се соочат со ваква ситуација нема да можат да дадат објаснување , односно ќе бидат неподготвени за реторика. Па така оние кои го порекнуваат ќе ги наведат на погрешен пат. Во вакви случаи , одрекувањето на холокаустот мора да се одвои со изучувањето на истиот во историски контекст.[18]

## 5.2 Цели на наставата за холокауст

Наставата за холокауст треба да ги содржи трите најважни цели:

1. Да го збогати знаењето за ваквото уништување без преседан
2. Да го сочува сеќавањето за оние кои минале низ голготата
3. Да ги поттикне учениците, наставниците да размислуваат за моралните и духовни прашања кои произлегуваат од холокаустот и кои можат да се применат во денешницата

Овие цели јасно можат да се согледаат во различните дефиниции за холокаустот кои во основа носат иста историска фактологија, но се конципирани различно истакнувајќи ги најзначајните поенти на поимот кој се дефинира. Секој музеј има своја дефиниција (Државен воен музеј, Велика Британија; Државен меморијален музеј на холокаустот, Вашингтон, ДЦ,САД; Јад Вашем , Јерусалим , Израел ).

[18] http://www.holocausttaskforce.org

Наставата за холокаустот може и мора да биде различна . За да се сватат разликите помеѓу холокаустот и другите геноциди, потребно е споредбите јасно да се разликуваат, а сличностите експлицитно да се истакнат.
Кога се изучува холокаустот добро е да се задржи вниманието на три важни прашања:

1. Зошто се учи за холокаустот?
2. Што да се учи?
3. Како да се се учи?

Првото прашање ги опфаќа причините, второто го става фокусот на темите и информациите, а третото се занимава со изборот на соодветни педагошки пристапи кои произлегуваат од составот на учениците во одделението или групата.
Ако треба да се одговориме на прашањето зошто? одговорот е едноставен. Ако добро и јасно се објасни и разбере холокаустот, може да им помогне на наставниците и учениците да зборуваат и за други геноциди, масовни злосторства и кршења на човекови права. Учењето за холокаустот може да биде од голема корист во исполнување на воспитната обврска која ја има секој едукатор, а тоа е да развива кај учениците чуство за човекољубие, хуманост и толеранција. При тоа да развива кај учениците модел за препознавање на насилство, дехуманизација и во најлош случај- геноцид. Тоа може да се обработи преку наставните предмети.

Освен во предметот историја, на оваа специфична тема може да и се пријде и од други аспекти односно наставни предмети., како што се : мајчин јазик и литература, уметност (ликовно и музичко), религиско образование, граѓанско образование и друго.

Важно е следењето на локалните одбележувања на значајни датуми врзани за холокаустот, како Меѓународниот ден на холкаустот (27 јануари) или Денот на депортацијата на Евреите од соодветната земја (за Македонија 11март), Јом Ашоа - Ден за сеќавање на жртвите од Варшавското гето, од страна на државата, невладиниот сектор или Еврејската заедница. Соработка со други институции, може да помогне во поуспешно реализирање на наставата. Добро е да се консултираат и други стручни лица (историчари, музејски работници, политичари) за конципирање на програмата која ќе се реализира на часовите наменети за холкауст. Да се напомене дека целата оваа соработка не треба да

биде обврска само на наставникот кој ќе ја предава темата. Соработката треба да се заснива на договор помеѓу училиштето и соодветната институција, организација, верска заедница и сл.

Ако ги следиме насоките дадени за наставниците, тогаш можеме да направиме и концепт на области и теми кои би се обработувале на наставата за холокауст. Добро би било да се опфати и периодот пред почетокот на Втората светска војна во рамките на кој би се дискутирало за следниве теми:

- антисемитизам
- животот на Евреите во Европа пред холокаустот
- последици од Првата светска војна
- доаѓање на нацистите на власт
- жртвите
- злосторници
- колабористи
- пасивни набљудувачи
- ослободители

**1933. – 1939.**

- Диктатурата на Националната Социјалистичка Германија
- Евреите во Третиот Рајх
- Првите фази на прогони
- Првите концентрациони логори
- Реакциите во светот

**1939.-1945.**

- Втората светска војна во Европа
- Нацистичко – расистички идеологии и политики
- Програмата„еутаназија"
- Прогонот и убивањето на Евреите
- Прогон и убивање на нееврејски жртви

- Еврејски реакции на нацистичката политика
- Гета
- Одреди на смртта
- Експанзија на логорите
- Центри за убивање
- Соработка
- Отпор
- Спасување
- Реакции во светот
- Маршеви на смртта
- Ослободување

**Последици од војната:**

✦ Судски процеси по војната

✦ Врската помеѓу Втората светска војна и формирањето на државата Израел

✦ Логори за бегалци и емигранти

Следејќи ги настаните по овој редослед ќе се добие целосна слика за случувањата врзани за холкаустот и ќе се добие саканиот ефект на подобрување на наставата. Наставата ќе се разликува од земја до земја, од училиште до училиште, од време до време. Секако дека секој наставник треба самиот да ги процени своите можности, предзнаења и подготвеност за реализација на оваа настава. [19]

Сублимирајќи ги досега наведените препораки, ќе ги наведам израелските искуства за современата настава по холокауст.

### 5.3 Израелски искуства

Наставата за холокаустот е нешто што постојано се развива, не само кај луѓето кои штотуку почнуваат да предаваат за оваа тема во нивните училишта , туку и во израелските

---

[19] htpp://www. ushmm.org/conscience/history

училишта каде за холокаустот се учи во средните училишта уште од седумдесетите години на минатиот век. Иако постојано се развива, сепак постојат дилеми, како да се предава, кога да се почне со оваа тема, што да се покаже и тн. Да се гледаат фотографиите на ужасот и да се донесе одлука, кога, како и кому е навистина тешко. Затоа ќе понудам една концепција која може да се прифати и примени во секое училиште.

Низ годините на постоење на најголемиот меморијален центар на жртвите од холокаустот Јад Вашем во Јерусалим, во Меѓународното школо за проучување на холкаустот развиена е наставна концепција која се базира на пет важни точки или смерници.[20]

Ако тргнеме од ставот дека холокаустот е хумана приказна, тогаш првата точка ќе се однесува на жртвите - Евреите, но и останатите жртви прогонети од германските и други нивни сојузници. Втората точка се однесува на извршителите и колаборационистите во разни земји, а третата ги опфаќа набљудувачите, каде спаѓаат и Праведниците меѓу народите и неевреите. Останатите две точки се од педагошка природа. Тоа се: Интердисциплинарната настава за Холокаустот и возраста за кого е наменета наставата за холокауст.

Првата смерница или поглавје почнува пред војната, потоа се следи човечката приказна за време на војната (вклучувајќи ги логорите, криењето) и завршува со периодот после војната, секако следејќи го целиот период низ приказни на луѓе. Но, што е важно да се истакне во оваа прва смерница. Не треба да се почне со 1939 година, на почетокот на војната, ниту од 1933 кога Хитлер дошол на власт, туку се почнува со приказната за личноста, за нејзиниот свет, потоа се следи низ времето на холокаустот. Второ, не завршува приказната со капитулацијата на Германија, ниту со ослободувањето на Аушвиц, Дахау или кој било друг логор. Преку одредени воспитни методи учениците се водат низ историските случувања , градејќи кај нив разни вредности. Не се објаснува холокаустот само низ примери на ужаси, насоките за едукација водат на патот после војната. На пр. на часот се поканува преживеан од холокаустот кој ја раскажува приказната за случувањата по војната, но треба да се поттикнат децата да поставуваат

[20] Holokaust,ljudska prava I obrazovanje, svedocenjem prezivele osobe iz Holokausta u Hrvatskoj,Židovska opcina Zagreb, Zagreb 2006, str,20 -21

прашања и за животот по војната (колку деца или внуци има, дали на внуците им раскажува за минатото). Учениците треба да сватат дека постои минато, сегашност и иднина за темата: Холокауст.

Втората смерница е исклучително тешка и се однесува на сторителите. Долги години во Израел сторителите се прикажувани како монструми и нечовечки суштества. Затоа било тешко да им се зборува на учениците за нацистите. И денес многу наставници ја одбегнуваат темата, па затоа во Меѓународното школо за проучување на холокаустот е направен семинар за „малиот нацист„.Семинарот е насочен на главните идеолошки пориви на малиот нацист – не Франц Штангл, шефот на Треблинка, ниту Рудолф Хосс, шефот на Аушвиц, туку малите обични луѓе. Какви биле, нивната идеологија, нивната послушност – се она што го прави единствен „малиот нацист„ Важно е да им се објасни на децата дека во секој од нас има доза на злоба, омраза кон нешто или некого. Ако тоа не се канализира, може да прерасне во нешто поголемо кое ќе поврзе повеќе луѓе, ќе прерасне во идеологија која е неприфатлива за едно цивилизациско, демократско општество. Такви групи има во секоја земја (пр. Скинхедсите). Важно е да се согледа што групите во едно општество можат да направат ако се единствени, послушни кон лидерот,горди на своите постапки, значењето на симболите кои ги имаат. Сите ове нешта можат да доведат до геноцид, како што беше со „малиот нацист„ Ова е добра основа да се зборува за демократија, диктатура, за тоа што значи да се има моќен лидер, за расизмот. На тој начин учениците стануваат свесни за општеството во кое живеат.

Третото поглавје се однесува на пасивните набљудувачи. Сите ние сме набљудувачи, дури и кога не поддржуваме нешта кои се случуваат. Едноставно гледаме телевизија и ништо не превземаме. Не сме ни Праведници кои ќе се бориме и ќе си го загрозиме својот живот или животите на своите од семејството. За оваа смерница, одличен пример е Шиндлер. Неговата биографија вели дека бил член на нацистичката странка и опортунист, дошол во Полска да се збогати, личност која не би ја посакале за пријател. Но, од пасивен набљудувач станува Праведник. Пресвртницата во неговиот живот може да се анализира преку филмот „Шиндлеровата листа„ да се дискутира за моментот кога тој од маса преминува во личност – Праведник. Вистинска загатка за која вреди да се дискутира со учениците и е добар пример на децата да им се објасни како од пасивни

набљудувачи можеме да станеме праведници. Како што рекол Мартин Лутер Кинг: или си дел од проблемите или си дел од решенијата. Во Втората светска војна повеќето од луѓето биле пасивни набљудувачи.

За тоа што се случувало во светот по холокаустот, како Европа се измени, што е уништено, како е основана државата Израел – секој може да предава од различна перспектива, но како водител треба го има симболот на Аушвиц. Светот драматично се измено поради тоа. Ваквите и слични теми не се обработуваат само од историски аспект, напротив, наставниците по ликовно на пример, промените после холокаустот можат да ги разгледуваат преку ново создадените уметнички дела. Во Меѓународниор центар за изучување на холкаустот има многу дела кои можат да се користат како примери за илустарција на промените. Уметноста понекогаш може да каже повеќе од зборовите.
Петата смерница се однесува на возраста, затоа што човечката приказна за холокаустот е многу сложена, бара многу чуствителност и од наставниците и од учениците. Се мисли дека една година предавање за холокауст е малку, со оглед на големиот број цели кои треба да се постигнат во едукацијата за темата. Грозоморните слики од логорите неможе да им се покажуваат на мали деца, но може да им се раскаже приказна за нивен врсник кој преживеал, благодарение на добри луѓе кои ги криеле. Во следната година може да се продолжи со приказни од други луѓе од улицата каде живеел нивниот врсник. Многу важно е децата да се сретнат со ликот - преживеаниот од нивната приказна

Во концептот на Меѓународното училиште за проучување на холокаустот не изостанува и делот – ослободување. Важно за учениците е да слушнат што се случува со преживеаните по завршувањето на војната. Како го доживеале ослободувањето, каде оделе по војната, се вратиле ли дома, ги барале ли роднините, биле ли среќни и многу други прашања кои водат до оптимистички гледања . Постои живот и после животот во концентарсционен логор или гето. Децата често ги прашувале преживеаните дали имаат потреба да се осветат? Тие им одговарале дека се осветиле. Нивната освета е тоа што имаат семејства, деца, внуци, а Хитлер тоа го нема. Победници се преживеаните кои по војната станале истакнати лекари, рабини, сенатори. Како педагози мора да се борат против дехуманизацијата, но мораат да едуцираат за луѓето кои веќе ги нема, а биле дел

од Европа, дел од човештвото – препорачуваат од Меѓународното училиште за проучување на холокаустот.

Овој концепт на едукација е еден од поуспешените, па затоа се препорачува да го користат сите оние кои работат со ученици на тема холокауст. Се прифаќа и во голем број едукативни центри кои работат во рамките на Меморијалните музеи низ светот.

### 5.4 Македонија и образованието за холокауст

Денови за сеќавање на холокаустот, ново поглавие во наставната програма, нова обврска за наставниците, новина во семејните разговори за училишните обврски. Но, во некои земји ова не е новина, напротив , долгогодишна традиција е. Владите поттикнале и организирале свечености и посебни парламентарни седници за одбележување на Денот на холокаустот. Каде е Македонија во овие случувања? Дали овој ден се вметна во наставната програма, добија ли учениците една лекција повеќе? Постои ли место каде учениците можат изворно да ги осознаат вистините за холкаустот?

Одговори на овие прашања можат да се дададат делумно бидејќи не постои законска одредница за надополнување на наставната програма во основните и средни училишта со нова наставна тема : холокауст. Но затоа пак , годината кога се донесе веќе споменатата резолуција, на иницијатива на Еврејската заедница во РМ, Министерството за образование и наука во РМ упати допис (бр.07-638/3)[21] до сите основни и средни училишта на територијата на Р.Македонија во кој им беше дадена програма на активности за одбележување на 60 годишнината на холокаустот. Наредната година , Министерството за образование и наука со допис бр.07-1152/2 на 10.03.2006 година ја информираше Еврејската заедница за реализираните активности во основните и средни училишта. Раководителот на одделението за постсредно образование и образование на возрасните М-р Веселинка Иванова го потпиша известувањето во кое стои дека во активностите за одбележување на 60 годишнината од холокаустот учествувале 86 основни и 25 средни училишта и се реализирале предавања, литературни натпревари, ликовни конкурси,учениците изработувале плакати, пишувале реферати, дебатирале на одредена

[21] Архива на Еврејска заедница во РМ

тема, имале историски час и тн. Овие активности не се реализираа наредната 2006 година, а ни таа потоа... .. и до ден денес одбележувањето на 11 март - ден на холокаустот на македонските Евреи е активност само во неколку училишта во Скопје кои традиционално се приклучуваат со своја програма во комеморацијата која ја организира Еврејската заедница во РМ. Сакам да го истакнам училиштето „Димитар Миладинов" од Скопје кое секоја година одржува историски час, организира литературни конкурси на тема *холокауст* и со пригоден рецитал од учениците им оддава почит на депортираните 7200 македонски Евреи.

За разлика од Македонија во Хрватска на пример, програмата за холокауст се спроведува преку националната програма за образование за човекови права која е усвоена 1990 година. Темата холокауст се изучува во основните и средни училишта со фонд од 26 часови годишно во основните и 12 часови во средните училишта. Темата се реализира преку различни предмети како: литература, веронаука, историја, граѓанска култура, уметност, музика и тн. Наставниците посетуваат семинари за едукација на формите и методите за реализација на оваа деликатна тема. Вклуени се во меѓународни проекти и имаат организирани посети на музеи и институции чии фокус на работа е токму холокаустот.

Согласно досегашните наставен план и програми за основно и средно образование во наставниот процес во Република Македонија се обработуваат наставни единици опфаќаат делови од историјата на Еврејскиот народ, а особено Холокаустот како значаен историски период во историјата на Еврејскиот народ и на човештвото воопшто. Наставните содржини што се однесуваат на историјата на Евреите се обработуваат во следните предмети: историја, граѓанска култура, запознавање со религиите и етика во религиите.

Така во наставната програма по предметот историја, во 8 одделение од основното образование се изучува една посебна наставна единица посветена на Холокаустот насловена како „Холокаустот и последиците од втората светска војна". Наставна единица со истото име за Холокаустот се обработува во III и IV година од средното гимназиско образование. Исто така, при изучувањето на другите содржини се споменуваат најзначајните настани од историјата на Еврејскиот народ.

Во наставната програма по предметот граѓанско образование холокаустот е дел од содржините кои се обработуваат во VII одделение од осумгодишното основно образование или VIII одделение од деветолетката.

Во наставниот предмет Запознавање со религиите, исто така, во темата со наслов „Големите светски религии" се обработуваат содржини од јудеизмот за кои се предвидуваат повеќе наставни часови.

Во наставната програма по предметот Етика во религиите во темата II опфатени се следните содржини: 1. Теориските основи на јудеизмот, 2. Етичката заснованост на јудеизмот и 3. Моралот во јудеизмот. Во темата III Етика во јудеизмот распоредени се повеќе содржини од кои ги посочуваме содржините од Холокаустот и од еврејската култура во Македонија.

Како поддршка на наставниците по историја, Бирото за развој на образованието во 1995 година го издаде прирачникот „Современа историја" бр. 3 во кој што се дава едно видување на историјата на Евреите преку темата *Старата еврејска држава и јудеизмот* од д-р Светозар Наумовски. Прирачникот овозможува наставниците да можат да даваат пошироки знаења за историјата на евреите и јудеизмот.

Во Република Македонија 27 јануари се одбележува како ден на Холокаустот. До училиштата во Република Македонија испратена е препорака за одбележување на овој ден.

Во употреба се Правилници за изведување на екскурзии и слободни ученички активности на основните и срдните училишта, во кои посетата на споменатиот музеј е задолжителна за учениците.

Активното учење за холокаустот и антисемитизмот во рамките на наставната програма е чекор кон создавањето здрави граѓански личности ослободени од предрасуди. Учењето за холкаустот ќе развие свест кај учениците за можни нови зла кои ги носи модерното време. Ќе научат повеќе за човечката одговорност во граѓанското општество, со новите сознанија ќе можат да се спротивстават, да го спречат насилството, геноцидот или некој друг вид на рушење на човечкото достоинство.

## 6. Музејот и неговата едукативна функција

Појдовна точка за определување на задачите, содржините, активностите и програмите во едукативниот центар на Музејот на холоксуастот е меѓународната дефиниција за музеите во која стои:

*Музејот е постојана институција, непрофитна, во служба на општеството и неговиот развој, отворена за посетители, во него се спроведуваат истражувања за материјалните сведоштва за човекот и неговото опкружување, тој ги собира сите тие сведоштва. Ги чува, ги прави достапни и ги изложува за проучување, образование и уживање.*

(Кодекс на етика за музеите на Меѓународниот совет на музеите, 2003: 21)[22]

Дефиницијата укажува на карактерот на музејот како институција, ја одредува неговата општествена одговорност, ги набројува неговите темелни музејски функции и зборува за целите кои се постигнуваат со него.

Презентирајќи ги предметите, сознанијата и идеите, музејот во своето опкружување исполнува и образовна мисија. Како училница без класични клупи, или тродимезионални учебници, музејот има важна дополнителна улога во наставните програми наменети за совладување, утврдување и проширување на наставните планови. Образовната улога на музејот се темели врз нивното отворање кон широката јавност. Музејот како специјална установа за презентирање на предмети од културното и природното наследство стануваат установи од посебно значење за секој образовно-воспитен напор, во ситуации кога фокусот се поместува од пишаниот збор кон активна партиципација на ученикот (Milutinović, 2003: 51).[23]

---

[22] Миљковиќ.С, Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје 2012

[23]Миљковиќ.С, Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје 2012

Музеите се депои на знаења и се значајни за континуирана *едукација* на наставниот кадар, но и на другите членови на заедницата, со што, освен педагошките, се исполнуваат и андрагошки задачи.

Истовремено, исполнувајќи ја својата примарна улога, музејот влијае на општественото паметење. Со неговата институционализација тој има активна улога и во формирањето на општествената свест, а преку стекнувањето на знаења и нивното пренесување активно да влијае во гледањето на историографските претстави, а со тоа и на културното милје како важен фактор за развој на општествената свест. На тој начин, музејот како чувар на културното наследство има и мошне значајна улога во формирањето на идентитетот, како на националниот така и на колективниот и индивидуалниот.

Се смета дека музејот е најсигурен сведок кој ги чува предметите од минатото време и има функција која се оценува дека е од исклучителен интерес за општеството.

### 6.1 Задачи на музејот како едукатор

Музеите се културно-научни, истражувачки и едукативни установи кои собираат, евидентираат, документираат, обработуваат, изложуваат, образуваат и воспитуваат. Очигледно, задачите се многубројни и сложени. За полесно разгледување задачите можат да се поделате на:

- собирање и заштита на предмети од материјална и духовна култура;
- научно-музеолошка обработка и класификација на предметите;
- едукативна функција.

Значи, музеите треба, плански и систематски да собираат и да ги чуваат своите збирки и за нив да изработуваат одредени научно-информативни материјали. Но, современите музеи на прво место треба да ги прзентираат своите збирки на поширока јавност.

### 6.2 Воспитно-образовните можности на музејот

Прво што мора да се каже е дека музејот не може да ги замени училиштето. Целта на музејот е да му помогне на училиштето во исполнувањето на одредени делови од наставната програма и во организирање на вонучилишни активности, придонесувајќи во изградбата на погледот на светот.

За да може музејот да ја исполни во потполност својата едукативна функција треба да исполни неколку основни барања:

1. *Музејот како институција треба да биде уреден и организиран така што да ги привлече посетителите. Тоа значи по функционалното решение на поставките на релација експонат-амбиент; по научна основа, верна и логична презентација на музејскиот материјал; по редот, прегледни, едноставни.*
2. *Музејот (би требало) да располага со постојани поставки. Поставките мораат да бидат конципирани така што да ги задоволува сите, со значајните музеолошки принципи: да се стручни, автентични, едноставни, пристапни и интересни.*
3. *Музејот треба да биде секогаш актуелен. Тоа може да го постигне со отворање на тематски изложби, во својата зграда или на други локации или во други музеи. Содржината на тематските изложби може да биде од депонираните предмети, преку новоистражените предмети и со размена на музејски материјал со други музејски установи. Музеите се актуелни доколу водат грижа за современите движења во музеологијата и реализацијата на програми кои ги привлекуваат сите граѓани или пак одредена категорија.*
4. *Музејот треба да организира и овозможи реализација на училишни часови, предавања, курсеви, семинари и друго од доменот на музејските содржини за деца, ученици, студенти, лица со посебни потреби и граѓани.*
5. *Во напорите да бидат секогаш присутни и отворени кон општеството музеите треба да организираат и негуваат континуирана соработка пред сè со воспитно-образовните установи (детски градинки, основни и средни училишта).*
6. *Со цел да се формира постојан интерес за музејската дејност, особено за нивните експонати кои имаат широко научно и практично значење и примена,*

*добро е да се изработуваат разни колекции на копии, фотографии, cd-a, што можат да ги користат училиштата, работните организации и поединци.*

(Todorović, 1977: 55-56).[24]

Значи од современите музеи пред сè се бара да бидат центри за едукација кои ќе ги задржат и развиваат своите традиционални функции, но ќе ги имаат постојано предвид потребите на современиот човек.

За успешна реализација на едукативните програми неопходно е да се воспостави партнерски однос со установите кои би го нашле својот интерес, во реализацијата на *едукативните програми* на пример, со Институтот за педагогија, Институтот за психологија и со други сродни институции, невладини организации, како и со стручни лица – советници од Министерството за образование и наука. Музеите, независно на кој тип припаѓаат, имаат можност низ разни конципирани програми да бидат центри за *едукација* и составен дел од образовниот систем. Сепак, за тоа е потребен голем ангажман на внатрешните сили на музејот, но и јасна и прецизно дефинирана соработка со воспитно-образовните установи како потенцијални корисници на музеите.

### 6.3 Кој е музејскиот педагог и негови задачи

Музејските педагози се бават со односот на музеите и посетителите или во пошироки рамки, музеите со јавноста. Тие ја креираат едукативната политика на музеите, овозможувајќи пораката од изложбите да им се пренесе на посетителите на начин на кој музеите комуницираат со јавноста. Тоа значи не само со изложби, туку и со предавања, демонстрација, разговор, публикација и др. Пред се ова лице треба да биде професионалец, да има висока стручна спрема од областа на музеологијата или педагогијата, знаење од методика, дидактика. Треба ова лице да поседува вештини за

[24] Миљковиќ.С, Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје 2012

комуникација, ликовни способности, организациони. Музејскиот педагог може да му даде живот на музејот и да биде мост меѓу музејот и посетителот.[25]

Негови основни задачи се:

1. Да го осмисли, реализира и организира едукативната програма на музејот, сталната поставка, изложбите и другите случувања
2. Да учествува во реализацијата на сите музејски програми
3. Да соработува со кустосите и останатите служби во музејот [26]

Во однос на едукативните програми и учеството на музејскиот педагог во нив:

1. Водење на програмите/конципирање/реализирање/организирање
2. Педагошко – аниматорски активности (креативни работилници, игри и сл.) /конципирање/реализирање/организирање
3. Едукативни публикации/уредување/авторство/коавторство
4. Едукативни изложби/авторство/коавторство
5. Изложби од изработките на креативните работилници/авторство
6. Предавања/организација/реализација
7. Индивидуална едукација(едукација на водичи, студенти на пракса, волонтери и посетители) /организација/реализација

---

[25] Zbornik radova,(2002), *1Skup muzejskih pedagoga Hrvatske s medzunarodnim sudjelovanjem Pula 2001*, Zagreb: Hrvatsko muzejsko drustvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju,str.9

[26] Zbornik radova,(2002), *1Skup muzejskih pedagoga Hrvatske s medzunarodnim sudjelovanjem Pula 2001*, Zagreb: Hrvatsko muzejsko drustvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju, str.273

8. Соработка со разни институции(заеднички едукативни проекти со градинки, основни и средни училишта, центри за култура, други музеи и сл.)
9. Активности надвор од музејот (изложби, предавања,работилници, учество во манифестации кои не ги организира музејот)
10. Евалуација на едукативните програми[27]

Треба да се напомене дека изготвувањето на едукативните програми од страна на музејскиот педагог не се наменети само за децата и младите, тој прави програми наменети за сите возрасти и категории посетители (пензионери, инвалиди, со посебни потреби и др.). Сите месечни и годишни извештаи на музејскиот педагог се дел од документацијата на музејот, па затоа тој треба да соработува и со службата за документирање. Благодарејќи на соработката и упорната работа на музејскиот педагог, посетителот повторно ќе дојде во музејот.

[27] Zbornik radova,(2004), *2 Skup muzejskih pedagoga Hrvatske s medzunarodnim sudjelovanjem Zadar 2002*, Zagreb: Hrvatsko muzejsko drustvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju, str. 274

### 6.4 Стратешки план

Стратешкиот план е посебно значаен, бидејќи тоа е единствениот инструмент кој им наметнува преиспитување на постоечките програми и начинот на работа и бара нова насока кон иднината и нови иновативни стратегии . [28] Се верува дека со постоењето на добра стратегија и нејзина успешна примена се доаѓа до успешен менаџмент во една организација.

Основните карактеристики на стратегискиот менаџмент се состојат во следното:

1. Се извршува на највисоко ниво
2. Ја унапредува организациската ефикасност и ефективност
3. Ориентиран е на долги патеки
4. Одлуките ги донесуваат менаџерите од највисоко скалило во хиерархијата
5. Тој се однесува на разни нивоа на одлучувања
6. Бара широки стручни познавања од лицата кои го практикуваат [29]

Овој менаџмент има предности кои одговараат и на ваков тип на установа. Тој пред се нуди јасен концепт кој треба да се реализира, создава ефективна и ефикасна организациска поставеност, овозможува оптимална комбинација на расположиви ресурси и нивна правилна дистрибуција и што е многу важно за еден музеј овозможува постојана иницијатива и динамично водење на работите.

---

[28] Миљковиќ.С, Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје 2012

[29] Гоцевски, Т. (2003), *Образовен менаџмент*, Скопје: Киро Дандаро – Битола, стр.41

За да можеме да зборуваме за постоење на неопходниот стратешки менаџмент во овој Меморијален центар, треба веднаш да се пристапи кон формулирање на самата стратегија која значи водење на работите кон некоја цел, потоа спроведување на поставената стратегија и контрола и извршување на поставената стратегија. Ова се трите фази[30] за стратешки менаџмент кои се основа за исполнување на визијата и мисијата на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија.

[30] Гоцевски, Т. (2003), *Образовен менаџмент*, Скопје: Киро Дандаро – Битола, стр.41

## ВТОР ДЕЛ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е организацијата на активностите и содржините во центарот за едукација на Музејот на холокауст во Скопје. Со оглед на неговата идна функционалност и неопходност во рамките на работењето на идниот Меморијален центар во Скопје, ќе бидат истражени аспектите на можни содржини кои ќе ги едуцираат и анимираат посетителите, како и организациската поставеност на истиот.

### 2. Цел и карактер на истражувањето

Цел на ова истражување е да се проучи современиот концепт за активното учење за холокаустот и антисемитизмот кое е чекор кон создавањето здрави граѓански личности ослободени од предрасуди. Учењето за холкаустот ќе развие свест кај учениците за можни нови зла кои ги носи модерното време. Оваа цел ќе се постигне преку анализа и компарација на содржините и активностите на два едукативни центри во поголемите музеи на холокауст, Јад Вашем во Израел и Еврејскиот музеј во Берлин.

Ова истражување по својот карактер ќе биде емпириско, дескриптивно и квалитативно. Со примената на квалитативниот пристап и соодветните техники, сметаме дека ќе се добијат најсоодветни податоци кои ќе овозможат подетално и посуштинско анализирање.

### 3. Задачи на истражувањето

Целта на ова истражување ќе се конкретизира преку реализација на следниве задачи:

- Да се испитаат современите начини на приближување на темата холокауст
- Да се утврдат активностите преку кои може да се врши едукацијата
- Да се истражат начините за едукација во поголемите меморијални центри за холокауст
- Да се испита колку наставниците во нашите основни училишта на часовите по предметите историја, македонски јазик и уметност посветуваат внимание на темата за холокаустот

• Да се испита потребата кај наставниците од едукативен центар во Музејот на холокауст како надополнување во наставата

• Да се испита колкаво е предзнаењето кај наставниците од областа холокауст

• Да се испита дали обработката на тема холокауст развива критичко мислење кај учениците

## 4. Истражувачки прашања

Во ова истражување поставени се следниве истражувачки прашања:

1. Какви ставови доминираат во однос на постоење на едукативен центар во Музејот на холокаустот во Скопје?
2. Кои се современите форми на работа за приближување на темата *холокауст* до учениците?
3. Каков стручен кадар би ја обработувал и доближил до учениците темата *холокауст?*
4. Кои активности можат да го задржат вниманието на учениците при изучување на темета *холокауст?*
5. Дали работата на едукативниот центар во Меморијалниот центар ќе им ја олесни работата на наставниците?
6. Колкав е интересот на наставниците за дополнителна едукација на тема *холокауст*?
7. Колкави се познавањата од областа холокауст кај учениците?
8. Каква е комуникација меѓу учесниците во едукативниот процес кои работат на темата *холокауст?*

## 5. Методи, техники и инструменти на истражување

Во истражувањето користатени се: дескриптивно – аналитичка метода и компаративна, во која ќе бидат вклучени анализа, споредување и воопштување.

Техниките кои ќе бидат користени во ова истражување се, неструктуирано интервју и анализа на содржина.

Техниката на полуструктуираното интервју е реализирана со помош на протокол на полуструктуирано интервју со однапред подготвени прашања. Наменето е за наставници во основните училишта на територија на Скопје.

Користено е и помошно техничко средство : диктафон

## 6.Примерок на истражување

Примерок за спроведеното интервју се наставниците од 10 основни училишта во Скопје.

Испитани се вкупно 40 наставници од 4 наставни предмети. Податоците се дадени во приложената табела:

Табела 1: Вклучени училишта и наставници во истражувањето

| Основно училиште | историја | македонски јазик | уметност | граѓанско образование |
|---|---|---|---|---|
| О.У. Лазо Трповски | 1 наставник | 1 наставник | 2 наставници | 1 наставник |
| О.У.Димитар Миладинов | 1 | 1 | 1 | 1 |
| О.У. Ј.Х.Песталоци | 1 | 1 | 1 | 1 |
| О.У. Кирил Пејчиновиќ | 1 | 1 | 1 | / |
| О.У. Петар Поп Арсов | 1 | 1 | 1 | 1 |
| О.У.Крсте Мисирков | 1 | 1 | 1 | 1 |
| О.У.Гоце Делчев | 1 | 1 | 1 | / |
| О.У. Кузман Ј.Питу | 1 | 1 | 2 | 1 |
| О.У.Мирче Ацев | 1 | 1 | 1 | 1 |
| О.У. 11 Октомври | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно 10 училишта | 10 | 10 | 12 | 8 |
| Вкупно испитани наставници | **40** | | | |

Училиштата се избрани по случаен избор од различни краеви, општини во градот Скопје. Примерокот од ова истражување се наставниците по наставните предмети историја, македонски јазик, граѓанско образование и уметност, бидејќи тие предмети се најподатливи за обработка на темата за холокаустот.

Како примерок за анализа на содржина сеземени два меморијални центри на холкаустот во кои постојат едукативни центри.

- Меморијалниот центар Јад Вашем – Израел
- Музеј на холкауст Берлин - Германија

Овие центри се избрани како пример за тоа како треба да биде организационо поставен едукативниот центар во Музејот на холокауст во Скопје.

## 7.Обработка на податоци од спроведено интервју

Во првата фаза преслушани се аудио записите и прегледани се белешките од интервјуата. На тој начин добиена е општа слика за тоа колку се обработува темата холокауст на часовите по македонски јазик, историја, граѓанско и уметност. Направена е селекција на нејасните од успешните искажувања, на штурите и некорисни од специфичните и репрезентативни.

Во втората фаза на анализата направена е тематска рамка која овозможува концептуализација , односно избор на клучни прашања (теми) околу кои се групирани добиените податоци.

Следната постапка која е спроведена како трета фаза е индексирањето кое е спроведено дескриптивно. Врз основа на преслушаните одговори на наставниците направена е организација по теми.

Претпоследната, четврта фаза на обработка на податоците од интервјуто направено е групирање на одговорите од наставниците. Групирањето е по основ на начинот на обработка на темата холокауст на часовите по историја, македонски јазик, уметност и граѓанско образование.

Во последната пета фаза на анализата која премина во интерпретација на податоците, направена е категоризација. Од исказите на испитаниците добиени се податоци од кои може да се дефинира концептот на организација на едукативниот центар во Меморијалниот центар на холокауст на Евреите од Македонија.

## 8.Организација и тек на истражувањето

Теренската работа на истражувањето беше реализирана за период од еден месец и зависеше од договорот со избраниот примерок. Теренскиот дел беше реализиран во месец јуни, во 2011 година. Со претходна најава и договор со директорите, беше обезбеден пристап во училиштата и беа реализирани интервјуата. За секое училиште беше потребен по еден ден за да се реализираат договорените интервјуа.

Пред почетокот на интервјуто на наставниците им беше објаснето која е целта на интервјуирањето и начелно кои се прашањата за кои ќе треба да дадат свое мислење. Им беше напоменато дека доколку сакаат да останат анонимни тоа нивно право ќе биде испочитувано.

Истражувањето беше спроведено по следниот организациски редослед:

1. Составување на примерок
2. Подготовка на прашања за интервју
3. Договор со училиштата за реализација на интервјуто
4. Интервјуирање
5. Обработка на податоци по прашања од интервјуто
6. Определување на тематска рамка
7. Интерпретација на податоци и донесување заклучоци

Во фазата на обработка на податоци имаше одговори на прашања кои беа штури и неопределени.

# ТРЕТ ДЕЛ
# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Интерпретација на добиените резултати од спроведеното интервју со наставници

Интервјуто со наставниците почнуваше со неформален разговор околу нивното работно искуство, соработката со Еврејската заедница во РМ, луѓе кои ги познаваат од заедницата и колку сето тоа им помагало во реализацијата на часот посветен за холокаустот. Од нивните одговори се доби податок дека наставниците по историја и македонски јазик држат час посветен на холокаустот, а наставниците по ликовно или музичко помалку се заинтересирани за ваков час, бидејќи за нивниот наставен предмет оваа тема не е предвидена со наставната програма за предметна настава во основните училишта. Исклучок се училиштата каде се реализира проект за соживот и толеранција, кога ги обработуваат етничките заедници во Македонија, па тогаш се споменува еврејската заедница и нејзиното историско минато и се обработува преку речиси сите наставни предмети. Наставничка по музичко вели :

> „ Ја обработувавме музиката на различните етнички култури во Македонија. Опфатена беше и музиката на Евреите. Недостасуваат податоци и литература. Користев лични мои материјали (ЦД, пишани текстови) за да им ја објаснам спецификата на еврејската култура и музика.Музика која е чувствителна, сентиментална и драматична, што произлегува од историското минато на овој народ.“

Во некои училишта, освен редовниот час, кој е според наставната програма, се одржува и час на денот на депортацијата на македонските Евреи , 11 Март. Наставниците по историја изработуваат проекти со учениците , на часот по македонски јазик се пишува на тема Холокауст, а наставниците по ликовно таа тема ја обработуваат преку ликовните творби.

Поголемиот број наставници се пожалија дека нема доволно материјал за обработка на оваа тема.

Воведувањето на час посветен на холокаустот е втората тема за која наставниците дадоа свое мислење и споделија искуства. Генерално се согласија дека ваква содржина треба да се стави во наставната програма, иако во предметот историја, кога се изучува темата Втора светска војна, холокаустот се споменува. Исто така во граѓанско образование се споменува неколку пати, кога се изучува Универзалната декларација за човекови права и причините за нејзино настанување и кога се изучуваат темите: предрасуди, стереотипи и дискриминација. Посебен час нема и добро е, велат тие, да се воведе.

„ Холкаустот е дел од светската историја и е нешто што не смее да се заборави, но не смее ниту било кога да се повтори. Учениците од 7 мо одделение се доволно зрели да можат да ги акумулираат и обработат историските податоци за холокаустот."

„Преку оваа тема можат да се обработат и други историски настани, како на пример голготата на егејскиот народ" – вели наставник по историја, кој темата за холокаустот ја проширува и во пошироки временски рамки, споменувајќи го Димитар Влахов – личност која застана на страната на еврејскиот народ во турскиот парламент.

Наставничка по македонски јазик вели дека е потребен ваков час „Јас сум слушала приказни од баба ми , бидејќи пред војната биле соседи со еврејско семејство. Моите биле сведоци на депортацијата и раскажуваат колкав шок било за останатото население. Сум слушала за нивните празници и обичаи, за соживотот и затоа користам секаква можност да им ја пренесам на учениците меморијата за Евреите што е оставена од моето семејство. Порано имавме во наставната содржина обработка на дневник како жанр, па го обработувавме Дневникот на Ана Франк. Сега тоа не е во програмата, но јас го споменувам, а со учениците ја обработуваме „ Кога багремите цутат" од Бистрица Миркуловска. Се трудам да не се заборави она што им се случило."

Оние наставници кои навистина сакаат да го направат часот интересен и да внесат новини, заинтересирани се за дополнителни теми со кои би го збогатиле, прошириле знаењето на учениците. Самоиницијативно истражуваат и зборуваат за историјата и културата на еврејскиот народ, иако признаваат дека немаат многу познавање за обичаите,

храната, облеката и се она што е карактеристично за еден народ кој во голем број живеел на овие простори.

На ова се надоврзува следната трета тема за разговор - потребата од дополнителни обуки за наставниците за држење на часот посветен на холокаустот, како и потребата од дополнителна литература и специјална подготовка за држење ваков час. Стручните тимови во поголемите меморијални центри каде се врши едукација на наставници даваат препораки за тоа како да се држи часот посветен на холокаустот. Препораките се образложени во првиот дел од овој труд. Она што е важно е дека секој наставник мора да помине низ обуките кои даваат јасни смерници за постапноста во обработувањето на прашањата, специфичноста на третирањето на одредени прашања и секако почитувањето на индивидуата на детето – ученикот (неговата чуствителност, сензибилитет, емоционалност). Речиси сите наставници одговорија потврдно на ова прашање.

„ Потребна е и дополнителна обука и специјална подготовка за одржување на ваков час, бидејќи наставникот не е подготвен да се соочи со сите поставени прашања и ставови на учениците. Исто така, бидејќи станува збор за тема која може да предизвика различни емоции, имајќи ја во предвид возраста на учениците, наставникот треба да научи на кој начин и во која доза ќе ги пренесе информациите.“

Наставниците признаваат дека темата за холокауст е обемна и чуствителна, затоа треба да се подготват и тие самите, но и учениците. Предлагаат на обуки да одат и тие и учениците, така ќе има поголем ефект.

Во ова прашање опфатен е уште еден сегмент кој се однесува на знаењето или не познавањето на темата. Иако се наставници сепак им недостасуваат информации, а учениците воопшто не се инфромирани за холокаустот.

„ Ние возрасните немаме доволно информации за холокаустот, а од мојата досегашна пракса се покажа дека учениците немаат никакви познавања.“

Наставниците по историја повеќе се запознаени со факти и настани, но оние кои предаваат музика или ликовно, треба да се подготват  и потковаат со повеќе информации, бидејќи на овие часови може да се отвори широка дискусија.

„ Музиката ги спојува луѓето, таа не прави разлики, целта е единствена, затоа обуките ни се повеќе од потребни ако сакаме и ние наставниците по музика да се

вклучиме во реализација на вакви часови. Сметам дека преку проекти овие работи најдобро се учат и долго се паметат.“

Соработката со Еврејската заедница е од особено значење во процесот на подготовка и на наставникот и на учениците. Некои училишта организирале посета во Еврејската заедница и знат дека постои, но има и такви кои не слушнале за нејзиното постоење. Нивните очекувања се: заедницата повеќе да се ангажира за едукација на учениците, да обезбеди стручни лица кои ќе ги советуваат наставниците, да обезбеди литература, музика, филмови, средби со познати личности од со еврејско потекло.

Така произлезе следното прашање: Сметате ли дека реализацијата на ваков час ќе биде подобра доколку со учениците посетите некое автентично место, споменик, музеј или еврејска заедница каде можат учениците по лесно да ги восприемат податоците и фактите врзани со холкаустот?

Сите наставници на ова прашање одговорија потврдно. Тоа покажува колку им значи излегувањето од училницата и посета на места поврзани со темата која ја предаваат. Очигледно тоа не го прват често, потврда за оваа констатација е исказот на наставник кој вели: „Чуствувам потреба да ги однесам учениците на автентично место, објект, споменик или институција. Бидејќи сме ограничени со време заради реализација на наставната програма, тоа го правам понекогаш со учениците кои ја посетуваат историската секција на додатна настава.“

Позитивниот став кон оваа можност за реализација на наставна содржина го дадоа дури и наставниците кои не држеле до сега час посветен на холокаустот , па велат „ Можеби ќе биде по емоционално доживеана содржината со посетата“ или „ Добра е посета само за одреден предмет кој ја обработува темата.“

Оние наставници кои бараат начини како да ја им ја доближат темата на учениците присуствувале на повеќе комеморации пред споменикот во Тутунскиот комбинат и еврејските гробишта, а биле дел и од свечената церемонија на пренесување на урните на Евреите од Македонија, од Музејот на град Скопје до новиот Меморијален центар. Согласни се дека во Скопје нема многу места кои можат да сведочат за животот на Евреите во Македонија, но треба да се посети тоа што постои, за да се надминат предрасудите, доколку ги има, како и за дополнување на стекнатите знаења.

„ Посетите и средбите многу допринесуваат децата да ја сватат вистината, да научат за немилите настани. Кога зборуваме за некои работи од минатото, потоа одиме на автентично место, часот е многу убав. Учениците се претвараат во уво, потоа сами истражуваат на интернет, бараат фотографии и текстови. Добро би било да се организираат и предавања на кои ќе можеме и ние и учениците да научиме повеќе..."

Од одговорите на наставниците, би се издвоило размислувањето на наставник кој истакнува дека е потребна предходна подготовка: „Секако дека посети и средби се потребни, но учениците треба предходно да се подготват, да им се дадат некои предзнаења и да им се најави што можат да очекуваат од посетата или средбата."

Од она што го кажаа наставниците може да се заклучи дека часот посветен на холокаустот е добро да се реализира не само во училница, туку и на автентични места кои можат да послужат како добра основа за одредена вистинита приказна. Освен тоа потребни се посети и на Еврејската заедница и средби со преживеани од холкаустот и некои стручни лица кои би одржале предавање. Но, учениците предходно треба да бидат подготвени за вакво нешто со предзнаења кои ќе ги добијат на часот во училиште или со самоистражување.

Ново место каде можат учениците многу да научат би бил Музејот на холокауст во Скопје, па затоа наставниците беа прашани , какви се нивните очекувања од едукацискиот дел во Музејот на холокауст?

„ Јас веќе го имам посетено Музејот на холокауст во Скопје и можам да кажам со огромна восхит дека со својата архитектура, а посебно целиот ентериер, од поставката внатре , на самиот влез со фотографиите на многу загинати Евреи, до висечкиот лустер од монистра нанижени на онолку жици колку што загинале Евреи од Македонија (од Штип, Битола и Скопје), од поставениот автентичен вагон со кој се транспортирале, до видео бимот на кој постојано и во секое време може секој посетител да ги проследи документарните снимки, од таблоата со најсуштинските информации за Евреите и нивното потекло и живот во минатото до срдечното „ Добредојде" од домаќинката и водичот низ ова здание – целата оваа беспрекорна организација го оддава и презентира токму она кое секое човечко суштество, а најповеќе младите, можат да го почуствуваат – почит кон загинатите наши сограѓани и чуството на хуманост и човекољубие."

Добро би било кога секој наставник би го посетил музејот пред да ги однесе учениците за да може да се подготви тој за часот надвор од училница, а и да ги насочи учениците на што да обрнат внимание или на што повеќе да се задржат. Така подготвени ќе можат да поставуваат прашања, да дискутираат и да добијат желба да истражуваат и по посетата на музејот. Затоа еден наставник кусо одговара: „Да го посетам, па ќе одговорам."

Други наставници од своето искуство знаат дека децата на ваков начин подобро и по долго ги паметат фактите и информациите. Затоа очекуваат многу повеќе знаење кај учениците по посетата на Музејот на холокауст. Исто така очекуваат стручни лица кои на соодветен начин ќе ги пренесат информациите за да одговара на возраста на учениците. „ Претпоставувам дека обучени луѓе би сервирале попрецизни и селектирани информации во однос на возраста на публиката."

Освен стравотиите на војната и холокаустот некои наставници очекуваат во музејот да добијат информации за животот на Евреите пред војната, нивната култура, обичаи, музика, традиционална облека, што би помогнало да го објаснат и оној дел од историјата на овој народ што е поврзан со мирнодопско живеење и соживотот со другите етнички заедници на овие простори.

Од оваа временската дистанца, бројот на преживеани Евреи од холокаустот е се помал, а повеќето наставници се согласни дека средбите со нив би биле многу корисни и ефектни, па затоа очекуваат во музејот да имаат видео документација од искажувањата на преживеаните. Исто така очекуваат документарни филмови кои можат многу сликовито да им ги прикажат работите кои се случувале, а со тоа учениците подобро ќе го разберат геноцидот како појава во Втората светска војна и подолго ќе го паметат она што го научиле. Фотографиите кои ќе ги разгледаат исто така ќе им ја долови оригиналноста на концентрационите логори и ќе ја покаже беспомошноста на еден народ кој без причина бил уништуван.

„На децата не им влегува во глава како страдале Евреите, гасни комори, логори и гета. Немаат претстава за измачувањата, но во музејот сето тоа ќе го видат , ќе им го објаснат стручни лица и ќе го знаат, ќе можат да расудуваат што може еден болен ум да

смисли и направи на невино население и на деца. Мислам дека таму ќе го сватат и дневникот на Ана Франк.“

Едно е јасно, очекувањата на наставниците се големи и разновидни, ним многу ќе им помогнат стручните лица кои ќе работат во едукативниот центар на Музејот на холкауст. Тоа е место каде ќе се едуцираат и наставниците и учениците, сите заедно ќе научат „ Што може да се случи кога работите ќе излезат од контрола.“ Или како што вели наставник по ликовно„ Со запознавање на минатото, се отвараат нови видици за иднината.“

Предавањата во едукативниот центар на Музејот на холокауст треба да ги поттикнат учениците на критичко размислување, да им помогнат да ги надминат предрасудите за антисемитизмот, стереотипите и сите облици на омраза. Какви се размислувањата на наставниците за ваквата улога на овој центар?

„Сигурен сум , не само да се надевам. Колку повеќе знаат за другите заедници, толку е подобро за целата заедница. Збогатувањето на знаењата за другите заедници е добро, зошто не знаат каде ќе ги однесе животот. Со такви предавања треба да се продолжи и во средните училишта. Само така ќе се надминат стереотипие и недоразбирањата.“

Ова укажува на постоење на омраза меѓу ученици од различни етнички заедници, постојат предрасуди кои можат да се надминат со конкретни примери од минатото, затоа очекувањата на наставниците од она што би го понудил овој центар се реални. Токму тука тие ќе најдат конкретни примери, приказни, одговори на многу дилеми кои ќе ги разрешат на поинаков начин.

„Во училиштата се работат проекти за толеранција, но недостасува еврејската култура. Тука ќе научат повеќе за овој народ, па полесно ќе ги разберат и антисемитизмот, ксенофобијата и ќе се ослободат од стегите на предрасудите кои ги носат како пренесен багаж од возрасните. За поуспешно да се справиме сите ние со ваквите стеги на различност овие теми треба да се разработуваат и во други музеи.“

Има наставници кои не забележале вакви појави кај учениците, напротив тие имаат различни искуства од оние кои ги споменав.

„Во нашето училиште учат двајца ученика со еврејско потекло. Кога одат во Израел на учениците им раскажуваат за животот во оваа земја. Кога зборуваме за холокаустот тие се во центарот на внимание и зборуваат за животните приказни на своите претци. Од нив многу учиме , а што е важно тие се омилени во одделението " – вели наставничка по историја, задоволна што вакви појави не се забажежани во нивното училиште. Но, зачудено одговара на ова прашање наставничка по македонски јазик: „Јас не сум препознала во мојата наставна пракса вакви појави кај учениците, но доколку потајно постојат, сметам дека едукативниот центар ќе придонесе во голем степен да се надминат овие негативни појави." Веројатно ваквите појави не се забележани во основните училишта, бидејќи речиси сите наставници даваат идентичен одговор : „Не сум забележала , но доколку има или се појават, ќе се спречат во самиот старт."

Завршница на интервјуата со наставниците беше прашањето кое не води во сверата на дополнителни сознанија кои можат да бидат и едукативни и воспитни, а во исто време се задача на центарот за едукација во Музејот на холокаустот. На прашањето : Дали со едукација за холокаустот може да се поттикне критичкото мислење и интелектуалната љубопитност кај учениците? Сите испитаници даваат позитивен одговор . Речиси сите сметаат оти тоа зависи од начинот на кој ќе им се претстави содржината.

„Моите ученици беа поттикнати да истражуваат и затоа отидовме во библиотеката на Еврејската заедница. Таму истражуваа, бараа информации и добиваа одговори на многу прашања кои ги поставуваа по пат до таму. Преку критичко мислење добија комплетна слика за холокаустот, времето кога се случувале настаните, последиците."

Повеќето наставници ја спомнуваат книгата „Дневникот на Ана Франк" култна книга која е одличен извор на многу инфромации и добра водич за дискусија преку која се поттикнува критичкото мислење. Иако во програмата веќе не се обработува , тие сепак ја користат. Наставниците велат дека учениците имаат некои предзнаења и токму тоа е добар вовед за дискусија, заинтересирани се за темата и едвај чекаат да го кажат своето мислење.

„Иако се забележува мала пасивност и незаинтересираност кај учениците од 8 одделение (што не е случај само за оваа тема , туку генерално многу нешта им се не интересни), сепак доколку добро се воведат и се поттикнат на активен мисловен процес,

сето тоа оди во критичка насока.“ Радува податокот дека сепак желба за истражување, дискусија и развивање на критичко мислење кај некои ученици постои: „ Љубопитство постои и тоа е мотив и за мене. Учениците ме поттикнуваат и јас да истражувам и да размислувам критички, така заеднички доаѓаме до заклучоци кои мислам дека не водат на добар воспитен пат.“

Има наставници кои не знаат како може оваа тема да се искористи во насока на развивање на критичко мислење. Ним им е потребна обука или насоки од стручни лица кои би им дале смерници како да го реализираат часот во насока на будење на љубопитност за темата. Тоа се обично наставниците од предметите ликовно или мизичко, кои се држат до наставната програма и ретко прават отстапки со други теми. Сметаат дека преку овие уметности и преку темата за холокауст ,сеуште е рано да се работи на поттикнување критичко мислење. Па во одговорите се воздржани „ не сум сигурна“ , „Можеби , но јас не би се нафатил“ и сл. За разлика од нив наставниците по историја ја користат темата за дискусија која ги поттикнува учениците на критичко размислување, давање став или мислење за геноцидот на Евреите „ Сметам дека темата за холокауст треба да се поврзе со некоја актуелна тема и така напоредно и споредбено да се дискутира и да се обработуваат историските проблеми , а и оние на денешницата.“

* * *

По анализата на податоците од интервјуто со наставниците во основните училишта може да се констатира  дека постојат четири групи на наставници кои се разликуваат по своите ставови, размислувања и активности за часовите посветени на холокаустот.

Првата група наставници имаат позитивен став кон оваа тема. Според нив постои потреба да се зборува, учи и истражуваа за оваа тема. Тие ги поттикнуваат учениците критички да размислуваат, отвораат дискусии на часот посветен на холокаустот, ги мотивираат да истражуваат и што е многу важно организираат посети на автентични места (споменици, еврејски гробишта, Еврејска заедница). Учествуваат и на комеморации и разни манифестации од еврејската култура кои ги организира Еврејската заедница во РМ. На тој начин создаваат традиција на континуирана соработка со Еврејската заедница и секоја

наредна генерација зема учество во активностите. Овие наставници себеси се надоградуваат, учествуваат на меѓународни конкурси за проекти од оваа област, прават предходни подготовки за часот и што е важно, ги вклучуваат и другите одделенија во проектите кои ги реализираат. Така учениците добиваат подготовка за темата холокауст, па кога ќе дојде време да се обработува според наставната програма, тие имаат предзнаење стекнато на индиректен начин. Оваа група наставници соработуваат со свои колеги од други училишта, па и на тој начин ја збогатуваат образовната понуда на својот час. Разменуваат едукативни материјали и идеи кои се надоградуваат. Важно за нив е што одат и подалеку од содржината дадена во учебниците. На пример: неодамна присуствував на семинар во Скопје, кој го организираше Меморијалниот центар и на кој присуствуваа наставници од наши училишта и наставници од околните земји. Меѓу нив имаше и наставници кои сум ги интервјуирала. Ја обработуваа темата „Балканска еврејска историја, холокаустот и новите технологии". Наставниците го минаа викендот во Меморијалниот центар учејќи ги новите начини на обработка на темата холокауст и културните обележја на еврејскиот народ. Учеа како да снимаат филм со нивните ученици, како по лесно да ја приближат темата до учениците. Задоволни и со многу ентузијам се вратија дома, искажувајќи благодарност за се што научиле. Рекоа дека научиле повеќе од она што го знаеле и она што го добиваат во учебниците. Нивна заедничка констатација беше дека холокаустот не се учи само преку концентрационите логори, потребна е едукација за животот на Евреите на овие простори пред војната. Рекоа дека токму тоа недостасува во учебниците, а после овој семинар добија насоки како да дојдат до вакви податоци, но и како практично да ги применат. Наставниците кои беа интервјуирани (и се дел од оваа група) и присутните на семинарот навистина сакаат да го збогатат часот и користејќи ги новите, современи технологии да го задржат вниманието на учениците, создавајќи пријатна атмосфера за работа и учење.

Втората група наставници кои беа интервјуирани ја извршуваат својата работна задача според наставен план и програма и ништо повеќе од тоа. Нивниот фокус е само учебникот и часот кој треба да се одржи, а се што би можело дополнително да се организира или сработи за нив е тешкотија. Наоѓаат разни оправдувања за да не излезат со учениците од училиште. Сметаат дека темата холокауст е тешка тема и нема потреба

повеќе да се разработува од она што е понудено во учебниците. Велат дека децата не се подготвени за нешто повеќе врзано со оваа тема, а содржината во лекцијата е прилагодена според возраста и потребите на ученикот. Не користат иновации во наставата и часовите. Не се заинтересирани за себеизградување и не размислуваат за воведување нови технологии во наставата. Оваа група наставници не одбиваат обработка на темата – холокауст , но и не сметаат дека по обемната обработка на овој историски период би придонел за критичко размислување кај учениците. Сметаат дека дополнителни обуки за обработка оваа тема не им се потребни.

Третата група ја чинат наставници кои не покренуваат иницијатива за нешто дополнително од редовната настава, но доколку некој во училиштето организира или им понуди соработка, би прифатиле. Тоа се наставници на кои им недостасува иницијативност, организација и немаат истражувачки дух. Доклоку некој од колегите би започнал проект врзан со холокаустот, би учествувале во реализацијата на истиот. Нивните ученици сами истражуваат и а ги организираат активностите во рамките на училишната групна работа. Овие наставници не навлегуваат подлабоко во суштината на проблемот и не се „оптоваруваат" за тоа како учениците размислуваат за на пр. меѓуетничките односи. Не развиваат дискусии на часовите за холокауст и не ги разгледуваат суштинските проблеми кај учениците (нетрпеливост, конфликтност, ксенофобија) кои можат да се детектираат токму преку разработка на оваа тема. Тие се расположени за посетување обуки, а дополнителни материјали за реализација на темата користат доколку им понуди некој колега.

Последната , четврта група наставници се луѓе од уметничкиот свет и се апсолутно незаинтересирани за нешто што е поврзано со историја. Чест на исклучоци, кои ги има малку, генерално наставниците по ликовно или музика не сакаат да обработуваат таква тема. Велат дека тоа не им е во програмата и не се подготвени за такво нешто. На интервјуто одговараа незаинтересирано и со куси одговори „да и не". Тие досега никогаш не обработувале таква тема, а и немаат во план да ги однесат учениците во новиот Меморијален центар. За нив постојат други содржини кои се интересни за обработка. Иако се обидов да им посочам музичари и ликовни уметници кои се светски имиња и заминале

засекогаш во геноцидот на Евреите, и токму преку нивните дела можат да ги запознаат учениците со холокаустот, кусо одговараа дека не им е тоа во програма.

Генерално може да се каже дека сите наставници кои работат во основните училишта и ги предаваат предметите: историја, македонски јазик, граѓанска култура, музика и ликовно имаат добра основа за реализација на проекти од еврејската култура и традиција. Со овие проекти ќе ги воведат учениците во по комплексната тема за холокаустот и ќе можат да го реализираат она што е во наставната програма , но на поинаков, суптилен, современ начин. Потребна е поголема комуникација со едукативниот центар во Меморијалниот центар, посета на истиот, соработка со стручни тимови од Меморијалниот центар и учество на семинари и обуки. Оние наставниците кои се заинтересирани, сами бараат материјали и тешко доаѓаат до нив, другите поради комплексноста не се ни трудат, па затоа едукативниот центар ќе им понуди се што им е потребно за реализација на часот наменет за холокаустот. Оние кои се помалку иницијативни , ќе ги посети стручно лице од едукатиниот центар и ќе ги поттикне на соработка. До сега наставниците работеле според сопствени искуства и согледувања, а од сега ќе имаат каде да се обратат за каква било консултација или совет. Затоа сметам дека постоењето на едукативниот центар е од особено значење и посакувам негово што поскоро функционирање и вклучување во воспитно – образовниот систем во Македонија.

## 2. Анализа на едукативните центри во Меморијалниот центар „Јад Вашем" во Јерусалим и Еврејскипт музеј во Берлин

Новиот Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија е институција која допрва треба да се развива како организациски, кадровски , така и содржински. За да може да го носи името Меморијален центар треба да се создадат услови за негово комплетно надоградување, па од музеј на холокаустот, да прерасне во меморијален центар. Во оваа почетна фаза неговото растење како музеј е во добра насока, бидејќи ги исполнува сите предходно споменати задачи и цели на работење. Организира изложби, предавања, семинари, научни трибини, работи на проекти од областа на образованието и воспоставува релации со соодветни институции во државата и надвор од

неа, публикува разновидни материјали и книги и т.н. Она што во оваа фаза му недостасува е постојана поставка, која е во подготовка и која е основа за организација и реализација на голем број активности. Во оваа фаза на „растење" на музејот, сметам дека е неопходно да се развива и идејата за втемелување на едукативне центар во самиот музеј, кој би имал фундаментално значење за поврзувањето на музејот со системот на образование за холокауст во училиштата во Македонија. Токму затоа сметам дека е потребна добра база за развивање и реализација на идејата за постоење на едукативен центар. Организацијата на едукативниот центар би била комбинација на искуства од други веќе потврдени музејски институции. Моја опсервација во овој труд се два сосема различни по својата работа центри, но имаат иста цел. Меѓународното школо за холокауст кое работи во рамките на Меморијалниот центар „Јад Вашем" во Јерусалим и едукативниот центар во Еврејскиот музеј во Берлин. Првиот е најголемиот меморијален центар во светот и има најдолго искуство во едукацијата, а вториот е релативно нов и има поинаков – современ, пристап во едукацијата на децата, младите и наставниците. Израел едуцира нови генерации за холокаустот преку документирање на историјата на еврејскиот народ , создавајќи архиви, чувајќи сведоштва. Еврејскиот музеј во Берлин го претставува холокаустот како празнина, обрнувајќи особено внимание на животот на Еврејската популација во Германија пред и после холокаустот, истакнувајќи го огромниот придонес на оваа заедница за целокупното растење на Германија. Нивните сличности и разлики даваат добра основа за организација на едукативниот центар во Меморијалниот центар на Евреите во Македонија. Преку претставување и анализа на нивната образовна понуда, ќе предложам концепција за новиот едукативен центар во Македонија.

## 2.1. Меморијален центар „Јад Вашем "

Меморијалниот центар „ Јад Вашем" е основан во 1953 година врз основа на одредбите на законите изгласани во израелското собрание – Кнесет. Од самото основање на овој меморијален центар, доверено му е документирањето на историјата на еврејскиот народ за време на холокаустот, како и чувањето на сеќавањата и сведочењата на секоја од шестте милиони жртви. Сето тоа да се пренесе како наследство на новите генерации

збогатувајќи ги архивите, библиотеките, училиштата, музеите. Секако во чувањето на меморијата не смеат да се заборават и „Праведниците меѓу народите“.

Сместен е на Хар Хазикарон ( брдото на сеќавања за Ерусалим). Меморијалниот центар претставува голем комплекс со стази, оивичени со дрвореди кои водат до музејот, изложбени простории, архиви, споменици, скулптури и спомен – обележја.

Музејот е дизајниран од страна Моше Сафдие, има форма на призма, која се протега низ предел осветлен од 200 метри долг светларник. Посетителите следат пат, кој ги носи преку подземни галерии кои се разгрануваат од главната сала. До неа има серија непроодни празнини кои се протегаат по должината и широчината на призмата. Со помош на овој внатрешен дизајн од страна Дорит Харел, претставени се клучните пресвртни точки во историјата на холокаустот .

Домот на имиња (Hall of Names) е споменик на 6 милиони Евреи кои исчезнаа во холокаустот. Главната сала е составена од два конуса: едниот е висок десет метри, со конусно ископани камења и својата база ја полнат со вода. На горниот конус се прикажани ј 600 фотографии на жртвите од холокаустот и фрагменти од пишани сведоштва. Овие се рефлектираат во вода на дното на долниот конус, во сеќавање на оние жртви чии имиња остануваат непознати. Околу платформата во кружна форма е поставено складиштето каде се сместени околу 2,2 милиони страници на сведоштва собрани до сега, но со празни простори за оние кои допрва треба да се внесат. Од 1950 година, Јад Вашем има собрано околу 110.000 аудио, видео и писмени сведоштва од преживеани од холокаустот.

Повеќе од шест децении Јад Вашем се бори со предизвиците на секоја нова генерација, интегрирајќи ги технолошките иновации во традиционалните методи на учење за холокаустот. Овој центар интензивно се развива и ги осовременува своите педагошки алатки, научните ресурси и иновативните методи за одбележување на значајни комеморации .

Повеќе од половина век, Јад Вашем се развива во четири области кои го оживуваат сеќавањето.Тоа се :

1. Комеморација
2. Документација

3. Истражување
4. Образование

Јад Вашем организира курсеви за професионален развој за едукатори во Израел и низ целиот свет. Развива соодветни на возраста студиски програми, наставни планови и создава образовни материјали за израелските и странски училишта. Во областа на уметноста , организира изложби за холокаустот, потоа ги собира имињата на жртвите од Холокаустот,нивни фотографии, документи и лични артефакти и ги архивира сведоштвата од жртвите од холокаустот . Јад Вашем се обидува да го зачува споменот и имињата на шесте милиони Евреи убиени во времето на холокаустот и бројни еврејски заедници уништени во тоа време. Одржува и церемонии на сеќавање и комеморации, поддржува истражувачки проекти, развива и координира симпозиуми, работилници и меѓународни конференции. Од издавачката дејност, објавува истражувања за холокаустот, мемоари, документи, албуми и дневници поврзани со холокаустот.

Јад Вашем не ги заборава и праведниците неевреи, ним им оддава големи почести, бидејќи тие ги ризикувале своите животи за да спасат Евреи за време на холокаустот.
За овој труд важен е делот за образование , па затоа ќе се задржам повеќе на едукативните потенцијали на овој центар. Важен сегмент во овој дел од Јад Вашем е Меѓународното школо за холокауст.

### 2.1.1. Меѓународно школо за холокауст – Јад Вашем

Основано е во 1993 и од самиот почеток организира образовни програми и изработува материјали за разновидна возрасна популација, за образовни установи во Израел и секаде во светот. Повеќе од 100 луѓе секоја година работат на едуцирање и промовирање на спомените за холокаустот. Се работи со наставници, но и со заинтересирани од секакви други професии. Дефиницијата за едукација за холокаустот која ја разви ова Меѓународно школо опфаќа мултидисциплинарен пристап, а се фокусира на начинот на кој луѓето живееле пред, за време и после холокаустот, како и на феноменот „ избор без избор“ со кој поединци биле соочени токму во тој период.

Меѓународното школо за холокауст е единствено од ваков вид во светот. Мисијата на ова школо е ширење на образование за холокауст, преку збогатување на знаењата на луѓето низ целиот свет, како и давање педагошки смерници и соодветни методи за образование за оваа специфична и тешка тема.

Интердисциплинарниот пристап за образование на холокаустот се имплементира низ уметноста, музиката, литературата, драмата и теологијата. Само така може на луѓето да им се претстави верната слика на она што се случувало за време на холокаустот – сметаат стручните едукатори во мешународното школо.[31]

За полесна анализа на она што го нуди ова школо ќе ги претставам сите едукативни можности и потенцијали кои им се понудени на наставниците.

**А. Едукативни материјали во Меѓународното школо за холокауст**

Образовната филозофија на Меѓународната школа за холокауст, е конципирање соодветни на возраста образовни часови и мултидисциплинарен пристап кон образованието за холокаустот. Создадени се разновидни и богати наставни единици и методи за сите возрасти. Разновидните алатки, дизајнирани за наставникот , му овозможуваат на соодветен начин да ја приближи темата за холокаустот. Едукативните материјали се поделени во :

а. Наставни планови

б. Одбележувања на датуми

в. Фокус на тема

г. Холокаустот и уметноста

д. Образовни ресурси

ѓ. Одбрани книги

е. Меѓународен ден на холокаустот – 27 јануари

ж. Артифакти

з. Интервјуа

ѕ. Филмови со сведоштва

---

[31] http://www.yadvashem.org/yv/en/education/school/pedagogical_philosophy.asp

Сите од ове ресурси раполагаат со голем фонд на материјали, предлози, идеи, поткрепени со фотографии, видео и аудио документација која е ставена и on – line на наставниците и учениците.

а. Наставни планови

Наставните планови опфаќаат некои од поважните теми на холокаустот, детали за тоа како тие може да се реализираат на часот. Понудата се надополнува од време на време, како што персоналот на Меѓународната школа за холокауст подготвува нов материјал.

- За основното училиште (возраст 9-12)
- За средно училиште (возраст 13-15)
- За средношколци (возраст 15-18)

Наставните планови вклучуваат водичи, повеќе наменети за наставникот и нуди интерактивни активности.

б. одбележувања на датуми

Во овој дел можат да се најдат многу предлози за одбележување на датуми, како што се : Ден за сеќавање на холокаустот, хероите и мачениците од Израел, Кристална ноќ, Ослободување на Аушвиц, Завршување на војната и т.н. Овие датуми се обработени преку предлог теми, активности за учениците, сведоштва, дневнички записи, поезија и молитви. Понудени се и насоки за организација на комеморации. Материјалите се наменети за средношколци и основци од 7 и 8 одделние.

в. фокус на тема

Понудени се материјали кои содржат интердисциплинарни или интерактивни алатки за учење. Овие материјали често се фокусираат на одредена тема : деца во гета, холокаустот во уметноста, повоените искуства на преживеаните . Овој дел од образовните материјали е поврзан со наставните планови, што значи, можат да се користат и соединат предлози од двата дела.

г. холокаустот и уметноста

Овој дел ги обединува едукативните материјали за холокаустот и уметноста. Вклучени се голем број на наставните планови, водичи за наставникот, статии и интервјуа, поделени во разни уметности (музика, ликовна уметност, литература – поезија,

Сите овие материјали содржат детална разработка на секој сегмент. На пр: Обработка на поемата од Дан Пагис (1930 – 1986) , „Напишано со молив во Затворени вагони“

- Вовед
- Образовни цели
- Презентација на песната
- Белешки за наставникот по секоја тема
- Пример со првото библиско семејство како прототип за хумани релации
- Љубомора и Убиство
- Местото на мајките во две трагедии
- За човековите потреби да остави сведоштво
- Негирањето на холокаустот
- Значењето на "Марк на Каин"
- Заедништво на луѓето
- Теолошко прашање прашање

Понудени се дури и заклучоци кои треба да се разработат на часот на кој се обработува темата.

д. образовни ресурси

Оваа секција ги пребарува базите на податоци и збирки, избрани и подредени за наставникот. Содржат : фотографии, документи, сведочења, лексиконски записи и многу повеќе, подредени според тема и / или клучен збор.

ѓ. одбрани книги

Во овој дел, одбрани се соодветни книги кои се во функција на темата - холокауст . Понудени се многу текстови кои ги обработуваат начините за користење на одбрана книга за часовите по холокауст. Оваа страница е редовно ажурирана, во зависност од тоа како персоналот на Меѓународната школа за холокауст ги подготвува статиите.

е. меѓународен ден на холокаустот - 27.јануари

Во овој дел се понудени голем број материјали со кои се даваат насоки како да се одбележи овој значаен датум. Поголем фокус е ставено на концентрациониот логор Аушвиц (постанок, случувања, затварање). Понудените материјали се на повеќе јазици.

ж. артефакти од холокауст

Овој дел се фокусира на артефакти, со кои наставниците можат да се информираат за одреден холокауст период. Овие предмети, кои се дел од Јад Вашем колекцијата, се единствени: тие се дел од настани кои се случиле за време на холокаустот, имаат емоционална вредност. Секоја приказна за овие артефакти е придружена од референтни точки и дискусија како да се користи со ученици. Овој дел редовно се надополнува со нови артефакти и статии. Еве неколку примери од понудени артефаки: рецепт од готвач, лента од платно, уметнички артефакти создадени во концентарциони , жолтата ѕвезда на Давид Батон која бугарските Евреи биле принудени да ја носат во 1941 година, сет за обрежувањето - комплет од грчки Евреин, дневници и бележници, детски чевли, знамето од Еврејската младинско движење во Германија...Повеќето од овие артефакти се потпишани со имињата на сопствениците или донаторите, што кажува на веродостојноста на истите.

з. интервјуа

Овој дел, изобилува со разговори со преживеаните и специјалисти во образованието за холокаустот. Сите интервјуа и написи ги нагласуваат важните аспекти на историјата, образованието и развивање на свеста да не се повтори холокаустот.

ѕ. филмови и сведоштва

"Сведоци и образование" е серија на филмското сведочење во кое преживеаните ги раскажуваат нивните животни приказни на локации во кој настаните се случиле. Преживеаните се придружени на ова патување од страна на обучени професионалци од Меѓународната школа за холокауст и на тој начин прашања имаат педагошка природата. Филмот е достапен на 7 јазици. Доживеа голем успех и е виден од страна на десетици илјади едукатори, студенти, и јавни службеници од целиот свет.Проектот е заеднички производ на Меѓународната школа за холокауст студии на Јад Вашем и Центарот за Мултимедија програмите од Хебрејскиот универзитет во Јерусалим. Ова е само еден пример од многуте серии и филмови кои се понудени како алатка за обработка на темата холокауст.

**Б. On – line курсеви**

Во едукативниот дел на Меѓународната школа за холокауст се и он – лине курсевите кои се подеднакво атркативни и за наставниците од Израел и сите други кои работат на холокаустот. За овие курсеви се користат материјали од богатата архива и сите други ресурси, како и најновите истражувања, проекти од наставници и еврејски заедници. Тие даваат единствена можност за проширување на знаењата кај наставниците на еден едноставен и флексибилен начин. Целиот курс се реализира на интернет, вклучувајќи ги и домашните задачи, проверката,оценувањето, насоки за работа и учење и се што му е потребно на оној кој е дел од он- лајн курсот. Секој курс содржи 12-13 лекции, материјали и задачи од лекциите кои мора да се изработат, а потоа учесниците ги праќаат. Секој учесник мора да се регистрира, а една регистрација важи во период од 6 месеци.

**В. Секторот за меѓународни семинари**

Во овој сектор спаѓаат семинарите за наставниците кои користат англиски јазик, наставници од целиот свет кои работат во еврејски образовни установи, едукатори од Европа, од јужно американските земји и наставници од Австралија. За сите семинари постои точен распоред со датуми, така што секој кој сака да партиципира може да го организира своето време. По својот пристап се различни , а целта е иста:Холокаустот како интегрален фактор за еврејскиот идентитет и меморија.

**а.) Семинарот за наставниците кои користат англиски јазик**

Овој деветнаесет дневен семинар бара огромна доза на физичка, интелектуална и емоционална издржливост. Низ поголемиот дел од семинарот се следат предавања од еминентни научници во различни области на холокаустот. Семинарот е изграден на три главни столба: академски, педагошки и искуствени рефлекси на образовна филозофија на училиштето.

- Академски компонента нуди патување низ историјата и културата на еврејскиот народ во меѓувоениот период. Продолжува низ историјата на антисемитизмот, фазите на конечното решение и Еврејскиот одговор на нацистичкиот напад. Оваа компонента вклучува предавања од литературата, теологијата, психологијата и уметноста.

- Педагошка компонента им овозможува на учесниците запознавање со алатки и сооддветни педагошки материјали кои одговараат на возраста. Се моделираат серија на различни наставни ресурси, кои се развиени во Меѓународната школа за холокауст.

- Искуствената компонента има три различни делови. Првата и најверојатно најважниот дел е средби со преживеаните. Вториот дел е теренски , а третиот содржи серија на филмови и работилници.

На семинарот, исто така, се обработуваат теми поврзани со антисемитизмот и негирањето на холокаустот низ светот, вклучувајќи стратегии за борба против овие појави. На овој семинар на наставниците им се нуди единствена можност за збогатување на знаењата, развивање на вештините како едукатори и запознавање на земјата Израел која е дом на еврејскиот народ.

**б.) Семинари за наставници од целиот свет кои работат во еврејски образовни установи**

Бидејќи стручните лица од Јад Вашем констатирале дека секој наставник, едукатор во светот користи различни методи за обработка на холокаустот , конципиран е овој семинар кој ќе ги унифицира сите методи.

Меѓународната школа за холокауст нуди двапати годишно семинари за еврејски едукатори од формалните и неформалните образовни институции. Наменети се за : лидерите на заедниците, програмски директори, рабините, младинските групи, камповите и колеџ директори. Семинарите вклучуваат : работилници за креирање на соодветни програми за одредена возраст, мулти-дисциплинарни материјали, програми за спомен комеморации, предавања од светски познати истражувачи, автори, и универзитетски професори.

На семинарот се дискутира за прашања како што се:

- Образовна филозофија на холокауст образованието во Јад Вашем
- Тековните проблеми во холокауст истражувањата и образованието
- Еврејскиот живот во различни европски заедници пред војната
- Историски преглед на холокаустот
- Антисемитизмот и негирањето на холокаустот

- Мулти-дисциплинарен и соодветни на возраста педагошки програми
- Интергенерациски пренос на холокауст меморијата
- Холокаустот образование и технологија

Сите теми и активности на овој семинар се реализираат со цел да се задоволат потребите на еврејски образовните институции во светот.

**в.) Семинари за едукатори од Европа**

Во рамките на Програмата за холокаустот образование во Европа, Европскиот оддел на Меѓународна школа Јад Вашем , спроведува семинари за европски едукатори во нивните образовни области и го поттикнува создавањето на професионални мрежи. Покрај тоа, развива интердисциплинарен студиски материјал за наставниците и учениците на околу осумнаесет европски јазици.

Европскиот оддел за Меѓународна школа Јад Вашем на холокаустот е основан во 2005 година со цел да ги поттикне едукаторите со поинакви педагошки алатки и дидактички методи да едуцираат за холокаустот. Одделението прилагодува и прави материјали и предлага методи за работа за европската едукатори, со цел да се заштитат човековите права и да им овозможи на студентите повеќе да навлезат во темата и полесно да ја разберат.

**Г. Педагошки и ресурсен центар**

Педагошкиот и ресурсен центар е специјализиран за давање информации, кои нудат тематски консултации за наставници, едукатори и ученици вклучени во холокауст образование.

Вработените во педагошкиот и ресурсен центар се професионални советници, едукатори и академици со значително искуство во холокауст образованието, обучени да обезбедат релевантни едукативни материјали врз основа на посебните потреби на едукатор, водич или ученикот.

Овој центар нуди:

- Индивидуална настава , консултации и услуги за наставници, водичи и студенти

- Консултации за подготовка на комеморации, одбележувања, ресурсни центри, училишни изложби и други активности
- Совети за креирање наставните планови соодветни на возраста на учениците
- Вработените помагаат на барања препорака за наставни единици, наставни планови, филмови и други ресурси
- Организира работилници за наставниците
- Користење на бази на податоци од Јад Вашем и другите ресурси
- Консултации за средношколците во подготовка на научни трудови и / или семејни истражувања
- Помош за студенти во собирањето материјал

Материјалите во педагошкиот и ресурсен центар се состојат од : колекција од околу 5.000 основни наставни книги, списанија, мемоари и литература на оваа тема на холокаустот. Потоа, наставни планови за наставата на холокауст за различни возрасни групи, има и примери на образовни проекти направени од различни училишта низ целата земја. Студентите избираат трудови кои се за нив интересни, како и околу 1.000 играни и документарни филмови за холокаустот

**Д. Е-Билтен за холокауст едукатори**

Е-билтенот за холокауст едукатори се објавува на интернет четири пати годишно од страна на Меѓународната школа за холокауст. Тој е наменет за наставниците и едукаторите, водичи и сите оние кои се заинтересирани за холокауст образование. Во овој е-билтен се нудат нови насоки за проширување на образовниот дискурс за холокаустот.

**Ѓ. Меѓународни проекти и партнерства**

Меѓународната школа за холокауст разви широк спектар на проекти и партнерства со мултилатералните организации, за да ги промовира холокаустот образованието и комеморацијата во целиот свет. За таа цел креираше водич за холокаустот и образованието за човекови права во ЕУ. Водичот е многу практичен за наставниците и едукаторите кои сакаат да изготват наставни проекти во кои ќе ги поврзат холокаустот и човековите права.

**Е. Меѓународни конференции**

Меѓународните конференции за холокаустот и образование се доста посетени и оценети се како огромен успех. Секоја меѓународна конференција се фокусира на одредена тема или аспект на холокауст историјата и образованието, а учесници се државници, лидери и политичари кои практично се носители на одлуки од министерски и владини нивоа, учествуваат и меѓународни експерти, едукатори, и директори на разни институции. На конференциите генерално се организираат различни панели од страна на водечките холокаустот експерти, работилници, посети, и други активности кои можат да им помогната на учесниците лидери да го имплементираат она што ќе се заклучи на конференцијата.

**Ж. Каталог на меѓународни материјали**

Овој каталог содржи информации за различни наставни единици и методи создадени и развиени во Меѓународниот школа. Презентирани се дидктичките материјали кои можат да ги користат наставниците, децата , а и сите останати кои имаат потреба од холокауст едукација. Подредени според возраста на децата (од градинка до средно школо), со посебен дел за цела публика , дава основни информации за предметот (книга, цд, филм, музика, фотографии, постери) и за секој производ има одредена цена, па корисникот , според буџетот ја планира и набавката на материјалите.

Во рамките на Музејскиот комплекс кој ги опфаќа : Историскиот музеј на холокауст, Музејот на уметност, Изложбениот павиљон, Визуелниот центар и Синагогата, се наоѓа и Центарот за обука, кој за овој труд има значење и заслужува внимание. Наменет е за сите посетители.

**З. Центар за обука**

Посетителите на новиот Музеј на холокауст во Јад Вашем, се соочуваат со многу факти кои иницираат дилеми врзани со етика, образование, теологија и филозофија. Освен дилемите, посетителите ги восприе меаат информациите поставувајќи си прашања кои бараат длабока дискусија, бидејќи се повеќе од опис на историски настан. Од досегашните искуства на експертите во Музејот на холокауст, посетителите најчесто ги поставуваат

прашањата : Како е возможно една култивирана нација во централна Европа, во 20 ти век, да стане сторител на масовни убиства? Што го прави холокаустот единствен, уникатен? Што се случи со концептите на "добро" и "зло" по холокаустот? Се опорави ли светот од траумата на холокауст? Како може да се влијае на новите генерации, сеќавањето за холокаустот да остане трајно?

Новиот Центар за обука им помага на посетителите да се справат со прашањата и дилемите со помош на експертските имиња од областа на холокауст. Организираните дискусии на одредена тема ги третаираат прашањата поврзани со холокаустот од поинаков аспект и се доаѓа до одговори кои даваат јасна претстава за различните аспекти на темите. Во Центарот за обука, инаку познат како "Центар за важни прашања кои произлегуваат од холокаустот", постои стандарден компјутеризиран информативен дел кој е замислен како центар за самоистражување, односно посетителите треба да тргнат на пат на лично истражување. По влегувањето во центар, со помош на светло кое ротира во круг, постепено се проектираат прашања, како капки вода, во средината на подот, кои потоа се здружуваат и прават кругови околу собата како бранови на вода. Оваа симболика е поврзана со идејата дека едно прашање е само капка во океанот, но може да генерира бранови врз брановите на дополнителни прашања. Центарот вклучува меѓу 10 и 20 основни прашања кои бараат темелна и сериозна студија.

Во централниот дел на главната просторија, им се овозможува на групите да дискутираат за некои од овие прашања преку мултимедијални презентации, водени од страна на обучени едукатори од Меѓународната школа за холокауст. Надворешниот круг околу централниот дел, е опремен со компјутерски терминали и слушалки овозможувајќи му на посетителот да ислуша некоја дискусија или предавање. Тука, посетителите гледаат, слушаат и читаат мислења за "големи прашања", искази од страна на преживеани од холокаустот, верски лидери и мислители, писатели, уметници, историчари и истакнати истражувачи.

## 2.2 Еврејски музеј во Берлин

Овој музеј постои од 1933 година, сместен е во зградата на поранешната судница која била изградена уште во 18 век. Работел само до 1938 година, а кога нацистите дошле на власт, го затвориле и не работел се до 1975, кога еврејска културна група покрена иницијатива за негово повторно отворање. Кон крајот на 80 тите години на минатиот век властите во Берлин распишале анонимен конкурс за проширување на оваа зграда. Нивната цел била да се врати еврејската култура во Берлин. Даниел Либескинд победил на конкурсот на кој учествувале многу познати светски имиња од архитектурата. Она што ја натерало комисијата да го избере токму ова архитектонско решение, било успешното обединување на еврејскиот живот пред, за време и после холокаустот. Музејот мошне експлицитно ги претставува и интегрира, за првпат во повоената Германија, последиците од холокаустот. Новиот дизајн, кој е направен една година пред падот на Берлинскиот ѕид, се темели на три концепции кои ја креираат основата на музејот:

1. Улогата на интелектулниот, економскиот и културниот придонес на еврејските граѓани за историскиот развој на Берлин
2. Потребата за духовно и физичко интегрирање на значењето на холокаустот во свеста и сеќавањата за градот Берлин
3. Признавањето на она што се случило во Берлин е иднината на овој град и Европа која се залага за хуманост и заедништво.

Германската еврејска заедница пред војната броела околу 600.000 членови, а денес има нешто повеќе од 100.000. Таа во почетокот на деведесеттите изнесувала 30.000, но оттогаш во Германија се населиле голем број еврејски имигранти, кои се иселиле од поранешниот Советски Сојуз и од Источна Европа. Но она што е битно за овој нов модерен музеј е тоа што не е и нема тенднција да биде музеј на холокаустот. Неговата структура не доведува до погрешен заклучок дека Холокаустот е единствениот момент во германско-еврејската историја. Придонесот на Евреите во науката, уметноста и во културата во Германија и во Европа е извонреден. Музејот има за цел да го доближи посетителот до оваа култура од сите нејзини аспекти.

Зградата во која е сместен музејот, стана легенда пред изложбата да биде поставена. Официјалното отворање беше во 2001 година кога околу 350.000 посетители дојдоа да и се восхитуваат на нејзината асиметрична структура обложена со цинк. Многу од нив беа толку импресионирани со дезориентирачките подземни премини, акустичните ходниците и со долгите тесни прозорци на зградата на Либескинд, што побараа зградата да остане празна - како празнината во германскиот живот предизвикана од холокаустот. Нацистичкиот масакр врз 6 милиони Евреи е само еден од 13-те сегменти на музејот, иако подрумот на зградата останува празен и се состои од меморијален простор посветен на луѓето што умреле во холокаустот или што успеале да избегаат од Германија.

Влезот во музејот е низ стариот објект, а потоа по скали се влегува во делот кој се нарекува „Празнина“, кој се спушта под темелите на постоечката зграда, го сечи подземјето и се материјализира како независен објект над земјата (надвор). Постоечката стара зграда е поврзана со новата со подземје, чувајќи ја контрадикторната автономија на двата објекта, врзувајќи ги заедно во времето и просторот. Со симнувањето започнуваат трите тури кои раскажуваат три приказни. Првата и најдолга води до „Скалите на континуитетот“, потоа до и низ изложбениот простор, нагласувајќи го континуитетот на историјата. Втората тура води надвор од објектот до „Градината на прогонството и емиграцијата“, сеќавајќи се на оние кои биле приморани да го напуштат Берлин. И третата води во ќорсокак и е наречена „Празнина на холокаустот“. Празнината се всекува на цик-цак градба на новиот објект и содава простор кој претставува одсуство. Тоа е права линија , чија непробојност претставува фокус околу кој се организирани изложбите. За да премине посетителот од едната на другата страна на музејот, мора да помине еден од 60 те мостови кои излегуваат на таа празнина.Благодарејќи на автентичноста на својата животна приказна, авторот успеал да создаде Еврејски музеј кој всушност е голема, самостојна куќа и атракција на главниот град на Германија. Постојаната поставка во овој музеј го тера посетителот да одговори на прашањата: „Што е тоа Евреин? Што значи да се биде Евреин?“

На околу 3.300 квадратни метри се раскажува приказна стара два милениума, приказна која зборува за долгата историја на германско – еврејските односи. Еврејската кујна, детскиот свет, литературата, занаетчиството, традицијата и обичаите, уметноста и

културата, животот во голем град, забава, фашизмот и повоената историја. Многу нешта се раскажуваат преку експонатите кои ги дадоа луѓе од целиот свет: намештај, садови, документи, писма, фотографии, филмови....

Педагошката понуда за децата и младите е заштитен знак на овој музеј. Добиваат поглед на историјата од перспектива која можат да ја разберат. Многу работилници се дел од секоја изложба, а првото прашање на кое добиваат одговор е „Зошто ѕидовите во музејот се криви?". Очекувањата при посетата на музеј кој го обработува холокаустот се понакви од крајните впечатоци, бидејќи во овој музеј преку приказни во кои нема обвинувања, осуда и омраза, се објаснува историјата. Преку игра и со префинет смисол за хумор децата учат за темата холокауст. Токму затоа во мојата анализа го одбрав за пример токму овој по многу нешта поинаков музеј.

### 2.2.1 Образовни програми

Важно место во стратешкиот план на овој музеј имаат образовните програми. Во февруари 2012 година, беше промовиран проектот "Различноста во училиштата", кој се реализира во соработка со Фондацијата децата и младите од Германија (спонзорирано од Меркатор Фондација ) и има за цел да ја зајакне меѓукултурната отвореност во училиштата. Во август 2012 година музејот веќе започна да работи со првото училиште, а првата работилница беше историска и се фокусираше на продлабочувањето на меѓукултурните вештини на учениците. [32]

Германското општество носи белег на мултиетничка разновидност. Наставниците во училиштата секојдневно мораат да се прилагодуваат на различностите на своите ученици, па така проектот „Различноста во училиштата" ја превзеде задачата на поддршка и добра основа за воспитување на младата популација. За таа цел, проектен тим од музејот за почеток ќе работи со три училишта во Берлин во период од две учебни години. Останатите заинтересирани училишта ќе можат да аплицираат за учество во проектот, а во изборот на училиштата музејот ќе одлучува според одредени критериуми. Ќе се одржуваат работилници и семинари за наставниците, администрацијата во училиштата и

[32] http://www.jmberlin.de/ksl/vielfalt_in_schulen/vielfalt_in_schulen_EN.php

секако за учениците, прилагодени на нивните потреби. Секое училиште ќе има можност да развие своја проектна идеја која треба да има за цел подигање на свеста против дискриминацијата, промоција на училишната разновиднсот во културата и запознавање со различностите. На овој начин ќе им се даде шанса за еднакви можности на сите деца и млади од различни етнички групи. Музејот ќе обезбеди соодветни едукативни материјали, бидејќи нема да се користат постоечките учебници кои изобилуваат со стереотипи.

Преку овој проект Музејот на Евреите во Берлин се здобива со единствено искуство како музеј кој надвор од своите ѕидови едуцира и промовира културна разновидност, но и интер- културна отвореност. Училиштата меѓу себе ќе соработуваат , ќе разменуваат материјали и ќе воспостават мрежа на администратори кои ќе поврзуваат и училишта од други земји. На крајот од проектот секое училиште има задача да ги вметне активностите, содржините и резултатите во наставниот план и тоа да стане дел од секојдневниот училишен живот. Проектот има поддршка од повеќе државни образовни институции, научници, регионални институти и медиуми. Советодавниот одбор на проектот има задача да подготви пат за трансферирање на знаењата и искуствата од овој проект и во други региони на Германија.

Проектот „ Различноста во училиштата“ е дел од новите програми за миграција и разновидност кои се во тесна врска со отворањето на новата Академија на музејот. Преку оваа Академија ќе се шири влијанието на Еврејскиот музеј во областа на образованието. Академијата е сеуште во изградба, но кога ќе биде готова таа под својот покрив ќе ги обедини библиотечниот, архивскиот и образовниот оддел. Повторно под архитектонската палка на Даниел Либенскид оваа Академија ќе содржи три коцки кои ќе бидат интегрирани во музејскиот ансамбл кој ќе нуди единство на израз, форма и содржина.Коцките ја симболизираат преносливоста на наследството од целиот свет во Еврејскиот музеј во Берлин, а новата Академија овие наследства ќе ги направи достапни за светската јавност. Во изградба е и „Градина на дијаспората“ која е во рамките на Академијата , каде ќе се реализираат голем број образовни проекти. Оваа градина нуди практично претставување на неуништливоста на животот кој колку и да се корне и уништува, сепак некаде повторно никнува нов живот. Симболиката е јасна, а учениците ќе

можат преку образовните проекти да го изучуваат холокаустот, опстанокот и иднината на еврејскиот народ, во Германија и во дијаспората.
Она што е на располагање од образовниот дел во Еврејскиот музеј во Берлин е Рафаел Рот Центарот.

### 2.2.2 Рафаел Рот Центар

Центарот е современ едукативен оддел , каде можат да стекнуваат нови знаења и учениците и наставниците. Се наоѓа меѓу изложбените делови во Еврејскиот музеј во Берлин. Во него се нудат разновидни медиуми кои овозможуваат на едноставен, лесен и забавен начин да се учи и истражува. Нуди голем број документи, предмети, филмски клипови и аудио прилози, но и игри кои се однесуваат на различни периоди од еврејската историја во Германија. Во подземното ниво , посетителот има можност со компјутерската опрема да истражува и пребарува се што му е потребно. Со еден клик на глувчето, може да се разгледуваат виртуелните изложби, да се прераскажува историјата низ серија приказни, или со аватар може да се шета низ детската игра „Парк Сансанви". Делот насловен како „Работи" изобилува со експонати од колекцијата на музејот, а во „Лица" , Евреите зборуваат за животот во Германија денес.

Центарот во своите едукативни програми нуди повеќе илустартивна форма на учење, што е различно од наставата во училиштата. Се користат голем број предмети кои воедно се и експонати, а такво нешто на часовите во училиштата ретко може да се најде. Кратки филмови, видео клипови, документи и лични приказни се дел од големиот избор на нагледни средства кои овозможуваат на лесен и прилагоден начин за возрсата на учениците да се постигне наставната цел и да се реализираат наставните задачи.

Според податоците од музејот, од неговото отворање во 2001 година, го посетиле над 700.000 луѓе од кои повеќето се млади, деца од училишна возраст и студенти. Но, во Германија има млади луѓе кои немаат можност да појдат во Берлин и да го посетат музејот, па затоа од Центарот за едукација го стартуваа проектот „on.tour - bus". Преку овој проект , музејот стана мобилен и ги посети училиштата во сите федерални држави. „На средбите со учениците во нивните училници им се овозможи едукација која кај нив разбуди особен интерес и ентузијазам за изучување на германско – еврејската историја, а со тоа се зголемува нашата надеж дека кај учениците развиваме критичка мисла и

непристрасност. Се надеваме дека нашите посети ќе предизвикаат љубопитност кај учениците и еден ден ќе дојдат во Берлин за да го посетат музејот и да видат што се презентира во него.“[33]

Од понудата во едукацискиот дел наменет за ученици и наставници во Еврејскиот музеј во Берлин би ги претставила понудените содржини на нивната веб страна која мошне прегледно и аналитички нуди разновидни опции за запознавање на музејот. Секој посетител пред да тргне во посета на музејот, може да ги разгледа постоечките содржини, активности, работилници, семинари и да планира дали сам или со семејството ќе го посети, а наставниците можат да го планираат часот со предходно закажување и избор на содржина и активност која ќе ја реализираат во музејот.

### 2.2.3 On – line едукативна понуда на Еврејскиот музеј во Берлин

Во делот наменет за децата, младите и наставниците, понудени се вкупно 42 информативни текстови кои даваат основни насоки за тоа што нудат едукативните содржини и како се реализираат. Можат да се најдат податоци за :

- Проекти кои се реализираат во и надвор од музејот
- Едукативни материјали, книги и сликовници
- Семинари за наставници, социјални работници и педагози
- Работилници
- Информативни текстови на одредена тема и видеа
- Игри
- Организирани тури во музејот и on- line

За да може секој посетител да го организира своето доаѓање во музеј, понудени се две групи опции : „Кој е за што“? и „Каде?“

[33] http://www.jmberlin.de/ksl/ontour/warum/warum_EN.php

| Кој е за што | Каде |
|---|---|
| Деца | дома |
| Млади | on- line |
| Семејства | во училиште |
| Училишни групи | музејска on.tour |
| Наставници | во музејот |

Меѓу овие две групи се прават комбинации и се добива понуда од активности. На пример: Ако се одбере опцијата млади – во училиште, се добиваат три едукативни игри кои се интерактивни и на забавен начин даваат многу информации. Или, ако одбереме: училишни групи - во музеј, се нудат 24 опции во кои има разновидност во теми и активности ( игри, работилници, разни тури, проект на денот), па наставникот може да одбере она што му одговара според темата која ја обработува.Еве само неколку примери за тематски тури низ музејот кои им се нудат на посетителите :

- Што е тоа кошер?
- Еврејски живот и традиција
- Што имаат заедничко Јудаизмот и Исламот
- Жената во јудаизмот
- Научи зборови на Иврит
- Да се преживее со музика
- Еманципација и реформи
- Антисемитизмот денес
- Целата вистина

Покрај секоја тема има назначено :

- Возраст за која е наменета
- За какво училиште е наменета(основно или средно)
- Времетраење
- Метод на работа

Со избор на тема се добиваат дополнителни информации: каде точно се реализира активноста, оптимален број на ученици кои можат да учествуваат во активноста, цена по особа и секако контакт за пријавување и дополнителни информации.[34]

Ваквиот современ начин на дополнување на знаењата е добредојден за наставниците, учениците и семејствата. Секој посетител одбира тема, активност, време и начин на посета на музејот, а со тоа музејот добива модерна форма на медиумско претставување на содржините.

## 3. Меморијален центар на Евреите од Македонија и улогата на едукативниот центар

Еврејското маало во Скопје, населено уште во 15 век, се наоѓало на левата страна на реката Вардар, меѓу Камениот мост и Тврдината (Кале). Се до депортацијата на неговите жители, на кобниот 11 март 1943 година, тоа било витална населба со значајно учество во стопанскиот, културниот и образовниот живот во Скопје. Оттаму лоцирањето на објектот на Музејот на холокаустот на Евреите во Македонија во срцето на некогашното еврејско маало, има исклучителна симболика, не само за жртвите на холокаустот, врз чии имоти ќе се наоѓа, туку и за Скопје и за Македонија, кои со изградбата на овој центар им оддаваат трајна почит на своите депортирани сограѓани од Битола и од Штип.

Меморијалниот центар од идеја почна да станува реалност по донесување на Законот за денационализација, кој е и правна основа за Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, основан на 23 април 2002 година, со одлука на Владата на РМ. Фондот е пример, единствен во Европа, на правно решение за заштита на имотните права на депортираните Евреи без живи наслединици. Истовремено со материјалниот спомен ,меморијалниот центар ќе остварува долготрајан мисија во презентирање, едуцирање и истражувања поврзани со мултиетничките општества за елиминирање на опасностите од

[34] http://www.jmberlin.de/ksl/was_gibts/was_gibts_EN.php

секаков вид нетрпеливост, антисемитизам , ксенофобија, во име на градење општество во кое етничката и верска разноликост се цивилизациско богатство и основа за развој.

Објектот од културата ја доби намената меморијален спомен дом на холкаустот на Евреите од Македонија. Од старата матрица, топосите кои се длабоко врежани во меморијата на жителите од градот, како на пример Давидовата улица, Синагогата, еврејското училиште, се дел од приказната, преточена во поставка на проектот за Меморијалниот центар, а од тука произлегува и едукативната компонента на целиот меморијален проект. Природата на поставките ќе биде обид да се добие автентично место, случка, личност, преку кои посетителите, а најмногу учениците ќе ги стекнуваат сознанијата за холокаустот.

Меморијалниот центар е поделен на 4 функционални делови, кои се врзуваат за случувањата што предходеле на трагичната ноќ на депортацијата на Евреите од Македонија во логорот Треблинка.

1. Дел: Главен влез со повеќенаменска сала и постојана изложбена поставка, како вовед во настаните, проследено со документациони материјали и имиња на жртвите
2. Дел: Во овој дел ќе бидат изложбено презентирани историјата и културата на Евреите, преку археолошки, етнолошки и друг вид музејски експонати.
3. Дел: Овој дел е сместен на третото ниво и е простор наменет за истражување и научни анализи и едукација
4. Дел: службен влез со простории за администарцијата и за општа намена[35]

Програмата на музејот е амбициозна. Кога ќе биде целосно завршен, дел од неговите содржини ќе бидат: Постојаната изложба, Детската изложба за оние кои се премлади да се соочат со ужасот на холокаустот, просторот за специјални изложби, програми, предавални, места за средби каде ќе може да се учи и дискутира, да се одржуваат концерти, прикажуваат филмови и следат различни изведби. Музјеот ги вложи првите напори, кои што беа многу одамна планирани, а и образовната задача наложуваше да се почне со нешто. Не се чекаше, туку на 68 - мата годишнина од депортацијата на

---

[35] Брошура, Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија; *Меморијален центар на холокауст на Евреите од Македонија*, Скопје: Скенпоинт

македонските Евреи  се отвори Меморијалниот центар и комеморативниот дел кои ги испланира Едвард Џејкобс, архитект од Израел и специјалната изложба која е само најава на идната Постојана изложба. [36]

## 3.1. Цели и задачи на Фондот на холокауст на Евреите од Македонија

Една од основните цели на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија како основач на  Македонскиот Меморијален Центар на холокаустот на Евреите од Македонија е  одржување на Центарот, управување и раководење со неговата работа и активности. Освен тоа од особено значење се и останатите:

- Негување на Еврејската култура и традиција и проучување на животот и работата на Евреите на овие простори со организирање на предавања, семинари и други активности од оваа област;
- Заштита и ревитализација на Еврејските споменици;
- Собирање на историски материјали и податоци за Евреите на овие простори;
- Понатамошно унапредување на односите помеѓу сите граѓани на Македонија со еврејскиот народ во светот, како на пример за братство и хармонија на народите и спречување на деструктивни појави, како што се расизмот, антисемитизмот и шовинизмот.

Основни задачи на Фондот се:

- Истражување на имињата и презимињата на Евреите, кои што ги напуштиле своите имоти на територијата на РМ, преку присилна депортација во фашистичките логори, а не го преживеале погромот и немаат наследници;

---

[36] Брошура,  Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија; *Македонска хроника – Приказна за сефардските Евреи на Балканот*, Скопје

- Истражување и прибирање на потребните податоци за имотите на овие Евреи.
- Прибирање на имотите од претходниот став во основните средства на Фондот.

Други задачи на Фондот се:

- Организирање и помагање на духовни, културни и интелектуални дејности со еврејска тематика, како и творештвото воопшто;
- Учество во публикации и научни трудови на тема меѓунационална и меѓуконфесионална толеранција и соживот;
- Развивање на форми на ангажирање и учество на граѓаните Евреи и нивните друштва во севкупниот јавен живот;
- Одржување на споменот на еврејскиот холокауст, со цел да се спречат слични геноциди и страдања;
- Одржување на сеќавањата на Евреите во Македонија, нивната традиција и нивниот двомилениумски придонес во сите сегменти на заедничкото живеење;
- Други цели и задачи, согласно Законот и Статутот.

За постигање на своите цели и задачи Фондот својата работа може да ја координира, како и да соработува со сродни фондации, организации, институции, физички и правни лица во нашата држава и странство.

Фондот своите цели и задачи ги реализира преку:

- Прибирање на податоци и информации за потребите на Фондот, а во соработка со државните институции и органи, научни институции, Архиви, ДЗГР-одделенија за премер и катастар, МАНУ, факултети и слични организации како и стручна помош од Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и други.
- Организирање на советувања, семинари, конференции, изложби, претстави, проекции и слично;
- Публикување на повремени печатени материјали, публикации и слично,
- Стипендирање на ученици и студенти во областа на човековите права и слично со посебен фокус на меѓуетничката и меѓуконфесионална соработна, разбирање и соживот.

- Меѓународна соработка по сите горенаведени основи, а согласно позитивните законски норми.
- Превземање на други активности заради остварување на програмските цели и задачи.[37]

Зацртаните цели и задачи во целост се реализираат. Се користат искуства од институциите, музеите , универзитетите и разни други организации кои за основа на својата дејност ја имаат обврската да се чува меморијата и да се пренесува пораката „да не се повтори“ . Меморијалниот центар има одговорност кон минатото и иднината, обврска кон претците и задачи за идните генерации. Затоа своите активности уште од самиот почеток на постоење ги следат зацртаните цели и задачи на Фондот на Холокаустот како основач и на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Се работи според годишен план, но она што допрва треба добро да се осмисли, организира и примени е изготвување на Стратешки план без кој ниту еден музеј не може да ги реализира своите програмски содржини. За ова кратко време на работење Меморијалниот центар организираше голем број активности за кои има добра основа да се каже дека се „почетна инвестиција“ во исполнувањето на мисијата на центарот.

## 3.2. Цели и активности на Меморијалниот центар

За да може центарот да ги осмислува своите активности зацртани се следниве цели:

1. Да биде споменик
2. Да биде музеј
3. Да биде образовен и истражувачки центар
4. Да биде културен центар
5. Да биде место за размена и изложби
6. Да биде регионален центар за југоисточна Европа

Од отворањето на центарот во 2011 година до 2013 година реализирани се следниве активности:

---

[37] http://www.holocaustfund.org/

1. Изложби

- 3 јуни, 2011- „Минати денови" на којашто се прикажани 450 разгледници кои го илустрираат животот на еврејските заедници од крајот на 19-то век до денес.Изложбата на 450 еврејски разгледници во Скопје
- Во рамки на Фестивалот „Охридско лето" на 27 јули 2012 година беше отворена изложбата „Нови сведоци на Холокаустот", посветена на една од најголемите трагедии во историјата на човештвото
- 2012 година по втор пат е организирана ликовна колонија на тема „Нови сведоци на холокаустот" на која учествуваат петнаесетина уметници од Македонија од различна националност. Во истражувањата за злосторот во кој беа убиени 6 милиони Евреи во логорите на смртта во Втората светска војна им помагаат Хава Барух од Меморијалниот центар „Јад Вашем" од Израел и уметникот Сара Ајник.
- Во соработка со Амбасада на Унгарија, отворена изложба „Century of Jewish Memory".
- Изложба за Раул Валенберг 1912 -2012

2. Промоции на книги

• Промовирана книгата „Евреите во Македонија за време на Втората светска војна" од проф. д-р Мајкл Беренбаум

• Промоција на книгата „Плима и слом„ од Жени Лебл

• Промоција на книгата „ Движењето на отпорот и Евреите во Македонија„ од Жамила Колономос

• Промоција на книгата „Евреите од Монастир, Македонија" Шломо Албохер

3. Предавања

• „Сефарди: Портрет во неколку потези" и „Вовед во еврејската света книжевност", одржа д-р Елизер Папо, директор на Центарот за ладино култура „Моше Давид Гаон" при Универзитетот „Бен Гурион" во Бер Шева, Израел.

• Министерството за образование и наука во Република Македонија во соработка со Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на сеќавањето на жртвите на холокаустот, 27

јануари, во просториите на Меморијалниот центар на холокаустот, на 25 јануари 2013 година, се одржа предавање од страна на м-р Теон Џинго.

4. Семинари , форуми и трибини

• Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија во соработка со фондацијата ЦЕНТРОПА од Виена, за првпат во Македонија организираше тридневен едукативен семинар на тема „Користење на нови технологии, еврејска историја и дигитално раскажување приказни. Семинарот се одржа во период од 26 до 28 октомври 2012 година.

• Научна трибина „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија„ МАНУ 2013

• Младински европски форум 2012

• Форум на верски лидери 2012

5. Проекции на филмови

•„Празни вагони„

• „Трето полувреме„

•„Call me a Jew„

6. Посети

•Претседателот на Светскиот еврејски конгрес, Роналд С. Лаудер, се состана со раководството на Еврејската заедница и Фондот на холокаустот на Евреите во Македонија и беше во посета на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија.

•Комесарот за човекови права на Советот на Европа, Нилс Мужниекс во посета на Меморијалниот центар на холокаустот

7. Одбележувања на важни датуми од Холокаустот

• Меѓународен ден на холокаустот 27.01

• Јом Ашоа – ден за сеќавање на жртвите од холокаустот

• 11.март – годишнина од депортацијата на македонските Евреи

Од досегашните реализирани програмски активности јасно се гледа дека овој нов споменик на меморијата сеуште нема јасно дефиниран стратешки план кој е неопходен за менаџирање не само на севкупните музејските активности , туку и во потесни рамки на неговите единици, а тоа е едукативниот оддел, кој треба да биде еден од носечките во еден ваков музеј, односно меморијален центар.

## 3.3. Организациска поставеност

Шемата за организација на музејските установи мора да е прилагодена на функциите кои ги вршат музеите. Без оглед на големината или сложеноста на музејските установи, тие мораат да ги задоволат основните музеолошки задачи: заштита, истражување и комуникација. За да ги исполнат наведените задачи музејските установи треба да располагаат со музејски збирки (фонд на музејски експонати), треба да имаат стручни тимови и да имаат простор со соодветна опрема. Стручниот кадар и музејскиот простор се во функција на музејските збирки, бидејќи вработените ги исполнуваат музејските функции користејќи ги музејските збирки во просторот кој е наменет.

Во таа смисла може да се зборува за организација на музејски установи во три облика:

1. во организирање на музејските материјали по збирки,
2. во организирање на функционирање на музеите со распределба на стручниот кадар по организациски единици,
3. во организирање на просторот во музеите за непречено исполнување на работните задачи.

Трите организациски облици се поврзани, влијаат едни на други и не можат строго да си издвојат. [38]

Музејот на холокауст на Евреите од Македонија како ново отворен музеј располага со мал музејски материјал, кој се состои од фотографии, видео материјали(меѓу кои и сведоштва на преживеани), артефакти, музичка документација. Отворениот повик до граѓаните кои сочувале некој предмет или било каков доказен материјал кој укажува на егзистенција на еврејска популација на овие простори пред Втората Светска војна е постојано актуелен. Освен тоа се воспоставуваат контакти со други музеи и институции за

---

[38] Мильковиќ.С (2012), Стратешко планирање и концепции на менацирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје

прибирање на артефакти кои припаѓаат на новоотворениот музеј во Скопје или би можело да создадат слика за случувањата некогашни. Така од Македонски железници дониран е еден стар вагон со кој во музејот се доловува моментот на депортација на Евреите од македонија во 1943 година. Донесени се голем број предмети и документи од Историскиот музеј во Белград, а Последните документи кои излегоа од нацистичките архиви јасно докажуваат дека бугарските власти во Скопје 1943, не само што знаеле, туку и го организирале транспортот на евреите со крајна дестинација логорот Треблинка во Полска. За жал во овој Меморијален центар сеуште нема постојана поставка која би била неопходна основа за реализација на сите понатамошни активности зацртани во целите и задачите , во развивањето на стратешкиот план на музејот и конечно за формирање и развивање на едукативен центар.

Што се однесува до организација на стручен кадар во Музејот на холокауст, постои зачеток кој треба да се развива. Структурата на вработените и соработниците е следна:

1. Управен одбор на Фондот на холокауст на Евреите од Македонија (претседател- од Еврејската заедница во РМ + 5 членови, двајца од ЕЗРМ и 3 од Влада на РМ)
2. Меѓународен консултатнтски одбор
3. Вработени( директор, истражувачки сектор 3лица, администарција, инжињерски тим, техничка служба – 1 лице)
4. Соработници (Еврејската заедница во Република Македонија; Почесниот конзул на државата Израел во Република Македонија; Институциите на Република Македонија; Верските заедници во Република Македонија и Граѓаните на Република Македонија)

Штурата кадровска организација е видлива, но она што треба да се истакне и е од особено значење за овој труд е непостоењето на музејски едукатор или педагог – лице кое треба да има исклучително важна улога во организациската и кадровска поставеност на Меморијалниот центар, кој е предмет на опсервација, особено на едукативното музејско оделение.

## 3.4. Музејски едукативен материјал во Музејот на холокауст на Евреите во Македонија

За да се дефинира што е тоа музејски едукативен материјал треба да се тргне од констатацијата дека постојаната поставка и другите повремени изложби се средства или своевидни материјали за комуникација. Преку нив се пренесува информацијата, пораката, тоа е една од основните музејски функции која добива се поголемо значење во развивањето на музејската едукација. Но музејот во процесот на пренесување на знаења и информации, како јавна институција, користи и други секундарни облици на комуникација, како што се едукативни работилници , предавањата, концертите, проекциите на филмови. Иако тие се сметаат за пропратни активности, сепак нивната реализација овозможува остварување на едукативната улога. Во музеите во Македонија најчесто користени или понудени едукативни материјали се публикации за музејот, брошури од изложби, плакати и каталози. Сметам дека во овој дел треба да се споменат и сувенирите кои исто така имаат своја педагошка порака, вредност и можат да пренесат информација на еден ненаметлив и непосреден начин.

Музејот на холокауст на Евреите во Македонија, поседува изданија, кои како и се друго се во мал број заради нeговoвото кусо постоење. Она што вистински е неопходно да се изработи е добро осмислен педагошко – дидактички материјал кој ќе биде дел од целината на едукативниот музејски материјал. Големите музеи од ваков тип имаат на своите електронски страници мноштво од материјали кои се наменети и за наставниците и за учениците. Како пример ќе го земам едукативниот истражувачки центар во музејот Јад Вашем во Јерусалим.

Меѓународната школа за холокауст студии нуди едукативни материјали за различни целни групи, како и за образовни организации во Израел и во странство. Овие материјали се напишани според педагошката филозофија на школата, која нагласува еден (соодветно на возраста) мулти-дисциплинарен пристап кон образованието за холокауст. Материјалите се поделени во повеќе групи според намената, целната група, содржината. Групите се:

1. Наставни планови кои ги опфаќаат главните поглавија од темата – холокауст

2. Материјалите постојано се обновуваат, наставниците имаат понуда од свежи идеи и активности. Поделени се според возраста на учениците : за деца од 9-12 години, за деца од 13-15години и за оние од 15-18 години.
3. Материјали за одбележување на два значајни датума: Јом Ашоа (Ден за Сеќавање на хероите од холокаустот и мачениците) и 27 јануари, Меѓународен ден за сеќавање на холокаустот.Можат да се користат за сите возрасти од предучилишна до средношколска.Материјалите содржат информативни текстови за датумите, сведоштва, дневнички записи, поезија, и молитви
4. Интердисциплинарни или интерактивни алатки за учење.Овие материјали се фокусираат на одредена тема - децата во гета, на холокаустот во уметноста, повоените искуствата на преживеани
5. Материјали за холокаустот и уметностите. Се нудат голем број на наставни планови, водичи за наставникот, статии и интервјуа
6. Постои и Холокаустот Ресурсен центар. Тој дава лесен пристап до информациите за холокаустот. Тоа може да помогне да се интегрираат информациите што веќе некој ги има. Центарот има голема колекција: писма и дневници напишани од страна на Евреите за време на холокаустот, бројни фотографии и оригинални документи. Холокаустот Ресурсен центар служи како складиште за собирање на сведоштва на преживеани од холокаустот, кои биле собрани во Јад Вашем во текот на годините, како и извадоци од мемоари напишани од преживеаните по војната. Ресурсниот центар ја надоплонува колекцијата на примарните извори со извадоци од научни истражувања, уметнички дела, историски карти и графикони и собирање на артефакти
7. Книги со холокауст тематика кои можат да бидат корисни и за наставниците и за пошироката јавност. Вработените во едукативниот центар даваат препораки за тоа како да се користат книгите во наставата
8. Артефаки од холокаустот. Оваа збирка е дел од колекцијата артефакти на музејот Јад Вашем, тие се единствени сведоци за настани кои се случиле за време на холокаустот. Секој артефакте е придружен со приказна и смерници како да се користи во процесот на едукација

9. Интервјуа или разговори со преживеаните и специјалисти за холокауст образование
10. Филмови и серии со сведоштва кои се направени специјално за едукациска намена. Сведоците раскажуваат, а ги следат стручни, обучени вработени од музејот кои знаат како треба да се пренесе пораката од приказната. Филмовите се нудат со преводи на повеќе јазици.[39]
11. Во овој центар се нудат консултации за подготовки на семинарски, есеи , научни трудови, па дури им се нуди помош и на оние кои ги бараат своите претци. Можат да се користат голем број списанија, брошури, каталози. Што е многу корисно за учениците и наставниците, во овој центар се чуваат и изработените проекти.

Вака структуриран едукативниот материјал дава можност за организирање на активности кои можат да се реализираат и во самиот музеј, но и во училиштето. Доколку материјалите се собираат и чуваат соодветно, ќе имаат подолг век на траење, ќе ги користат повеќе генерации. А нивната образовна вредност ќе биде повеќекратна. Затоа во музејот на холокауст во Скопје треба што побрзо да се формира тим кој ќе работи на собирање материјали за едукација на посетителите.

---

[39] http://www.yadvashem.org/yv/en/education/educational_materials/index.asp

## 3.5. Организација на едукативниот центар во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија

Јадрото на стручната дејност во музејот го претставува **постојаната музејска поставка, а стратешкиот план** им овозможува на сите вработени да го најдат своето место, доколку добро ја осмислиле својата работа. Ова се двете важни компоненти кои недостасуваат во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите во Македонија, а мора де се постават во здрава рамка за да може на нив да се надградуваат останатите сегменти од системот, во кој спаѓа и едукацијата или центарот за едукација.

Постојат четири функции кои музејот треба да ги извршува: функција на чување, функција на изложување, научна функција и едукативна функција.

Овие функции на музејот меѓусебно се преплетуваат, надополнуваат и надградуваат. Преку нив се привлекува и публиката, а што е од особено значење таа добива нови информации и се едуцира. За да може квалитетно и успешно да ја извршува едукативната функција, треба да се воспостави **добра комуникација**, во прв ред со училиштата. Ова е следна и мошне важна задача за Меморијалниоц центар доколку тежнее кон исполнување на својата основна цел – чување на меморијата преку едукација на идните генерации.

Доколку се користат добрите искуства на веќе постоечките едукативни центри во музеите на холокауст, потребен е **добро осмислен простор** кој со својата функционалност, опременост со потребни дидактички материјали и уредување ќе ги задржи децата будни и ќе ја развива љубопитноста. Добар пример е Еврејскиот музеј во Берлин кој како архитектонски објект е голема енигма за посетителот, а уште повеќе внатрешноста која буди безброј прашања. Секој одговор е скриен во симболика која патува низ времето и открива приказни кои остануваат долго во сеќавањето. А кога сум кај долготрајното паметење да ја искористам кинеската поговорка која вели „Што ќе слушнам заборавам, што ќе видам – памтам, а што ќе сработам – го знам". Ова не води до **образовните програми** кои задолжително треба да ја носат ознаката – активно учење. Ефикасноста ќе се постигне со следниве чинители:

- Програми прилагодени со мали групи (не повеќе од 15)

- Програми прилагодени на возраста
- Програми во кои ќе се користи „face to face" комуникација
- Програми во кои ќе може да се работи со музејските предмети
- Програми во кои ќе има игри, работилници
- Програми во кои ќе има добро осмислен едукативен материјал

Она што е важно за образовните програми во музејот е да бидат во корелација со наставната програма, односно теоретскиот дел од часот во училиште да се надополни со практична и визуелна работа во музејот.Традиционалниот, вербален начин на усвојување знаења ќе се надоплни со искуствениот и така ќе се постигне целта на трајна меморија. Во овој дел би сакала да ја истакнам потребата од организација на **образовни програми надвор од музејот,** за сите оние училишта кои не се во можност да организираат посета на музејот или предучилишни установи надвор од Скопје. Исто така овој начин е погоден за едукација на децата со посебни потреби. Патувачки музејски автобус е добро решение за неможност да се дојде во музејот. На тој начин музејот се отвора и ги шири своите активности и надвор од неговиот физички простор. Но сепак треба да нагласам дека овие активности, не треба да бидат замена за доаѓање во музејот или единствен начин на комуникација со музејот. Треба да бидат еден вид запознавање со музејската едукативна работа, а сепак училиштето да најде начин да го посети едукативниот центар.

Образовните програми добиваат во квалитет доколку имаат добро осмислен **дидактички материјал**. Во Меѓународното школо за холокауст во музејот Јад Вашем има изобилство од дидактички материјали, кои ги задоволуваат сите потребни критериуми за квалитет. Понудата е достапна и на веб страната, па може да се нарача или превземе од страната на музејот. Богатство од филмови, музика, снимени сведоштва, фотографии, книги и сликовници, боенки, дневници, пазлс, разгледници. Во нашиот едукативнен центар треба да се осмислат проектите, а потоа да се одберат соодветни материјали кои ќе бидат во функција на темата која се обработува. Овде треба да се истакне важноста од **музејскиот водич** за деца која е добра основа за запознавање на постојаната поставка, а потоа и за останатите делови во музејот, па дури и активностите кои се реализираат (редовни работилници или игри). Во неговото креирање треба да се води сметка за возраста за кого е наменет. На пример, должината на текстовите треба да е по кратка

доколку е наменет за деца во одделенска настава, термините да се јасни. Содржината треба да е претставена така што ќе ја развива љубопитноста и истражувачкиот дух кај детето и треба да има повеќе сликовни информации (но да не се застрашувачки). Музејскиот водич, освен што треба да биде прилагоден на возраста, на сознајни и перцептивни можности на детето, тој треба да биде современ и модерен. Може да е во форма на стрип, да има некоја популарна маскота, да има шеми, задачи и прашања. Во дидактичкиот материјал мислам дека е добро да се изработат и **работни листови** , во кои децата ќе одговараат на прашања со лепење налепници, преку игри (барање скриен предмет), самостојни задачи и слично. При мојата посета на Јад Вашем , забележав дека сите ученици го истражуваа музејот со молив и работни листови кои ги пополнуваа во текот на музејската тура. На тој начин трагаат по информациите и откако ќе дојдат до нив, ги впишуваат не само во работните листови, туку и долго во својата меморија.

Се она што се нуди во музејот треба да се стави и на **веб страната**, особено активностите на едукативниот центар. Посебен дел на оваа страна за сите образовни активности и случувања во и надвор од музејот. Постоечката веб страна треба да се надогради и со постојано обновување со нови содржини да биде активна и свежа за секој посетител. На страната треба да се изработат и **современи видео игри** кои ќе бидат едукативни и забавни, со што децата ќе бидат во постојан контакт со музејот и преку игра ќе ги добиваат новите сознанија. Преку видео игрите се активираат сите сетила, лесно се прифаќаат и тешките теми како холкауст, а што е важно брзо се учи. Веб страната е добар начин за комуникација на наставниците со едукативниот центар, но и за нивна меѓусебна. Ќе можат да закажат посета, да одберат активност, да разменат искуства со други училишта и сл.

Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, веќе организира **семинари за наставници и тоа меѓународни, трибини и конференции**. Овие активности и натаму треба да продолжат, но да бидат дел од едукативниот центар. Стручниот тим кој ќе работи во центарот, ќе соработува со меѓународни еврејски организаци и ќе биде постојано во тек со новите истражувања, можности за едукација на наставниците и учениците, ќе добива информации за нови проекти и учества во нив. На

тој начин ќе се развива музејската образовна дејност и ќе оди во насока на се поголемо осовременување и модренизирање.

Треба да се истакне дека идниот едукативен центар во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија треба биде место каде ќе се едуцираат и децата/учениците и нивните наставници. Тој центар ќе носи порака на мир, толеранција и човекољубие. Повеќе од сигурно е дека потребата од едукација за холокаустот им е потребна на учениците , но и на наставниците. Тие треба да се подготват за да можат адекватно да ги организираат и реализираат активностите поврзани со денот на сеќавањето на холкаустот. Треба континуирано да соработуваат со други наставници кои посетуваат обуки и семинари за аспектите на едукација и сеќавање на холокаустот. На тој начин не само што подобро ќе ги реализираат зацртаните содржини со своите ученици, туку ќе можат да соработуваат со локалните власти, невладините организации, медиумите и институциите на општеството од што ќе имаат бенефит сите.

Времето изминува и мал е број на преживеани сведоци кои лично ќе можат да ги раскажат настаните од времето на хитлеровското малоумие. Кога и последниот преживеан ќе го предаде своето мемориско наследство, наставниците и учениците ќе бидат мост на сеќавање за идните генерации, за да се сочуваат поуките од холокаустот и за да не се повтори .

Активното учење за холокаустот и антисемитизмот во рамките на наставната програма и едукативниот цента во музејот, е чекор кон создавањето здрави граѓански личности ослободени од предрасуди. Учењето за холкаустот ќе развие свест кај учениците за можни нови зла кои ги носи модерното време. Ќе научат повеќе за човечката одговорност во граѓанското општество, со новите сознанија ќе можат да се спротивстават, да го спречат насилството, геноцидот или некој друг вид на рушење на човечкото достоинство.

Врската меѓу меморијалниот центар како место за едукација и училиштето е во прв ред наставникот, а потоа родителот. Научената лекција може да се утврди , надополни или може да започне токму во центарот за едукација во Музејот на холокауст во Скопје. Со оваа врска ќе се унапреди културолошкото, традиционалното и историското наследство на Евреите во РМ, а со повеќе едукација ќе се исполни и мисијата за активна меморија за

деструктивноста на човечкото поведение и бесмисленоста на фашистичките идеи преку одржување на имотниот завет на невините жртви како влог за похумано општество.

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# 1. Заклучни согледувања

Последиците од војната и нивното влијание врз животот на Евреите се толку длабоки , што денес, после 70 години не можат во целост да се согледаат. Големите човечки жртви и нивнта страшна голгота се видливите траги од тој период. Холокаустот ја измени сликата на еврејскиот народ во светот. Денес три генерации после холокаустот, бројот на Евреи во светот е сличен со бројката пред почетокот на Втората светска војна. Но, по иселувањето од Европа и создавањето на нова дијаспора во светот и населувањето во новата држава Израел, најголемите еврејски заедници, згаснаа. По војната, Евреите ја напуштале Европа. Во 1900 година, 81% одсто живееле во Европа. Денес само 30 % од еврејскиот народ живее на овој континент.[40] Животот во дијаспора носи и своевидна асимилација и одвојување од традицијата и еврејскиот национален идентитет. Типичен пример за асимилирана еврејска заедница е нашата, во Македонија. Браковите се мешани, еврејско образование нема, замре јазикот Ладино[41] кој се зборувал во многу семејства, музиката и песната се откорнаа од ова тло, а религијата се меша со традицијата, па одржувањето на обичаите има нерелигиозен карактер. Што е најпоразително, денес во Македонија постои само една еврејска заедница.

Холокаустот како феномен подеднакво ги окупира и Евреите и неевреите. Ако си спомнеме , Евреите се транспортирани во концентрациони логори од земји во кои живееле повеќе од 100 години и пред очите на неевреите се случувале транспортите, мачењата, убивањата. Мал број од нееврејското население се обидело да ги спаси, а многу поголем број учествувал во нивното убивање. Денес кога е дојдено времето за самоанализа и преиспитување, светот нема да биде ослободен од одговорноста, ниту пак ќе се дозволи антисемитизмот да добие длабоки корени и широки гранки. За жал антисемитизмот не исчезна со холокаустот. Тој се адаптираше и стана долговечен феномен, со постојан

[40] Јисраел Гутман, Хаим Шацкер, Холокауст и његово значење, Завод за уџбенике, Београд, 2010,стр.262

[41] Јазик на сефардските Евреи

капацитет на обновување.[42] Колку и да ги истаржуваме причините, дали се религиозни, социолошки, економски, психолошки и тн.,не можеме да се оттргнеме од впечатокот дека станува збор за состојба на човеки дух и егоизам. Затоа на антисемитизмот треба да му се обрне особено внимание , како што е и проучувањето на иторијата и холкаустот.

*,, Ако не научиме сега – холокаустот ќе се повтори, а наместо Евреи, жртви ќе бидат некои други народи. Затоа со учење и размислување треба да го сузбиеме грубиот примитивизам и незнаењето, за да можеме разумно и интелигентно да ги одбегнеме идните трагедии,,*[43]

За младата генерација, која не живеела во време на холокаустот, симболот Аушвиц се претвори во заканувачка опомена. Холокаустот докажа дека модерниот човек, без оглед на културолошкиот, научниот и технолошкиот напредок, не стана по толерантен. Во услови на криза, врз човекот лесно делуваат екстремистичките идеологии и неконтролираниот групен егоизам. Затоа на учениците треба да им се дадат образовни насоки кои ќе бидат добар патоказ за надминување на предрасудите. Преку образованието треба да градиме интелектуално и морално здрави личности, ослободени од предрасудите на минатото, со здрави погледи на иднината. Темата за холокаустот е одличен пример. Оваа тема или област од историјата на човештвото им помага на луѓето, па и на учениците, да ги надминат предрасудите и е прв чекор во борбата со дискриминацијата. Анализирајќи го овој период правилно, според дадени стручни инструкции, ќе ги натера учениците да размислуваат за актуелните прекршувања на човековите права и ќе го иницира прашањето, дали може да се повтори холокаустот врз некој друг народ? Можниот геноцид, како појава во новото време може да се спречи само ако се учи лекцијата од минатото. Секако дека едукацијата не треба да содржи застрашувачки моменти кои би биле шок за учениците, туку едноставно да се најдат патишта за да се објасни што се случува кога една нација слепо го следи лидерот и ги прекршува конвенционалните морални норми. Соодветните историски анализи, документи, разговори, слики ќе ги научи учениците за основното човеково достоинство и како може тоа да се погази.

---

[42] Роберт С.Вистрих, *Антисемитизам најдужа мржња*, Завод за уџбенике, Београд,2012,стр.20

[43] Михаил Шумковски, Одгласи во времето,Медиана,Скопје, 2005,стр.27

Државата преку Министерството за образование и Бирото за образование има одговорност и обврска на младите генерации да им понуди вистинска претстава и научно објективна вистина за историското минато на народите од овие простори. Преку своите наставни планови , програми и учебници треба да обезбеди концепт на континуирана, современа настава за минатото, животот сегашен и иднината на народот кој беше нераскинливо ткиво на целокупното живеење на овие простори. Треба да ја знаат младите вистината за геноцидот на еврејското население во Македонија, која остана по сиромашна за многу трговци, лекари, аптекари, мајстори и занетчии. Учејќи за минатото на овој народ, како идни граѓани ќе бидат по одговорни во донесувањето на одлуките во едно демократско општество и ќе можат да ги препознаат негативните облици на човечкото однесување: омраза, пропаганда, предрасуди, нетолеранција, етничка подвоеност и др. Во истовреме ќе може ваквите појави на време да ги препознае и размислувајќи правилно, со своите постапки, да ги спречи на самиот почеток, не дозволувајќи да се наруши мирот и соживотот. Таа задаче не е воопшто лесна, бидејќи живееме во свет во кој за жал во денешно време се случуваат погроми по расни, верски, национални и други основи, а влечат корени од минатото. Човековите права, почитување на разноликоста и поинаквото мислење, толерантноста, се културни вредности на цивилизираното демократско општество. Тоа се вреднсоти кои се втемелени и во Уставот на РМ, па со самото тоа Владата има одговорност и должност истите да ги поддржува и промовира. Иако сеуште минуваме ни процесот на транзиција и тоа како земја со различни етникуси и верски заедници, треба на идните генерации да им понудиме здрави морални вредности со кои ќе продолжат натаму. Затоа сметам дека нацианалната програма за образование на Министерството за образование и наука треба да нуди базична рамка за трајна едукација со историските области кои се поврзани со холокаустот, промовирање на вредностите за човекови права и што е најважно да се учи за вистинската демократија. Тоа е доготраен процес кој во центарот на вниманието го става наставникот. Нему му треба стручно усовршување со кое ќе добие правилни насоки и сознанија за едуцирање од обласа холокауст. Треба да се охрабрат и да го превземат овој предизвик и одговорна задача , за да можат веродостојно и соодветно на возраста на децата да ги пренесат настаните кои се дел од историјата, а се темелат на вистини. Секако дека ним им е потребан помош како

едукациска, така и училиштата, од семејствата, локалната заедница, медиумите и сите други учесници во овој потфат – едукација за холокауст. Најмногу поддршка и едукација можат да добијат од тимот во новоизградениот Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Центарот или на почеток одделението за едукација ќе биде добра база за секој натамошен чекор кој ќе го прават заедно наставниците и учениците.

Несомнено, повеќе од сигурно е дека потребата од едукација за холокаустот им е потребна на учениците, но и на наставниците. Тие треба да се подготват за да можат адекватно да ги организираат и реализираат активностите поврзани со денот на сеќавањето на холкаустот. Треба континуирано да соработуваат со други наставници кои посетуваат обуки и семинари за аспектите на едукација и сеќавање на холокаустот. На тој начин не само што подобро ќе ги реализираат зацртаните содржини со своите ученици, туку ќе можат да соработуваат со локалните власти, невладините организации, медиумите и институциите на општеството од што ќе имаат бенефит сите. Едукацијата за холокаустот ќе биде поттик за нови проекти кои ќе го збогатат образовниот профил на сите учесници во образованието. За неколку години ќе има мал број на преживеани сведоци кои лично ќе можат да ги раскажат стравотиите од времето на хитлеровското малоумие. Кога и последниот преживеан ќе го предаде своето мемориско наследство, наставниците и учениците ќе бидат мост на сеќавање за идните генерации, за да се сочуваат поуките од холокаустот, за да не се повтори. Она што според наставната програма за основно образование се изучува на тема холокауст е сиромашно, а на наставниците им е потребна доедукација. Сето тоа ќе можат да го најдат во едукативниот центар на Музејот на холокауст во Скопје.

Мисијата на музејот е да пренесува знаења и искуства, да комуницира, а сето тоа да биде двосмерно. Тоа значи публиката, посетителите учат од музејот, но и тој од нив, препознавајќи ги нивните потреби. Па така будењето на свеста, сензибилизирањето на јавноста, едукацијата и самообразувањето со алтернативните облици на учење, се основните задачи на музејот воопшто. Тоа придонесува за подобар квалитет на живеењето на целокупната заедница , што е базична задача на општеството. Затоа за да биде успешен еден музеј, не се битни бројките на посетители , туку колку еден музеј активно учествува во креирањето на јавната свест, во колкава мера е покренувач на нови идеи, иницијативи и

активности. Музејот според зборовите на Hodge D'Souz [44] е една гранка на масс медиумите. Во чекор со развојот на комуникациските технологии се поголемо тежиште има примената на новите методологии на работа, што уверува дека „ музејската пракса се менува од собирање на комуникација.“[45]

Модерните и современи текови на музејското работење ќе ги следи и Музејот на холокауст на евреите од Македонија, имајќи ја својата мисија како водилка во организирањето и реализирањето на проектните активности. Овој меморијален музеј ќе остварува долготрајна мисија во презентирањата, едуцирањата и истражувањата поврзани со мултиетничките општества за елиминирање на опсностите од секаков вид нетрпеливост, шовинизам, антисемитизам, во име на градење општество во кое етничката и верската разноликост, се цивилизациско богатство и основа за развој.[46]

За да може научноистражувачката дејност успешно да се одвива, потребно е да се располага со соодветни ресурси, во кои покрај другото спаѓа и научно истражувачкиот кадар, истражувачката инфраструктура, опремата просторот, информациониот систем, комуникациите со исти или со слични институции и сл.[47] Што се однесува пак до менаџмент процесот и до неговото практикување во научноитражувачката дејност, заклучокот би бил дека тоа е неминовност во услови на пазарна економија. Приспособувањето на условите на пазрот, за научноистражувачките институции и за поединците не значи ништо друго освен воведување квалитетен менаџмент, како услов за успешно работење и за остварување на целите поставени пред нив.[48]

---

[44] Informatica Museologica, Muzejski dokumentaciski centar, Zagreb 1997,str.11

[45] Исто како 44

[46] Брошура , Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија

[47] Гоцевски, Т. (2003), Образовен менаџмент, Скопје: Киро Дандаро – Битола,стр.221

[48] Гоцевски, Т. (2003), Образовен менаџмент, Скопје: Киро Дандаро – Битола,стр.222

Гледајќи го сето ова низ призмата на музејското работење, вклучувајќи го и музејското образование, можам слободно да кажам дека остварувањето на едукативната улога на музејот е продолжена рака на воспитно –образовниот процес во училиштата, помага во стекнувањето знаења, воспитува и насочува како да се чува мирот, да се осознава вистината и вредностите кои водат до демократија. Преку своите проекти музејот мора да го држи современиот тренд на работење и едуцирање. Тоа значи проектите треба да водат кон прогесивно учење кое почива на тврдењето „ учиме додека сме вклучени и додека во тоа уживаме.“[49] Ефикасноста на музејската едукација ја овозможуваат неколку фактори:

- Работа во помали групи (најмногу 15)
- Формирање целни групи (според возраст, знаење, интересирање)
- Користење на „face to face“ комуникација
- Работење со предмети кои ќе можат да ги допираат, да работат со нив
- Реализација на активности во работилници
- Користење современи технологии за работа[50]

Тоа значи добрата подготовка и стручната обработка на едукативните програми, е нужна етапа во музејската едукација која ќе придонесе за севкупната квалитетна работа на музејот. Ваквата поставеност на музејот дава добра основа и за ефикасно менаџирање. А пак, целиот процес на менаџмент кој се состои од планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање води до успешна научно истражувачка работа, без што не може да функционира ниеден научноистражувачки проект.

Користејќи ги искуствата од поголемите музеи каде се обработува холокаустот, нашиот Меморијален центар има големи шанси да стане центар за едукација на наставници од целиот Балкан. Двата музеја кои се анализирани во овој труд даваат слика на доба организација на сите извори на информации, квалитетна подлога за одржување час посветен на холокаустот, модерни методи за работа со учениците и богат фонд на

---

[49] Зборник радова, 1 Скуп музејских педагога Хрватске, Хрватско музејско друштво, Секција за музејску педагогију, Пула 14-16 липањ 2001, стр131

[50] Исто како 49

едукативни материјали кои можат да се коиристат и он – лајн. Секој музеј на холокаустот има свои специфики, но еврејскиот музеј во Берлин е современ музеј кој го обработува животот на Евреите во Германија и пошироко во Европа на начин кој не осудува, обвинува ниту некого напаѓа за геноцидот на Евреите. Неговата мисија е да ја шири улогата и значењето на Евреите и нивниот огромен придонес во развојот на секој сегмент од германското општество во периодот пред Втората Светска војна. Преку приказни фотографии, игри, филмови и разни други начини ја докажува големината на народот кој исчезна. За разлика од овој музеј, Меморијалниот центар Јад Вашем или конкретно Меѓународната школа во овој центар, која е и предмет на анализа, носи друга порака и има понаква цел. Мешународната школа ја нуди лекцијата за кревкоста на мирот и слободата, потребата за претпазливост во чувањето на демократските вредности. Со единствена моќ и автентичност, школото преку обуките на наставниците од целиот свет, дава насоки како нај безболно и нај лесно да се запознаат децата со холокаустот, а во истовреме да научат за опасностите од неконтролираната омраза и потребата да се спречи геноцидот. И во давата музеја се пренесува пораката за негување на чуството за чување на моралната одговорност кај сите граѓани, за да можат по лесно да одговорат на предизвиците со кои се соочува светот денес. Во овие музеи учениците можат да се соочат со минатото и преку него да ја разберат сегашноста. Таму ќе научат дека луѓето поседуваат моќ за контрола на своето однесување. Ќе научат колку е важно да прават избор. Во овие музеи ќе научат за граѓанските права на една група и што значи укинувањето на истите за целата заедница. Со учењето за холокаустот во овие музеи, учениците ќе ја разберат комплексната врска помеѓу индивидуалниот и универзалниот идентитет.

Преку анализата на овие две музејски „училишта“, целта е да се даде јасна слика за тоа колку и како може да се учи во музеј, ако се има во предвид дека токму оваа установа треба да биде збир од повеќе различни медиуми. Музејот со својот едукативен центар треба да биде лабораторија и ателје, театар и кино, библиотека и концертна сала, игротека и училиште, а притоа да не ја изгуби својата базична функција – место на кое се учи за минатото, се анализира сегашноста и се размислува за иднината.

Новиот Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија е иден носител на прогресивната вон наставна едукација. Научената лекција може да се утврди , надополни или може да започне токму во центарот за едукација во Музејот на холокауст во Скопје кој како четврти по обем на содржини во светото ќе нуди богат материјал за истражување и усвојување нови знаења. Со оваа врска ќе се унапреди културолошкото, традиционалното и историското наследство на Евреите во РМ, а со повеќе едукација ќе се исполни и мисијата за активна меморија за деструктивноста на човечкото поведение и бесмисленоста на фашистичките идеи преку одржување на имотниот завет на невините жртви како влог за похумано општество.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Akentijević, B. (1971). *Vaspitna uloga muzeja,* Bilten zajednice muzeja Srbije. br.1.
2. Bauer, A. (1985). *Mjesto muzejskog pedagoga u strukturi organizacije muzejskog kadra*, Spona 27-28. Novi Sad: Drustvo muzejskih radnika Vojvodine.
3. Belušić, A. (2002). *Komunikacija i edukativna uloga Hrvatskog povjesnog muzeja*, Zbornik radova, Zagreb: Hrvatsko muzejsko društvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju.
4. *Casopis Informatica Museologica*, (1997), Muzejski dokumentaciski centar, Zagreb : Kershffset
5. Etinger,S.(1996). *Istorija jevrejskog naroda*,Beograd: Ginko
6. Meir, G. (1987). Moj Izrael, Zagreb: ITRO„NAPRIJED„
7. Shobajic. M, V. (1986). Jevrejstvo I Izrael, Skopje: Samoupravna praktika
8. Studia Judaico – Croatia1(1996), *Antisemitizam-Holokaust- Antifashizam*, Zidovska opcina Zagreb
9. Weinberg,J. and Elieli,P. (1995), *The Holocaust Myseym in Washington*, Washington
10. Zbornik radova,(2002), *1Skup muzejskih pedagoga Hrvatske s medzunarodnim sudjelovanjem Pula 2001*, Zagreb: Hrvatsko muzejsko drustvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju
11. Zbornik radova,(2004), *2 Skup muzejskih pedagoga Hrvatske s medzunarodnim sudjelovanjem Zadar 2002*, Zagreb: Hrvatsko muzejsko drustvo, Sekcija za muzejsku pedagogiju
12. Zidovska opcina Zagreb, (2006), *Holokaust,ljudska prava I obrazovanje*, Zageb: Offiset NPGTO
13. Znidar, V. (1972). *Zadaci i oblici suradnje muzeja i škola,* Muzeologija 15. Zagreb: Muzejski dokumentacioni centar.
14. Алабашовска – Дамовска,Л. (1995), Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи, Скопје: Догер
15. Албохер, Ш. (2010), *Евреите од Монастир- Македонија*, Скопје : Графостил

16. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието* - Битола: Киро Дандаро
17. Ангелоска-Галевска, Н. (2008), *Планирање на научното истражување* , Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет
18. Асса, А.(1992), *Македонија и еврејскиот народ*, Скопје: Македонска ревија
19. Бенбаса,Е. и Родриг,А. (2011), *Историја на Сефардските Евреи, од Толедо до Солун,* Скопје: Слово
20. Беренбаум, М. (2012), *Евреите во Македонија за време на Втората Светска војна*, Скопје: Дата Понс
21. Брошура, Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија; *Меморијален центар на холокауст на Евреите од Македонија*, Скопје: Скенпоинт
22. Брошура, (2003), *ПО ТРАГИТЕ НА ФЕНИКСОТ*, Скопје: Музеј на град Скопје
23. Вистрих, С.Р. (2012), *Антисемитизам – најстарија мржња*, Београд : Завод за убенике
24. Гоцевски, Т. (2003), Образовен менаџмент, Скопје: Киро Дандаро – Битола
25. Група автори, (1995) ,*Сефардски одгласи – студии и сеќавања за Евреите во Македонија,* Скопје: НИП/ Ѓурѓа
26. Група автори, (2011), *Македонска хроника – приказната за Сефардските Евреи на Балканот,* Скопје: Дата Понс
27. Гутман, Ј. и Шацкер, Х. (2010), *Холокауст и његово значење*, Београд: Завод за уџбенике
28. Еврејска заедница на македонија,(2004), *Фениксот го победи огнот*, Скопје: Скенпоинт
29. Закон за Бирото за развој на образованието (сл.весник на РМ бр. 142/2008)
30. Закон за Бирото за развој на образованието (сл.весник на РМ бр. 37/2006)
31. Закон за Бирото за развој на образованието (сл.весник на РМ бр.148/2009)
32. Закон за основно образование (сл.весник на РМ бр.103/2008)
33. Закон за учебници за основното и средно образование (сл.весник на РМ бр. 98/2008)
34. Зборник на трудови и сеќавања (1999), *Штипските Евреи*, Скопје: Дата Понс
35. Јанев, В. (2006), *Евреите во Македонија 15 – 17 век*, Скопје: Бигосс

36. Јевреји о холокаусту, (2001), Ми смо преживели, Београд: Јеврејски историски музеј

37. Јевреји о холокаусту,(2001), *Ми смо преживели*, Београд: Јеврејски историски музеј

38. Каталог, (2003), *Ехото на македонските Сефарди*, Скопје: Музеј на Македонија

39. Китановски,М. (2002), *Скопските Евреи*, Скопје: Глобус – Китано

40. Коен,Л. (2013), *Ти веруваш – 8 погледи на холокаустот на Балканот*, Скопје: Фонд на холкаустот на Евреите од Македонија

41. Колономос, Ж. и Намичева, Ј. (2005), *Искри на македонските Сефарди*, Скопје: Дата понс Димовски - Цолев, Ѓ. (1993), *Битолските Евреи*, Битола: Друштво за наука и уметност – Битола

42. Колономос,Ж. И Весковиќ - Вангели,В. (1986), *Евреите во Македонија во Втората Светска војна 1941-1945*, Скопје: Гоце Делчев

43. Колономос,Ж. и Намичева,Ј. (2005), Искри на македонските сефарди, Скопје:Еврејска заедница во РМ

44. Константинов, Д . (1988). *Музеологија.* Скопје: Просветно дело

45. Лебл,Ж. (1990), Плима и слом, Горњи Милановац: Дечје новине

46. Маказлиева, Е.(1995), Дидактички компоненти на учебникот, Скопје: Просветно дело

47. Матковски, А. (1983), *Историја на Евреите во Македонија*, Скопје : Македонска ревија

48. Миљковиќ.С, Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативна дејност во музеите во РМ, Магистерски труд,Скопје 2012

49. Миовска – Спасева, С.(2005), *Прагматистичка педагогија и основното образование,* Скопје: Селектор

50. Нацева,Б. (2007), *Програма за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието*, Скопје: Биро за развој на образованието

51. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 - 20015), Министерство за образование и наука

52. Павловски, Ј.(2003), *Погром меѓу македонските Евреи*, Скопје: Ми-Ан

53. *Правила скопјанске црквено- школске Јеврејске општине*, (1921), Скопје : Прва српска штампарија Вардар
54. Ристевска, С. (2004), Прирачник за родители на ученици од основното образование, Скопје : Биро за развој на образованието
55. Русо, Б.(2007), *Траги на незабороавот*, Скопје: Академски печат
56. Садикарио, С. (2006), *Столбови на мудроста*, Скопје: АС Принт
57. Садикарио,С. и Бабановски, И. (2008), *Портрети на злосторниците Јасеновац-Балкански Аушвиц*, Скопје: Академски печат
58. Садикарио,С. и Николов,В. (1998), *Антисемитизам*, Кочани: Младост
59. Тодорова,Љ.(1996), Современост и традиција од културата и историјата на сефардските Евреи во Македонија, Јубилеен годишен зборник на филолошкиот факултет во Скопје, книга22, Скопје
60. Шумковски, М. (2011), *Евреите во Македонија низ вековите*, Скопје : Еврејска заедница во РМ
61. Шумковски,М.(2005), *Одгласи во времето*, Скопје : Медиана
62. http://www.unesco.org/new/en/education/
63. http://archivio.pubblica.istruzione.it/shoah-itfitalia/.../stoccolma_en.pdf
64. htpp:// www.coe.int
65. http://www.un.org/en/holocaustremembrance/
    http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumentimon/zakoni
66. http://dnevnik.com.mk
67. http://novamakedonija.com.mk
68. http://google.com.mk
69. http://getty.edu/gettygames
70. http://cendo.hr
71. http://www.yadvashem.org
72. http://www.osce.org/odihr
73. http://www.coe.int/TE/Cultural_Co-operation/education/Teaching_RemembraNce
74. http://www.topographie.de
75. http://www.memorial-museums.net
76. http://www.auschwitz.org.pl

77. http://www.holocaustmemorialday.gov.uk
78. http://www.het.org.uk
79. http://www.wiesenthal.com
80. http://www.vhf.org
81. http://www.ushmm.org
82. htpp://www.annefrank.org
83. htpp://www.tu-berlin.de/~zfa
84. htpp://www.holocausttaskforce.org
85. htpp://www.un.org/holocaustremembrance
86. htpp://www. ushmm.org/conscience/history

## Прилози

*Протокол за полуструктуирано интервју* ( наменето за наставниците )

Дата ____________________________________________________
Соговорник____________________________________________________

Прашања:

1. Дали одржувате час посветен на холокаустот?

2. Потребно ли е воведување на ваков час во наставната програма?

3. Имате ли потреба од дополнителни обуки, литература,специјална подготовка за одржување на ваков час и зошто?

4. Сметате ли дека реализацијата на ваков час ќе биде подобра доколку со учениците посетите некое автентично место, споменик,музеј или еврејска заедница каде може учениците полесно да ги восприемат податоците и фактите врзани со холокаустот?

5. Доколку постои можност да посетите музеј на холокаустот какви се вашите очекувања во поглед на едукацискиот дел за оваа проблематика?

6. Сметате ли дека со постоењето на едукативен центар во рамките на Музејот на холкаустот кој се гради во Скопје ќе им се погне на младите подобро да ги надминат предрасудите за антисемитизмот, ксенофобијата,стереоптипите и сите облици на омраза?

7. Дали со едукацијата за холокаустот може да се поттикне критичкото мислење и интелектуалната љубопитност кај учениците?